УНИВЕРЗИТЕТ “СБ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

**МААГИСТЕРСКИ ТРУД**

# *ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАКАНА ВРЗ АВТОРИТАРНОСТА И СОЦИЈАЛНАТА ДОМИНАЦИЈА*

**Ментор**

Проф. д-р Јаков Лазароски

**Кандидат**

Елеонора Серафимовска

**Скопје, 2006**

## Содржина

***Вовед*** 3

**I.ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**НАСТАНУВАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА АВТОРИТАРНОСТ** 8
- Концептот на *авторитарен карактер* на Erih Fromm 9
- Емпириски докази за постоење на *авторитарна личност* 16
    - Дилеми и критики 19

**КОНЦЕПТОТ НА АВТОРИТАРНОСТ НА ALTEMEYER** 27
- Дефинирање на поимот авторитарност 28
    - Авторитарна субмисивност 29
    - Авторитарна агресија 31
    - Конвенционализам 32
- Скала за мерење на десно-ориентирана авторитарност 33
- Теорија на социјално учење 35

**ПЕРЦИПИРАНА ЗАКАНА И АВТОРИТАРНОСТ** 40
- Релација закана-авторитарност 41
- Истражување на релацијата перципирана закана - авторитарност 46

**ИСТРАЖУВАЊЕ НА АВТОРИТАРНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА** 53

**ОРИЕНТАЦИЈА КОН СОЦИЈАЛНА ДОМИНАЦИЈА** 60
- Дефинирање на поимот **ориентација кон социјална доминација** 61
- Споредба меѓу авторитарноста и социјалната доминација 66

**ТЕОРЕТСКИ МОДЕЛ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАКАНА ВРЗ АВТОРИТАРНОСТА И ОРИЕНТАЦИЈАТА КОН СОЦИЈАЛНА ДОМИНАЦИЈА НА JOHN DUCKITT** 68

## II. ИСТРАЖУВАЊЕ

**ПРОБЛЕМ** 74

**ХИПОТЕЗИ И ВАРИЈАБЛИ** 75

**МЕТОД** 79

- Испитаници 79
- Инструменти и техники и во истражувањето 81
- Постапка 84
- Нацрт на главното истражување 86
- Статистички методи 87

**РЕЗУЛТАТИ** 89

- Тестирање на поединечните хипотези 90
- Тестирање на посебните хипотези 94
- Тестирање на општата хипотеза- Тестирање на Моделот на Duckitt 96

**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ** 105

- Тестирање на поединечните хипотези 105
- Тестирање на посебните хипотези 106
- Тестирање на општата хипотеза- Тестирање на Моделот на Duckitt 109

**ДИСКУСИЈА** 115

**ЗАКЛУЧОЦИ И РЕЗИМЕ** 135

**Литература** 137

**Прилози**

Прилог бр.1 Емпириска валидност на скалата за авторитарност 141
Прилог бр.2 Студии за релациите авторитарност - социјална доминација 147
Прилог бр.3: Хипотетични сценарија 153
Прилог бр.4 Оригиналната *Скала за десно-ориентиранатa авторитарност* и нејзин превод на македонски јазик 158
Прилог бр.5 Оригиналната *Скала за ориентација кон социјална доминација* и нејзин превод на македонски јазик 163
Прилог бр.6 Оригиналната *Скала за верувања во опасен свет* и нејзин превод на македонски јазик 166
Прилог бр.7 Пилот истражување 169
Прилог бр.8 Данканов тест за скалата за верување во опасен свет, DWS 174
Прилог бр.9 Данканов тест за скалата за десно-ориентирана авторитарност 175
Прилог бр.10 Данканов тест за скалата за социјална доминација, SDO 176
Прилог бр.11 Теоретски модел на Duckitt 177
Прилог бр.12 Релијабилноста на скалите во истражувањето 179
Прилог бр.13 Факторска анализа за *Скалата за авторитарност* 180
Прилог бр.14 Слика на моделот на Duckitt 182

## *Вовед*

Поимот *авторитарна личност,* што во литературата изворно го вовел Fromm, станал еден од најчесто наведуваните концепти, со кој се објаснува расчекорот помеѓу општествените барања од една и можностите на поединецот од друга страна. Авторитарноста се сфаќа како губење на индивидуалноста, "сопственоста", оттуѓување од човечките можности. За Fromm авторитарноста е резултат на атомизираните услови на живот во современото граѓанско општество, во кое дошло до распад на традиционалните вредности. Во вакви услови "осамениот" човек бил ослободен од стегите на непосредната контрола на примарната заедница, но вооедно и недоволно оспособен својот човеков потенцијал креативно да го развива и да создава визии на новото време, да ја "освојува слободата за". Таквиот човек, ослободен од стегите на традиционалните врски, но беспомошен било што да направи со слободата, е "благороден" објект за манипулација и станува податна глина во рацете на општеството. Токму таа можност за некритичко прилагодување на постоечкото, му овозможува на "поединецот" воспоставување секундарни врски, наоѓање нов идентитет и чувство на сопствено припаѓање. (според Siber, 1998)

Со авторитарноста се означува синдром на психолошки особини кои ги поседува неслободниот поединец во неслободното општество. (Fromm, 1941) Со него Adorno се обидел да ги објасни антидемократската ориентација, етноцентризмот и конзервативизмот. Авторитарната личност е онаа која бара авторитет во кој би верувала, авторитет кој би и пружил сигурност и извесност, а во исто време тоа е личност подготвена на ист начин да се постави спрема оние, кои од неа зависат, и да инсистира на својот авторитет во хиерархијата. Живеејќи и социјализирајќи се во рамки на авторитарните односи во семејството, религијата, државата, поединецот бара сигурност во таткото, Господ или власта. Во ситуации на општествена криза, несигурност, губење на перспектива, поединецот бара "татко на татковината", "водач", или "Месија".

Токму тој преовладувачки авторитарен карактер е "благородна" почва за разни облици на манипулација, а посебно за **внатрешна - во групата - хомогенизација** и за искажување на **агресија кон надворешните групи**. **Предрасудите** се составен дел на таквиот карактер, а само од **надворешните услови (кризи, закани фрустрации)**, зависи нивното изразување. (Siber, 1998)

Авторитарноста е несомнено еден од поимите за кои мошне често се говори последниве години, најчесто во негативна смисла: како појава која е спротивна на процесите на демократизација и на афирмација на човековите права. Во таа смисла, авторитарноста го оневозможува поединецот во прифаќањето и во практицирањето како на правата и слободите на другите, така и на сопствените. За авторитарната личност е туѓа идејата за демократија, човекови права и слободи, самоиницирачки личен раст и развој, идејата за отвореност кон промени, рамноправност, храброст да се биде различен или поинаков од другите.

Во рамките на официјалната политичка култура авторитарноста е дефинирана како недвојбено негативна вредност, со напор за изнаоѓање механизми за намалување на нејзината распространетост кај граѓаните. Неретко, авторитарноста се третира како своевиден алиби за сите недемократски поведенија, при што речиси е редовно карактеризирана како продукт на поранешните политички системи и односи. Притоа, во конкретното опкружување се забележува отсуството на посериозни истражувања и анализи кои би се занимавале со факторите кои ја предизвикуваат, начините на нејзино јакнење или сузбивање, како и со предвидувањата за нејзиниот развој и општествени последици. Сепак, се негуваат надежите дека со промена на политичкиот контекст, а во име на прогресивниот развој, таа мора да исчезне. Како единственото прашање само да е ***коѓа.***

Република Македонија во својата понова историја бележи сериозни проблеми во речиси сите сфери на човековото живеење. Сведоци сме на економски падови, воени кризи, меѓуетнички конфликти, егзистенционална загрозеност, впрочем се што може да се именува како небезбедно живеење и

несигурна иднина, како и се што зборува во прилог на тоа дека *заканите од надворешниот свет се навистина големи.* Во исто време, често пати се повторува и се стравува од фактот што во современото општествено битисување се губат хуманите принципи и вредности, луѓето се повеќе се *дистанцираат* едни од други, се помалку знаат успешно да комуницираат, договараат, разрешуваат конфликти, па стануваат *агресивни* еден кон друг, продлабочувајќи го јазот меѓу себе и останувајќи неразбрани. Некои чувствуваат потреба дека *нештата треба да се менуваат* и имаат храброст тоа да го прават, некои пак *се плашат од промени,* а, сите пак се разликуваат по размислите за тоа чија е одговорноста за случувањата, кој треба да ја промени сегашноста и колку сметаат дека лично треба да бидат инволвирани во промените. Често имааат потреба од *храбри, одлучни и истрајни водачи* кои ќе го сменат светот и ќе ги доведат работите во ред.

Можеби е предолг периодот потребен да се одговори на прашањето, но сепак прашањето **зошто е тоа така?**- е вистинското прашање.

Многубројните истражувања во областа на политичката психологија на авторитарноста од аспект на нејзините причинители, услови и детерминанти, несомнено покажуваат дека социјалните закани (заканите од надворешниот свет) корелираат со идеолошката авторитарност[1]. Но сепак, прашањата за каузалната дирекција и специфичната поврзаност на заканите со одделни, партикуларни идеолошки ставови, сеуште остануваат неодоговорени. Неодамна John Duckitt (Duckitt, 2003) предложил теоретски модел, во кој социјалната закана има специфицно влијание врз авторитарноста и социјалната доминација[2] со медијаторски ефект на

[1] Од поимот идеологија: помалку или повеќе кохерентен збир на идеи, убедувања, верувања, кој создава основа за преземање акции насочени кон зачувување, модифицирање или промена на одреден социјален поредок. (Политичка култура, 1980)

[2] "Општа ориентација (општи ставови) за интергрупните релации, која рефлектира дали некој преферира релации на еднаквост- наспроти хиерархиски релации, како и мерката (нивото) до која поединецот посакува една подгрупа да доминира во општеството и да биде супериорна во однос на останатите". (Pratto and Sidanius, 1990)

човековиот поглед на свет, (анг. орг. worldview)[3]. Или поинаку, теоретскиот модел сугерира дека заканите од надворешниот свет нема да имаат директен ефект, или влијание, врз идеолошките ставови, туку ефектот ќе биде под медијаторство, потсредство на човековите верувања дека живее во опасен свет. Последователно, не би било доволно само да постојат заканите од надворешниот свет за да би се потхранувале авторитарните ставови и однесувања кај поединецот, туку ќе биде потребно и тој да го перцепира и доживува своето опкружување како закана за себе.

Моделот веќе е експериментално тестиран со примерок студенти кои одговарале на едно од трите хипотетични сценарија кои го опишуваат Нов Зеланд како *сигурен*, Нов Зеланд како *заканувачки*, или суштински *недопрен*, каков што бил впрочем во времето кога било спроведено сценариото. Резултатите од истражувањето говорат дека: и двете варијабли, заканата и сигурноста влијаеле на човековиот поглед на свет, но, само заканата влијаела врз авторитарноста, со различни ефекти врз двете одвоени субдимензии (димензија на конзервативни ставови и димензија на авторитарни ставови за социјална контрола). Тој забележан ефект на заканата врз авторитарноста не бил директен, туку преку погледот на свет (во истражувањето- човековото верување дека светот околу него е опасен). Се покажал само мал ефект на заканата врз социјалната доминација, која пак била целосно модерирана, посредувана од авторитарноста. Накратко, добиените податоци го поддржуваат теоретскиот модел на Duckitt за тоа дека *социјалните, контекстуални фактори причински го определуваат човековиот поглед на свет, а последователно и неговите идеолошки ставови.*

**Истражувањето кое се планира е обид да се тестира истиот модел во, по многу нешта, специфичните услови во Македонија.**

---

[3] Човековиот поглед на свет е концептуализиран како верувања на индивидуата за природата на социјалниот свет, за тоа какви се другите, какви се очекувањата тие да се однесуваат кон неа, како и начинот на кој тогаш таа би требало да се однесуваат кон нив. Овие верувања се под влијание на индивидуалната социјализација и личноста- што значи дека ќе бидат прилично стабилни со текот на времето. Сепак, тие директно ќе ја одразуваат и социјалната реалност (опкружување) онаква каква што е. (Duckitt, 2003)

# ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## НАСТАНУВАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА АВТОРИТАРНОСТА

*Главните стремежи на модерната европска и американска историја е ослободување на луѓето од политичките, економските и духовните окови кои ги спречувале во нивниот развој. Борбата за слобода ја воделе потчинетите, посакувајќи нови права, против оние кои ги бранеле своите привилегии. И покрај многуте загубени битки, слободата победувала. Многумина во тие битки умирале убедени дека да се умре во борба против теророт е подобро отколку да се живее без слобода. Таквата смрт била крајна потврда на нивната индивидуалност. Се чинело како историјата да докажува дека човекот може да владее со себе, самостојно да одлучува, да мисли и чувствува, токму онака како што смета дека е најцелисходно. Се чинело дека потполното изразување на човековите можности е цел, кон која општествениот развој брзо се приближува. Начелата на економскиот либерализам, политичката демократија, религиската автономија и индивидуализмот во личниот живот го изразувале тежнението за слобода, а со тоа се чинело како да го приближуваат човештвото кон неговото потполно остварување. Врските се кинеле една по една. Човекот ја совладувал надмоќта на природата и станал нејзин господар; ја совладувал доминацијата на црквата и власта на апсолутистичката држава. Се чинело дека укинувањето на надворешната власт не е само нужно, туку и доволно за постигнување на саканата цел:* ***слобода на поединецот****.*

*Многумина сметале дека светската војна е последна борба за слобода, а нејзиниот крај конечна победа на слободата. Но, само по неколку години се појавиле нови системи кои го оспориле се она што луѓето верувале дека е стекнато со вековните борби, бидејќи, суштината на тие нови системи кои успешно загосподариле со општеството и личните човечки животи, била потчинување на сите луѓе, со исклучок на една мала група авторитети врз која тие немале никаква моќ.*

*Во годините кои следеле се покажало дека милиони луѓе во Германија копнееле да се откажат од слободата исто толку, колку што нивните татковци сакале да се борат за неа; наместо желба за слобода барале начин како да ја избегнат. Се покажало дека кризата на демократијата не е проблем својствен само на Италија или Германија, туку проблем кој стои пред секоја модерна држава.*

*"Секој обид да се разбере како фашизмот ги привлекува големите нации, упатува на признавање на улогата на психолошките фактори, бидејќи се работи за политички систем, кој во суштина не се обраќа на рационалните сили на личните интереси, туку, ги побудува и мобилизира мрачните сили во човекот, за кои се верувало дека не постојат, или, барем дека оддамна исчезнале* (Fromm, 1941)."

❖ Концептот за *авторитарен карактер* на Erih Fromm -

Според Fromm ***општествената историја*** на човекот почнала од неговото издигнување од состојба на единство со природата до свесност за себе како ентитет кој се одвоил од околната природа и луѓето. Сепак, таа свест останала многу нејасна во текот на долгите историски периоди. Поединецот и понатаму бил тесно врзан за природата и општествениот свет од кој се издигнал; иако делумно свесен дека е посебно битие, тој чувствувал дека е и дел од светот кој го опкружува. Сé поголемото ослободување на поединецот од првобитните врски, процес кој Fromm го нарекува индивидуација, достигнал, се чини, врв во модерната историја, во периодот помеѓу реформацијата и денешницата.

Во ***животната историја*** на поединецот се наидува на истиот процес. Детето е родено тогаш кога веќе не е соединето со мајката и кога станува биолошки ентитет одвоен од неа. Но, иако ова биолошко одвојување е почеток на поединечното човеково постоење, детето значително време останува функционално соединето со мајката. Тие врски, кои постојат пред процесот на индивидуација да биде завршен со потполно ослободување на поединецот, Fromm ги нарекува примарни врски. Тие се органски во таа смисла што претставуваат дел од нормалниот човеков развој; тие врски подразбираат недостаток на индивидуалност, но, тие му пружаат на поединецот безбедност и му овозможуваат да се снајде. Тие врски го поврзуваат детето со мајката, членот на примитивната заедница со племето и природата, а средновековниот човек со црквата и општествениот сталеж. Штом поединецот ќе достигне до степен на потполна индивидуација и ќе се ослободи од примарните врски, тој се соочува со нова задача: снаоѓање во светот и поинаква остварување на безбедноста од остварувањето на истата во текот на неговото пред-индивидуалистичко постоење. Тогаш слободата има

различно значење од она кое го имала пред да биде достигнат тој степен на еволуција.

Колку повеќе детето расте и колку повеќе се кинат примарните врски толку повеќе тоа трага за слобода и независност. Но, тоа осамостојување, тој процес на индивидуација има два вида, две лица. **Едниот** е кога детето јакне физички, емоционално и ментално. Во секоја од овие сфери растат и интензитетот и активностите. Во исто време тие сфери се повеќе се интегрираат. Се развива организирана структура со која раководи волјата и разумот на поединецот. Ако таа интегрирана и организирана целина ја наречеме *лично јас*, можеме да кажеме дека *една страна на тој се поголем процес на индивидуација е зголемување на силите на личното јас.* Развојот на индивидуацијата и личноста зависи од поединецот, но во суштина, него го одредуваат општествените услови. Иако се чини дека во овој поглед разликите помеѓу поединците се големи, на секое општество му е својствено извесно ниво на индивидуација кое нормалната личност не може да го премине.

**Друг вид**, или подобро речено страна, на тој процес на индивидуација е се *поголемата осаменост.* Примарните врски му пружаат на поединецот безбедност и битно го соединуваат со надворешниот свет. Детето станува свесно дека е осамено, дека е ентитет одвоен од сите други во онаа мерка во која се издигнува од тој свет. Тој свет, честопати полн со закани и опасности, создава чувство на немоќ и неспокојство. Додека човекот е дел од тој свет, несвесен за можностите и одговорностите на подинечните активности, тој не мора да се плаши од него. Но, кога ќе стане *поединец*, тој е сам и се соочува со се што во светот е опасно и надмоќно. Така, кај човекот се јавуваат импулси да се откаже од индивидуалноста и со потполно стопување во надворешниот свет, да го совлада чувството на осаменост и немоќ. Според Fromm (1941), кога ќе ги прекине примарните врски кои му давале безбедност и ќе се соочи со светот надвор од него како со потполно одвоен идентитет, поединецот ќе мора да ја совлада таа неподнослива состојба на немоќ и

издвоеност, а тогаш пред него се отвараат два патишта. По еден пат тој може да стигне до "позитивната слобода"- со светот може спонтано да се поврзе со љубов и работа, со вистинско изразување на своите емоционални, сетилни и интелектуални способности, и на тој начин повторно да се сооедини со човекот, природата и самиот себе, не отстапувајќи при тоа, од независноста и интегритетот на сопственото *јас.* Другиот пат кој пред него се отвара е отстапување, откажување од слободата и обид, осаменоста да се совлада со отстранување на јазот кој настанал помеѓу поединечното *јас* и светот. По тој друг пат поединецот никогаш повеќе нема да се соедини со светот онака како што бил врзан пред да се изгуби како "поединец". Тоа е бегство од една неподнослива ситуација, која, кога би траела, би го оневозможувала живеењето. Тоа бегство ќе го ублажи неподносливото неспокојство; со избегнување на паниката ќе се овозможи живеењето. Па сепак, тоа нема да го реши основниот проблем, а за тоа се плаќа со живот, кој често се состои само од автоматски или принудни активности.

Некои од овие механизми на бегство имаат релативно мало општествено значење и тие се воочливи само кај личности со сериозни ментални или емоционални пореметувања. Сепак, Fromm се задржува само на оние кои се значајни во културен поглед и чие разбирање претставува нужна премиса за психолошка анализа на општествените појави, како што е фашистичкиот систем од една, а модерната демократија од друга страна.

Првиот механизам на бегство од слободата со кој се занимава Fromm е човековото тежнение да се откаже од независноста на своето *поединечно јас* и да се соедини со некој или нешто надвор од себе, како тоа би стекнало сила која му недостасува, или поинаку кажано, да бара нови, "секундарни врски" како замена за примарните, изгубените.

Јасни облици на овој механизам можат да се најдат во стремежите за потчинетост и господарење, или као што подобро можат да се наречат, во оние мазохистички и садистички стремежи, какви што, во различна мера, се јавуваат и кај нормалните и кај неуротичните личности.

Најчести облици во кои мазохистичите стремежи се јавуваат се чувствата на инфериорност, немоќ, поединечна безначајност. Анализата на личностите кои се обземени со овие чувства покажува дека некоја сила во нив самите несвесно ги гони да се чувствуваат инфериорни или безначајни, иако тие свесно посакуваат од тие чувства или желби да се ослободат. Тие луѓе редовно покажуваат дека во значителна мерка зависат од силите надвор од нив, од другите луѓе, институцијата или природата. Тие тежнеат не да потврдат, не да да го направат она што го сакаат, туку да се потчинат на нештата, наводните наредби или надворешните сили. Тие често се потполно неспособни да го доживеат чувството "јас сакам" или "јас сум". Тие животот го чувствуваат како нешто примамливо моќно со што не можат да владеат или да управуваат.

Во истиот тип на карактер редовно, покрај тие мазохистички тежненија, ја ноаѓаме и нивната суштинска спротивност, садистичките тежненија. Нивната сила се менува, тие, помалку или повеќе, се свесни, но сепак, секогаш присутни. Постојат три, повеќе или помалку, тесно испреплетени видови на садистички тежненија. Едно е тежнението другите да се направат зависни и над нив да се стекне апсолутна и неограничена власт, па од нив да се направи орудие, "глина во рацете на грнчарот". Другото тежнение се состои во импулсот со другиот, не само да се гоподари на овој апсолутен начин, туку тој да се користи, од него да се краде, да се "распори", потполно исцеди. Тие желби можат да се однесуваат на материјалните и на нематеријалните својства што едно лица ги поседува. Третиот вид на садистички тежненија е желбата да се предизвикува страдање на другите или да се гледа како тие страдаат. Тоа страдање може да биде физичко, но и ментално. Нејзината цел е другите активно да се повредуваат, да се понижуваат и збунуваат или да се набљудуваат во ситуации кои ги збунуваат и понижуваат.

Според Fromm (1941), и мазохистичките и садистичките стремежи тежнеат да му помогнат на поединецот да го избегне неподносливото чувство на осаменост и бесмошност. Тоа чувство често пати не е свесно, се прикрива

со компензативни чувства на возвишеност и совршенство. Меѓутоа, само ако некој доволно длабоко продре во несвесната динамика на таквата личност, тој- на таквите чувства сигурно ќе наиде. Имено, според Fromm овие две тежнија се исход на една основна потреба која потекнува од човековата неспособност да ја поднесува издвоеноста и слабоста на своето лично јас. Fromm предлага целта, која е во основа и на садизмот и на мазохизмот, да се нарече *симбиоза.* Симбиозата , во оваа психолошка смисла, означува такво соединување на еден поединец со друг (или било која друга моќ надвор од неговото *лично јас*), поради што секој го губи интегритетот на своето *јас* и потполно зависи од другиот. На садистот неговиот предмет му е исто толку потребен како на мазохистот неговиот. Само што тој, наместо да бара безбедност во сопственото уништување, ја стекнува со уништување на некој друг. Во двата случи се губи интегритетот на поединецот. Во првиот случај, *јас исчезнувам во некоја надворешна моќ, се губам.* Во другиот случај *јас се зголемувам со тоа што другото битие го претварам дел од себе, па така ја стекнувам силата која ми недостасува како независно јас.* Неспособноста да се поднесе осаменоста на *поединечното јас* секогаш доведува до нагон за стапување во симбиотски однос со некој друг. Од ова се гледа зошто мазохистичките и садистичките тежненија се измешани едни со други. Иако навидум противречни, тие суштински се наоѓаат во истата основна потреба. Луѓето не се садисти или мазохисти, туку активната и пасивната страна на симбиотскиот комплекс постојано се менуваат, така што најчесто е тешко е да се одреди која негова страна во моментот дејствува. Во двата случаи- **индивидуалноста и слободата се губат.**

Веројатно, садистичките и мазохистичките особини можат да се најдат кај секого. На едниот крај се поединци чии особини потполно ја одредуваат нивната личност, а на другиот крај, оние на кои садо-мазохистичките особини не им се својствени. За садо-мазохистичкиот карактер се зборува само кога ги имаме предвид првите. Терминот карактер се употребува во динамичка смисла, во која Freud зборувал за карактерот. Во таа смисла, тој термин не се однесува на вкупнот збир на обрасци на однесување својствени на една

личност, туку на главните нагони кои го мотивираат однесувањето. Така, иако карактерот на личностите, во кои садо-мазохистичките нагони преовладуваат, може да се опише како садо-мазохистички, таквите личности не се нужно неуротични. Бидејќи терминот садо-мазохизам е здружен, асоциран со идеите за перверзија и неуроза, Fromm преферира за садо-мазохистичкиот карактер да зборува како за "**авторитарен каракер",** посебно кога не е во прашање "невротска", туку "нормална" личност. Оваа терминологија се оправдува со тоа што садо-мазохистичката личност секогаш се одликува со својот став кон авторитетите. Таа го обожува авторитетот и тежнее да му се потчини, но во исто време сака самата да биде авторитет и други да ѝ се потчинуваат. Овој термин Fromm го избира уште од една причина. Фашистичкиот систем себеси се нарекува авторитарен поради главната улога на авторитетот во неговата општествена и политичка структура. Со терминот "авторитарен карактер" Fromm навестува дека таквиот карактер претставува структура на личност која е човекова основа за фашизмот.

Авторитетот не мора да биде конкретна личност или институција која кажува: *ова морате да го направите* или *ова ви се дозволува.* Додека тој вид на авторитет може да се нарекува надворешен авторитет, авторитетот може да се појави и како внатрешен, под името *должност*, *совест* или *супер-его.* Всушност, развојот на модерното мислење, од протестантизмот до Кантовата филозофија, може да се опише како замена на надворешниот авторитет со интернализиран авторитет. Политичките победи кои средната класа ги извојувала во својот подем, помогнале надворешниот авторитет да го изгуби својот углед, а човековата совест да го превземе местото кое некогаш го завземал надворешниот авторитет. Оваа промена на многумина им изгледала како победа на слободата. Потчинувањето на надворешните наредби (барем што се однесува до духот) се чинело недостојно за слободниот човек, но, совладувањето на човековите природни наклонетости и воспоставување на власта на разумот, волјата и совеста, над другите, изгледале како вистинска суштина на слободата. Анализата покажува дека владеењето на совеста е

исто толку строго како и владеењето на надворешните авторитети, дури, често наредбите кои ги издава совеста се построги, посурови од владеењето на надворешните авторитети, бидејќи поединецот наредбите од совеста ги чувствува како свои, па: *како можеме да се буниме против себе?*

Последниве децении "совеста" многу изгубила од своето значење. Се чини дека ниту надворешниот, ниту внатрешниот авторитет не играат никаква истакната улога во животот на поединецот. Секој е "слободен" доколку не се меша во законските барања на другите луѓе. Но, постепено се открива дека авторитетот само се прикрил, но не и дека исчезнал. Наместо јавен авторитет, владе "анонимен" авториет. Тој се "преоблекол" во *здрав разум, наука, психичко здравје, нормалност, јавно мислење.* Тој не бара ништо освен тоа што е само по себе очигледно. Се чини дека тој не користи притисок туку благо убедување. Се чини дека атмосферата на софистицирано сугерирање навистина го определува нашиот општествен живот. Анонимниот авторитет е поделотворен од јавниот авторитет, бидејќи човек никогаш не може да се посомнева дека од него се очекува да постапи спрема некоја наредба и наредбодавец; човек може да се бори против јавниот авторитет и во таа борба можат да се развијат личната независност и морална храброст. "И додека во интернализираниот авторитет, наредбата, иако внатрешна, останува видлива, во анонимниот авторитет невидливи се наредбата и наредбодавецот. Како да нс удира невидлив непријател. На никого и на ништо не можеме да го возвратиме ударот." ( Fromm, 1941)

Авторитарниот карактер ги преферира оние услови кои ја ограничуваат човековата слобода, сака да биде потчинет на судбината. Од неговата општествена положба зависи што "судбината" за него значи. Заедничка црта на целото авторитарно размислување е уверувањето дека животот го одредуваат сили кои се наоѓаат надвор од човековото лично "јас", неговите интереси, неговите желби. Единствената можна среќа лежи во потчинување на тие сили. Човековата немоќ е лајтмотив на мазохистичката филозофија. Еден од идеолошките татковци на нацизмот, Meler van der Bruk, тоа чувство го изразил многу јасно. Тој пишува: "Конзервативецот повеќе

верува во катастрофа, во човековата немоќ да ја избегне, во нејзината нужност и во страшното разочарување на заведениот оптимист". Во Хитлеровото дело се забележуваат повеќе примери на истиот дух. (според Fromm, 1941)

Во авторитарната филозофија не постои поимот еднаквост. За неа светот го сочинуваат луѓе кои поседуваат моќ и оние кои не ја поседуваат, супериорни и инфериорни. Благодарејќи на своите садо-мазохистички стремежи, поединецот доживува само власт или потчинетост, но никогаш солидарност. За него разликите, полови или расни, нужно се знаци за супериорноста или инфериорноста. Тој не може да ја замисли разликата која ја нема оваа конотација.

- Емпириски докази за постоење на *авторитарна личност*

Истражувањата во областа на авторитарноста секогаш се доведуваат во врска со познатата класична студија на Adorno, Brunswick, Levinson и Sanford- "Авторитарна личност". Таа обемна студија е резултат на бројни истражувања започнати 1943 година во областа на односите меѓу структурата на личност и политичкото однесување, или, поконкретно, истражувања во врска со предрасудите кон евреите и драматичните настани во нацистичка Германија.

Споменатите истражувачи тргнале од генералната хипотеза дека секоја акција е резултат на конкретни социјални услови (тоа се т.н. "ситуациски фактори"), но, и соодветна структура на личност, која првенствено ја одредиле како своевидна подготвеност за прифаќање на фашизмот, подложност на антисемитска пропаганда, како и подготвеност за учество во антидемократски социјални движења.

Имено, авторите трнуваат од претпоставката дека антисемитизмот (негативниот однос кон евреите) претставува еден поврзан систем на ставови,

кој, истовремено е поврзан со други синдроми на ставови, пред се, со етноцентризмот- негативен став спрема различни националности и малцинства, како и со конзервативизмот и конзервативните ставови кон различни општествени прашања. Овие три синдроми на ставови се поврзуваат, понатаму, во еден единствен синдром, во антидемократска ориентација. Антидемократската ориентација, бидејќи се сретнува кај поединци припадници на различни нации и разни слоеви, е врзана со одредени карактеристики на личноста. Не е независно од особините на личноста, сметале авторите, какви ставови некој ќе има. Постои на одредени особини на личност заснована спремност за прифаќање на антидемократски ставови.

Сакајќи емпириски да го верификуваат постоењето на такви диспозиции, комбинирајќи ги теориските поставки на психоанализата и техниките на длабинска психологија од една, со методските пристапи на социјалната психологија во мерењето на ставови и општите истражувања на карактеристиките на широката популација од друга страна, тие се обиделе да конструираат одредени **мерни инструменти**, кои, по нивно мислење, ќе ја мерат токму диспозицијата на личноста за прифаќање на фашистичка идеологија, идеологија, која претставува најизразен облик на антидемократска ориентација. Конечниот резултат е добро **познатата F-скала**, која, со мали измени, се употребува и денес и покрај сите забелешки, па дури и негирања. F-скалата не е скала за испитување на фашистички ставови или ставови воопшто, туку инструмент за испитување на одредени особини на личност за кои авторите, врз основа на низа истражувања, сметале дека се карактеристики на оние лица кои покажуваат наклонетост кон фашистичка идеологија и антидемократска ориентација.

Скалата се состои од 38 тврдења и се дели на 8 (осум) потскали со кои се испитуваат особините на авторитарната личност. Тоа се девет такви особини за кои се претпоставува, врз основа на посебни испитувања, дека ја карактеризираат авторитарната личност:

1. **Конвенционализам**- што се манифестира во прифаќањето на вредностите и стандардите на средната класа и нивно ригидно одржување;

2. **Авторитарна субмисивност**- што се манифестира во некритичен став спрема идеализираните авторитети на групата;
3. **Агресивност**-што се изразува во тенденцијата остро да се реагира спрема луѓето кои ги кршат конвенционалните вредности, во залагањата тие да се казнат, презираат и отфрлат;
4. **Антиинтрацептивност**- спротивставување на се што е субјективно и имагинативно, одбивање на интерес за психичкиот живот и сопствените доживувања;
5. **Почитување на власта** и позитивен однос спрема неа- идентификување со оние кои имаат моќ, нагласување на строгоста;
6. **Деструктувност и цинизам**- отфрлање на хуманоста, потценување на хуманите вредности;
7. Често користење на **маханизмот: проекција**- проектирање на сопствените несвесни импулси во надворешниот свет, наклоност да се верува дека во светот се случуваат тајни, опасни работи;
8. **Ригидност во мислењето** и постоење на празноверија и стереотипи- наклоност да се мисли во ригидни категории и верување во мистични прични за судбината на поединецот и,
9. Претеран интерес за **сексуалната настраност**- нејзино остро осудување но, често споменување, значи лажно морализирање.

Не навлегувајќи во проблемот на теориската заснованост на секоја од деветте особини, како и не земајќи го предвид фактот дека подоцнежните комплексни методолошко-статистички анализи не го потврдиле засебното постоење на сите девет особини, факт е таквата разработка на авторитарните особини овозможува соодветен избор на тврдења, кои би требало да ја "покријат" разновидноста на концептот на авторитарноста.

Авторите на споменатата студија сметаат дека нивните испитувања во потполност ја потврдиле нивната хипотеза за корелацијата меѓу одредени видови на личност и антидемократска ориентација. Добиените податоци покажале дека постои позитивна корелација помеѓу резултатите на F-скалата и помеѓу сите скали со кои се испитуваат ставовите на антидемократската

ориентација. Според тоа, заклучиле авторите, оправдано е да се тврди дека *постојат лични диспозиции за антидемократска ориентација*. Личноста со таквите диспозиции се формира, пред се, во услови на одредени, специфични односи на родители-деца. Тргнувајќи од психоанилитичката концепција, авторите го изнесуваат мислењето дека, формирањето на цртите на авторитарност настанува како последица на премногу остриот и ригиден однос на родителите кон своите деца, нивно барање, инсистирање на безусловна дисциплина, нагласување на должностите и обврските, а недоволно изразување на љубовта спрема децата, истакнување на важноста на статусот и присилување за воздржаност од секоја спонтана манифестација. Како последица на барањата во потполност да се потчинат на суровиот родителски авторитет, кај децата се развива непријателски став, но, бидејќи за нив е опасно да го манифестираат, тие тој став го потиснуваат, се идентификуваат со своите авторитативни родители, притоа идеализирајќи ги, а своите непријателски импулси ги проектираат на припадници на некои групи, а тоа по правило се групи со "послаб" општествен статус, пред се малцинствата. Стравот од сопствените непријателски импулси доведува до ригидна организација на личноста, до стереотипно размислување, избегнување интерес за занимавање со сопствените доживувања и моралистички презир на сé што отстапува од конвенционалните вредности. Карактеристиките на авторитарната личност, според тоа, всушност ги одразуваат одбранбените механизми со кои се спречува изразувањето на потиснатото непријателство спрема суровиот авторитарен татко.

- Дилеми и критики

Занемарувајќи огромен број забелешки од теориска, методолошка и интерпретативна природа, факт е дека самиот концепт преживеал критичко преиспитување. Вообичаено, критиката се задржува на три проблеми, кои не го доведуваат во прашање самиот концепт, туку, укажуваат на некои нови можности за анализа.

**Првиот** проблем се однесува на забелешката дека авторите на познатата студија "Авторитарна личност" се исклучиво насочени кон анализа на "наклонетоста кон нацизмот", односно проблематиката на т.н. "десна авторитарност". Така Shils (1954) наведува: "Целиот тим на истражувачи постапил како да постои еднолинеарна скала на политички и социјални ставови на чиј десен екстрем се наоѓаат фашисти... а на другиот крај оние што авторите ги нарекуваат потполни демократи" (според Siber, 1998). Shils понатаму во својата критика наведува основни карактеристики на "авторитарната десница", како што се дадени во оригиналната студија, а истовремено ги наведува и еквивалентните карактеристики на "авторитарната левица".

Ако внимателно се анализираат овие карактеристики, може лесно да се забележи дека особините на "авторитарната десница" главно, со еден или два исклучоци, се дел од психологијата на личност, каде поединецот се посматра во однос на светот кој го опкружува, неговите доживувања и реакции, и каде доминира потчинување "спрема внатре" и мразење "спрема надвор". Меѓутоа, особините на "авторитарната левица" всушност се обиди за анализа на вредностите на едно движење, а не на личносната структура на припадникот на тоа движење. "Ние можеме да се сложиме со мислењето на Shils дека идеологијата на било која политичко-економска содржина може да се изразува на различни начини-"авторитарно или демократски", но тоа само по себе не е и знак на еднаквост помеѓу *левите* и *десните* движења." (Ray, 1976)

**Вториот** проблем се однесува на фактот (кој е присутен и во критиката на "десна авторитарност"), дека е тешко да се истражуваат одредени диспозиции на личноста независно од социјалната содржина. Спред тоа, постојано е присутно прашањето- *дали F-скалата мери авторитарност како диспозиција, особина на личноста, што би значело дека тоа е востановен начин на реагирање назависно од содржината, или, дека тоа се всушност низа на ставови спрема конкретни социјални објекти и односи?.* Најдоследен во својата критика на таквиот пристап на авторитарноста е

Rokeach (1960), кој инсистира на потребата на операционализација на концептот на авторитарност, независно од конкретните содржини и вредности. Тој ги воведува поимите *Отворена* и *затворена свест*, кои понатаму ги сведува на концептот на ***догматичност***. Имено, сперед Rokeach општата авторитарност треба да се сфати како начин на мислење, а не како специфичен систем на уверувања. Тој начин на мислење го нарекува догматизам, чија главна карактеристика е **затворениот систем** на уверувања, затворена свест (анг.ориг.- closed mind), цврсто поврзан систем на уверувања, при што упорно се одбива прифаќање на сé што му противречи на тој систем. *Факт е, меѓутоа, дека* потполно ослободување на концептот на авторитарноста од содржината на секојдневните односи  и вреднувања е можно исклучиво со примена на графички стимулуси, кои се ослободени од секаква вербализацицијa, што пак доведува до подрачјето на гешталт психологијата и нејзините принципи на перцепција. Вистинското прашањето, секако, е дали таквото "соголување" на концептот на авторитарноста би нé задоволило во анализата на комплексните политички појави, во рамки на кои, всушност, и настанал самиот концепт.

Овде секако е нужно да се наведе постоењето на уште еден концепт на личност, што се обидува до одредена мерка да го објасни односот меѓу личноста и идеолошките ориентации, но, од една сосем поинаква теориска позиција- теоријата на учење. Станува збор за концепцијата на Eysenck, која во анализата на факторската структура на политичките ставови, покрај димензијата радикализам-конзервативизам, воочува постоење на уште една, друга димензија, која има подлабоко психолошко значење. На едната страна на димензијата се наоѓаат практични, материјалистички насочени, екстровертни лица, кои комуницираат со околината било врз основа на сила (војник) или манипулација (истражувач). На другата страна се наоѓаат теоретски, идеалистички, интровертни личности, кои кон проблемите пристапуваат или размислувајќи (филозофи) или верувајќи (свештеници). Eysenck тој фактор го опшува како практично-теориска дихотомија и ја применува терминологијата на W. James: "tough-minded" и "tender-minded"

("тврди" и "меки" личности). Во своите исражувања Eysenck многу детално ја разработува таа друга димензија и ѝ дава одредана смисла. Факторската анализа покажала дека таа димазија е потполно независна од димензијата радикализам - конзервативизам. Таа се утврдува во степенот на агресивност, ригидност и наклонетост кон доминација. Но, притоа Eysenck, не се обидува да даде некоја нова типологија; по негово мислење, постои само еден идеолошки фактор во подрачјето на ставовите, а тоа е факторот радикализам - конзервативизам. А другиот фактор (Eysenck го неракува "Т" фактор, според типологијата на James), не е некој друг идеолошки ситем, туку е само "проекција на некои варијабли на личноста на подрачјето на социјалните ставови." Согласно на оваа хипотеза, поединците се распоредени на идеолошкиот континуум зависно од своите социјални ставови; како тие ставови ќе бидат изразени зависи од особините на личноста на поединците. (Според Siber, 1998)

Секако, во овој сегмент на расправа важно е прашањето *од што е детерминирана агресивноста, ригидноста и наклонетоста кон доминација?* Тука Eysenck воведува еден потполно нов хипотетски пристап, за чие вреднување, сепак, недостасуваат резулати од поголем број емпириски истражувања. Неговата основна претпоставка е содржана во поимите "недоволна социјализација" и "претерана социјализација". Имено, процесот на социјализација зависи од два фактори: првиот се однесува на опсегот во кој општеството во облик на родител, учител итн., дејствува на поединецот, а другиот е социјабилноста на самиот поединец, односно брзината со која поединецот ги усвојува, прима влијанијата од општеството. Eysenck наведува некои аргументи дека социјабилноста на поединецот зависи од темпераментот: екстровертните личности многу потешко примаат влијанија од околината, додека, интровертните се лесно подложни на социјализација. На извесен начин Eysenck ги зема предвид веќе порано претпоставените разлики во типот на физиолошкиот систем, кои ги нагласувал уште Павлов во своите класични експерименти со условувањето.

Постојат податоци за постоење на значајни разлики во трањето и интезитетот на систематскиот процес на социјализација на кој се подложни децата од "средната" и "работничката класа". Ако понатаму претпоставиме дека процесот на социјализација е насочен кон менување на начинот на манифестирање и содржините на агресивноста, спротивставување на доминацијата и ригидноста, нема да ни биде тешко, како впрочем и на Eysenck, да заклучиме дека заради недоволната социјализираност, припадниците на потиснатите и маргинализирани групи ги изразуваат токму тие карактеристики. При разбирање на таквите наоди треба да се има предвид дека често се работи за склоп на бихејвиорални норми, кои одредено општество се обидува да ги наметне на своите припадници преку процесот на социјализација. Може да се очекува дека тие облици значително повеќе ќе ги прифаќаат оние поединци кои и онака се носители на тоа општество, бидејќи моралот на тоа општество е првенствено нивен, па дури потоа е морал на останатите социјални групи. Што е поприродно од тоа, социјалните групи кои се спротивставуваат на постоечкото, да искажуваат и поголема агресивност и тежнение кон доминација, не само во доменот на тесно одредените политички ставови, туку и во подрачјето на останатите општествени вредности. (Ray, 1983)

Еден од поновите пристапи на тој проблем претставува концепцијата на B. Altermeyer (1988), кој исклучиво е насочен кон истражување на "десната" авторитарност, сметајќи дека нема емпириски потврди за постоење на т.н "лева" авторитарност, барем не во рамките на современите демократски општества. Според Altemeyr (1988), "десната авторитарност е индивидуален фактор, црта на личноста, која доведува до тоа дека е потребен многу мал општествен притисок за поединецот да се потчини на авторитетот". Според него, "десната авторитарност ја сочинуваат три гроздови на ставови кои се дел од психологијата на поединецот: **авторитарна субмисивност, авторитарна агресивност и конвенционализам**.

Имено, Altemeyer го прочистил, искристализирал конструктот на авторитарност на само 3 (три) од оригиналните 9 (девет) компоненти, кои,

неговите истражувања го докажале тоа, навистина, заедно толку коварираат за да конструираат унитарна личносна димензија (конвенционализам, авторитарна субмисивниост и авторитарна агресивност), која успешно ја мерел со неговата RWA скала- скала на конзервативност-авторитарност: (Right-Wing Authoritarianism Scale).

**Третиот** проблем е поврзан со прашањето: *што всушност е авторитарност*, која е нејзината содржина и што е во основата на нејзиното формирање. Имено, се работи за тоа што самата концепција настанала на претпоставките на индивидуалната психологија во интеракција со социолошката анализа, односно, врз основа на хипотезата дека глобалната општествена трансформација (распадот на традиционалната заедница и настанокот на граѓанското општество) довела до потребата за наоѓање цврсти рамки на просудување и припаѓање, како и општествено прифатливи облици на изразување на натрупаните фрустрации. Самиот концепт истовремено инсистира и на конкретниот поединец, кој повеќе или помалку е авторитарен зависно од својот личен развој, но истовремено и на авторитарноста како особина на глобалното општество, односно на фактот што авторитарните наклоности на конкретниот припадник на општесвото даваат битно обележје на функционирањето на вкупните социјални, во прв ред, политички институции. Тука неминовно се мешаат две нивоа на анализа- индивидулана и агрегатна, така што се поставува прашањето, *дали воопшто е можно еднозначно да се зборува за авторитарноста.*

Прилично еднозначна и интерпретативна поделба дава Greenstein (1975), разликувајќи **его-одбранбена** и **когнитивна авторитарност**.

Според неговото сфаќање, **его-одбранбена авторитарност** е индивидуална диспозициска особина, односно синдром, кој содржи релативно генерализарани реакции на поединецот во функција на одржување на внатрешната (лична) рамнотежа. Таа содржи механизми кои во конфликтни ситуации го штитат поединецот, интегритетот на неговата личност и неговото самопочитување. Всушност, тој вид на авторитарност најчесто се зема предвид во ситуации кога се нагласува поврзаноста на одредени особини

на личност и нејзино учество во политички акции, како и во ситуации кога се манифестираат предрасуди и агресивно однесување кон припадници на одредени малцински групи.

Кај **когнитивната авторитарност** темелна претпоставка е дека некои особини на личноста едноставно се засновани на учење, превземање одредени концепти кои се доминантни во конкретната култура или субкултура, а, при тоа, не се формирани низ комплексни механизми на прилагодување на фрустрирачка ситуација, што беше во основата на его-одбранбената авторитарност.

Однесувањето засновано на когнитивната авторитарност е огледало на актуелените услови во кои поединецот се наоѓа, "бидејќи за подинецот е рационално да биде насочен кон моќ и потчинување на авторитет во одредени социјални околности" (Greenstein, 1975)

Разликувањето на наведените два вида авторитарност овозможува логична интерпретација на резултатите на бројните емпириски истражувања. Така, на пример, "авторитарноста на работничката класа", за која многу се дискутирало во американската литература, се чини дека повеќе има свои корени, пред се, во социјалното учење, отколку што е условена од индивидуалниот процес на созревање.

Можеби највпечатливи податоци за разликување на тие два вида авторитарност дава истражувањето на Pettigrew (1958), кое покажува дека на ниво на "его-одбранбена" авторитарност не постојат разлики помеѓу испитаниците на американскиот север и југ и испитаниците во Јужна Африка, а дека огромните разлики во предрасудите се резултат на когнитивното учење, до кое доаѓа во културите во кои расните предрасуди се доминантни. (според Siber, 1998)

Имено, ваквите истражувања, и сличните на нив, го докажуваат најголемиот "недостаток" на Адорновите заклучоци, поточно она што било најмногу на удар на критиките: неоправдано големото придавање значење на карактеристиките на личност во формирањето на социјалните ставови. Тоа претерано истакнување на улогата на психолошките фактори, иако тие

несомнено имаат значење во формирањето на ставови кон различни општествени прашања, го прават сфаќањето на Adorno и неговите соработници, значително психологостичко.

"Овие дилеми за содржината на авторитарноста експлицитно се присутни и во самата операционализација на т.н. F-скала. Не навлегувајќи во детали на конструкцијата на самиот мерен инструмент, можеби е интересно да се напомене дека и самите автори на познатата студија, се до последен момент, биле во дилема како да го насловат својот труд" - вели Stanford (1973). Имено, тие биле свесни дека во фокусот на нивното истражување е проблематиката на предрасудите, дека она што го мерат е диспозиција за прифаќање на предрасуди, а дека авторитарноста е всушност хипотетска, теориска конструкција, која во рамките на една поширока парадигма, овозможува смислено интерпретирање на емпириските наоди.

## Дали навистина постојат фашисти во демократските општества?

*"Се плашам дека постојат! Дваесет и пет годишната работа во оваа област ми покажува дека потенцијалот за прифаќање на десниот тоталитаризам постои и во држави како Канада и САД. Затоа Десно-ориентираната авторитарност се дефинира повеќе како ориентација отколку као страшен, опасен акт, но сеуште опасен. Расположението на граѓаните може да креира клима на јавно мислење кое промовира тоталитарни движења. Тоа може да ги застраши политичарите, новинарите, религиозните водачи и да ги насочи кон репресија на истите. Може да следи избор на диктатор, како и што се случи во Германија во 1933 година. Може да ги охрабри зовриените, илегални маси на моќ, како и што се случи во Италија во 1922. И, кога еднаш веќе моќта е заграбена, кој би одолеал? Кој ќе ја сака демократијата доволно, за да не се придружи кон оние кои радосно го прославуваат диктаторот? Е ТОА Е ИНДИВИДУАЛНА РАЗЛИКА! "* (Altemeyer, 1988)

❖ Дефинирање на поимот авторитарност

Под “Десна (десно-ориентирана, оригинално- right-wing authoritarianism) авторитарност” Altemeyer[4] подразбира коваријација на три ставски кластери (кластери на ставови) во личноста:

1. **Авторитарна субмисивност**- висок степен на субмисивност, потчинетост на авторитети кои се перципираат како востановени и легитимни во општеството во кое некој живее.
2. **Авторитарна агресија**- општа (генерална) агресивност, насочена кон (против) различни персони, лица, кои се перципирани како лица санкционирани од востановените авторитети.
3. **Конвенционализам-** висок степен на прифаќање на социјалните конвенции кои се перципирани како одобрени и прифатени во општеството и востановените авторитети.

Елаборација на дефиницијата

Altemeyer свесен за потребата за прецизно дефирање на научните конструкти во контекст на нивно полесно тестирање, се обидел да ја елаборира својата дефиниција за *десната авторитарност* на следниот начин: “Под кластери на ставови мислам ориентации, насоки на одговор на еден општ, генерализиран начин на одредени класи на дразби, а тоа се: перцепираниот востановен авторитет, санкционираните цели од истите и социјалните конвенции. Но ориентацијата, спремноста кон одговор, не секогаш и задолжително водат кон одговор, а за жал, сеуште голем број социјални психолози денес очекуваат мерката на ставови високо да корелира со однесувањето, без оглед на ситуацијата во која се случува однесувањето.

[4] Bob Altemeyer, психолог истражувач и професор на Универзитетот во Манитоба, Канада

Десно-ориентиранаата авторитарност е индивидуална варијабла, личносна црта, ако сакате, развиена на премисата дека на некои луѓе им е потребен мал притисок од ситуацијата за да му се покорат на авторитетот и нападнат други луѓе, додека на други им е потребен многу поголем притисок за да го направат истото (Altemeyer, 1996). "

- **Авторитарна субмисивност**

Под субмисивност на перципираните востановени авторитети, Altemeyer подразбира генерално, општо прифаќање на нивните изјави и акции и генерална отвореност кон нивните инструкции, без забележителни побуни. "Авторитарците веруваат дека на вистинскиот авторитет треба да му се верува во голема мера и дека тој заслужува послушност и респект. Тие веруваат дека ова се важни вредности кои децата треба да ги научат, и доколку децата *застрануваат* од овие, родители имаат должност да ги вратат на вистинскиот пат. Авторитарците сметаат дека властите најчесто знаат што е најдобро за сите граѓани, а критикувањето на истите го сметаат за деструктивно, мотивирано од злобни цели и желба намерно да се предизвикуваат проблеми. Авторитарците во голем степен веруваат дека востановените авторитети имаат наследено право да одлучуваат **за** и **наместо** другите луѓе, и тоа го прават *за доброто на граѓаните*. "(Altemeyer, 1996)

Под перципирани востановени авторитети Altemeyer мисли на онис луѓе во општеството кои обично се гледаат како личности со легален и морален авторитет врз однесувањето на другите. Нечии родители (барем во детството), религиозните власти, јавните власти (одредени луѓе во полиција, судство, Влада) и воените старешини, се обично тие кои се "квалификувани" како востановени авторитети во една држава. "Поимот *перципирани* имплицира и некои модификации. Некои екстремисти можат да ги отфрлат нормалните авторитети, кои (според нив) ги издале или изневериле реалните, вистинските, фундаментално востановени авторитети: на пример: волјата на Господ или Уставот. Ваквите екстремисти се авторитарци во контекст на *суперпатриоти* кои се гледаат себеси како чувари и бранители на

традиционалните вредности, но чиј страв и самодоверливост се со толкав интезитет, што можат да доведат до посегнување на насилство, а честопати и да ја преминат линијата на насилство. *Обичните авторитарци* обично стојат блиску до таа линија (во најголем дел од времето), како што прават впрочем и најголемиот број луѓе. Нивниот страв не е сеуште толку голем. *Обичните авторитарци*, за кои всушност и мислам кога пишувам во мојата книга, не се потчинуваат апсолутно, автоматски или слепо на вообичаените авторитети. Како и сите други, тие можат да дојдат во конфликт со правилата, нормите, редот во едно општество и тие нема секогаш да ги прифаќаат правилата, но сепак, тоа ќе го прават почесто од останатите. Слично, властите нема секогаш да бараат ист степен на респект и субмисивност: тие ќе бидат *добри судии, лоша влада, добри свештеници, бедни претседатели.* Авторитарците ќе се потчинат на востановените авторитети кои ги сакаат, но и на оние кои не ги сакаат, многу поспремно од неавторитарците." (Altemeyer, 1996)

Десна и лева авторитарност (оригинално Right-and left-wing authoritarianism)

Кога Altemeyer ја модификувал авторитарноста во *десна*, не мислел задолжително на нешто политички (како либерализам наспроти конзервативизам) или економски (како социјализам наспроти капитализам). Тој користи тој назив пред се во психолошка смисла, на потчинување, субмисија на перципирани авторитети во нечиј живот, најчесто Естаблишментот. "Поддржувачите на Апархеидот во времето пред Мендела во Јужна Африка ќе бидат десни авторитарци, а такви ќе бидат и оние кои ја славеа убиствената воена полиција во Бразил, како и Кинезите кои ги подржуваат масакрите нап лоштадот Tiananment, како и Русите кои сакаат да ја возобноват Комунистичката Партија. Иако ниту Кинезите, ниту Русите не се економски десничари, тие се *психолошки десничари* во нивната поддршка и верување во легитимните авторитети (Altemeyer, 1981, стр 152). "

- **Авторитарна агресија**

Под агресија Altemeyer мисли на намерно (со интенција) предизвикување, нанесување повреда на друг. Повредата може да биде физичка, психолошка (страдање), финансиска загуба, социјална изолација или некоја друга негативна, непријатна состојба која луѓето обично се трудат да ја избегнат. Агресијата е авторитарна кога произлегува од верувањето дека вистинскиот авторитет ја одобрува, или од убеденоста дека таа ќе помогне во зачувувањето на тој авторитет.

"Предиспозицијата за ваква агресија не значи дека авторитарците секогаш кога ќе се појават одредени услови, ќе се однесуваат агресивно. Стравот од одмазда може да ги сопре нив, како што можат правните и социјални прохибиции против агресијата во нашата култура. Тука е она место каде што перцепцијата на авторитетната санкција игра улога. Тоа може да го дезинхибира агресивниот импулс (Altemeyer, 1996)."

Десно-ориентираните авторитарци се предиспонирани да го контролираат однесувањето на другите низ (со) казни. Тие заговараат физички казни во воспитувањето на децата и сурово казнување на криминалците.

Секој може да стане цел на авторитарната агресија, но неконвенционалните личности (вклучувајќи ги социјалните девијанти) и конвенционалните жртви на агресијата (како што се одредени малцински групи), се почесто мета на напад од останатите. "Па така, ние ќе очекуваме десната авторитарност да корелира со етничките и расни предрасуди, бидејќи ваквите предрасуди обезбедуваат конвенционален начин, пат на агресивните импулси. Авторитарците веруваат дека одредени авторитети одобруваат омраза и непријателски чувства кон овие групи и можат да веруваат дека одредени групи се закана за социјалниот ред. На тој начин агресивноста во предрасудите може да биде авторитарна. Но, никако не би смееле да заклучиме дека сите предрасуди се поврзи со десната авторитарност (Altemeyer, 1996)."

Ако социјалните девијанти и одредени малцински групи претставуваат *спремни* цели за авторитарната агресија, други можат да станат и буквално-жртви. Авторитарците почесто од неавторитарците ќе ги напаѓаат дури и конвенционалните личности, доколку востановените авторитети го бараат тоа од нив. Оваа моќ на авторитетните фигури да го насочуваат непријателството речиси кон било која цел, ја зголемува опасноста за насочување на авторитарна агресија кон било која група или поединец во општеството.

- **Конвенционализам**

Под "оддаденост, предаденост на социјалните конвенции", Altemeyer подразбира строго прифаќање и верност на традиционалните социјални норми во некое општество. Авторитарните личности веруваат во "Божјиот закон" и сметаат дека конфликтите меѓу луѓето настануваат токму заради тоа што луѓето го игнорираат тој закон. Во секоја религија, авторитарците тежнеат кон фундаментализам, посакувајќи да ги задржат верувањата, учењата и обредите во нивната традиционална форма и да бидат отпорни на промени на истите. Авторитарците ја отфрлаат идејата за тоа дека луѓето би требало да развијат сопствени идеи, стандарди за тоа што е морално а што не.

Авторитарните ставови кон сексот се под силно влијание на нивните религиозни принципи. Традиционално, сексот надвор од бракот е грешен. Голотијата е грешна. Мислењето за сексот е грешно (во онаа религиозна смисла). Многу сексуални акти, дури и меѓу сопружици, се перверзии. Овие ставови кон сексот имаат своја паралела во конвенционалните ставови кон вистинското, пожелно однесување на мажот и жената. Авторитарците ја одобруваат традиционалната семејна структура во која жената е потчинета на својот маж. Тие сметаат дека жената би требало во голем дел да ја задржи својата традиционална улога во општеството. Тие заговараат пристоен и достоинствен изглед за двата пола, а посебно тоа се бара од жената.

Авторитарците одобруваат и почитување на други социјални норми. Државните симболи, како знаме и химна треба да бидат почитувани. Тие

силно веруваат дека нашите обичаи и нашето национално наследство се нешта кои не прават силни и треба да се стори се- сите да го респектираат тоа. Луѓето треба да настојуваат да се облекуваат и однесуваат пристојно, со почит, или накратко, да се придржуваат кон сите правила, прописи и норми. Моралноста е социјален императив. Авторитарците го одбиваат предлогот за гледање на социјалните норми како на нешто арбитрарно и дека обичаите на една група, можат да бидат исто толку "добри" како и на било која друга група. За нив *поинаквото правење на работите* е погрешно.

Altemeyer го употребува терминот норма во нормативна, а не во дескриптивна смисла. Авторитарниот конвенционализам е десркипција како луѓето би требало да се однесуваат, а не како тие (или најголемиот дел од нив) навистина се однесуваат. Авторитарниот код е конвенционален бидејќи е базиран на долго постоечка традиција и обичаи, а не затоа што опишува како најголемиот број на луѓе се однесуваат денес. "Со ова не мислам дека тие воопшто не се менуваат за целиот свој живот. Сепак нивната предаденост на обичаите ќе ги направи поотпорни на промени во споредба со неавторитарците, а ќе придонесе и за тоа тие да бидат повеќе отворени за изјавите и ставовите на востановените авторитети, отколку на однесувањето на нивните врсници. "(Altemeyer, 1996)

❖ Скала за мерење на десно-ориентирана авторитарност

Altemeyer тргнувајќи од својата дефиниција за десно-ориентираната авторитарност, конструирал скала, наречена RWA (Right-wing authoritarianism Scale) скала. Првичната скала броела 30 ајтеми од ликертов тип, а Altemeyer ја задавал во својот 9-то степен облик.[5]

---

[5] Од +4 со значење дека субјектите потполно се согласуваат со трвдењето во скалата, до -4 што би го значело дека воопшто не се согласуваат со понуденото трвдење. Altemeyer првично започнал со 7-мо степем облик на скалата (од +3 до -3), но тој давал помала релијабилност. Половината од тврдењата се *про* а половина *контра* особината што значи дека обратно се скорираат, па така најнискиот можен скор бил 30, а максимално можниот скор бил 270.

Сите тврдења биле конструирани со намера да мерат до кое ниво некој верува во авторитарната субмисивност, агресивност и конвенционализмот. Најголем број тврдења одговараат или се однесуваат на двете или сите три ориентации. Нивото на интерајтемска корелација, заедно со должината на тестот (бројот на ајтемите) го детерминира Cronbach alpha коефицинетот на внатрешна конзистентност. На популацијата која била ангажирана за конструирање на инструментот (студенти на психологија на прва година на Универзитетот во Manitoba), пресметаниот Cronbach alpha изнесувал од 0,85 до 0,88. [6]

Речиси една деценија се проверувала внатрешната конзистентност на скалата, а сите автори ревносно го известувале Altemeyer за добиените податоци од своите истражувања, најчесто спроведени на студентска популација. "Но, кога почнаа да пристигнуваат резултати од Американски нестудентски примероци бескрајно бев изненаден од резулататите од моите

---

Прво оди објаснувањето или упатство за пополнување. Потоа Altemeyer обично задавал 4 тврдења кои понатаму не се скорирале, а имале за задача да ги воведат испитаниците во темата на истражувањето и начинот на пополнување на прашалникот.

[6] Соопштени Alpha koeficienti до 1989-90 (Кога излегува неговата нова книга- Авторитарен спектар) Во првата кника на Altemeyer се сместени 5 студии за RWA скалата во времето до неговата втора книга, после 7 години.

Zwillenberg (1983) утврдил релијабилност од 0,86 за оригиналната скала на Altemeyer помеѓу 503 студенти од Универзитетот New Haven, Brooklyn College, во дражавата Columbia, Во Државниот Универзитет во Fresno и Универзитетот на California на Santa Cruz.

Johann Schneider (1984) добил alpha од 0.94 со преведена скала на германски студенти.. Duckitt (1992) утврдил alpha од 0,93 помеѓу 212 Јужно Афрички студенти. Heaven (1984) известува за alpha 0,81 помеѓу австралиски студенти и 0,90 помеѓу хетерогени возрасни. Ray(1985) добил alpha од 0.89 помеѓу репрезантативен примерок на возрасни австралијанци (ЕОФ, пп 13-14).

**Следни истражувања на Altemeyer, од 1989**

Во есента 1989 Altemeyer започнал повеќе истражувања на студенти од повеќе различни универзитети во Северна Америка. Во Државниот Универзиет во New York 183 студенти продуцирале alpha од 0,88. На Харвард 172 студенти го забележале рекордниот коефициентот на Cronbach Alpha од 0,93. Alpha пресматана од 0,87 помеќу 200 студенти од Унивезитетот во Pittsburgh и 0,92 помеќу 101 недипломирани студенти во Универзитетот во Houston.

Во пролетта 1989, Андре Каменсхиков го задал сопствениот превод од Алтемејеровата скала на 226 студенти записани на Државниот Московски Универзитет (Русија). Alpha изнесувала 0,81 (Altemeyer and Kamenshikov,1991).

Меѓу предолгата листа на истражувања кои имале за цел да ја пороверуваат интерната конзистентмост на новата скала што се појавила на психолошката сцена, се наоѓаат и истражувањата на Moghaddam and Vuksanovic (1990) на 155 студенти на Унивезитетот McGill во Canada (alpha 0,89); на Peters (1990) со 239 студенти од две учебни години на Универзитетот Waterloo (alpha 0,93), истражувањата на Skitka (1994) на 1317 студенти на Уверзитетот на Јужен Illionois (alpha 0.90), на Wasieleski (1994) на 279 студенти на Унивезитетот Alabama (alpha 0,92), какко и она на Rubienstein (1996) на 708 студенти од Израелскиот Универзиет и на 120 студенти од Палестинскиот Универзитет (alpha 0,88 и алпха 0,84).

колеги од различни Универзитети. Скалата беше развиена на студенти по психологија од прва година на Manitiba Универзиетот. Таа мери социјални ставови, што обично се претпоставува дека се одредени од културното милје на средината и лесно можат да бидат организирани различно, во различни групи дури и во рамките на една култура или субкултура. Сепак, во сите примероци RWA покажуваше висока интерна конзистентност (Altemeyer, 1996)."

За емпириската валидност на скалата за десно-ориентирана авторитраност, RWA види Прилог бр. 1

- Теорија на социјално учење

Во објаснувањето на коваријацијата на авторитарната субмисивност, авторитарната агресија и конвенционализмот, централна точка за Altemeyer е **стравот** што го чувствуваат авторитарците и нивното **верување дека се во право** (оригинално self-righteousness). "Секој може да види зошто авторитарната субмисивност и конвенционализам одат заедно. Обично, востановените авторитети промовираат социјални конвенции, кои всушност ги востановуваат како авторитети. Но, зошто високо авторитарните се спремни во името на авторитетите да се однесуваат агресивно? Наједностаното објаснување е изградено врз основа на Теоријата на социјално учење на Бандура (Altemeyer, 1996)."

Bandura (1973, според Altemeyer, 1998) вели дека агресивното однесување е поттикнато од некои аверзивни стимулуси, но може да биде изведено само ако инхибициите против агресијата можат да бидат надвладеани. Секој може да замисли многу различни болни стимулуси (како вина, гнев, љубомора) и дисинхибитори (како на пример дифузија на одговорноста во групата, дури и состојба на пијанство), и секој од овие може да игра улога во еден или друг акт на авторитарната агресија. "Но, главниот поттикнувч и ослободувач се чини дека се **стравот** и **верувањето во сопствената исправност**. Првиот повеќе како поттикнувач, а вториот како десинхибитор (Altemeyer, 1988, 124-128)."

Високо субмисивните, високо конвенционалните лица имаат инвестирано многу во ситуацијата status quo. “Тие посебно се сензитивни за брановите на побуна и грев кои константно го допираат нивниот остров на респектабилна стабилност, посебно ако се чувствуваат лично ранливи на нападите од дезинтергрирачкото и бесправно општество. Класичен одговор на силен страв е впрочем или борба или бегство (Altemeyer, 1996).”

Субмисивните, конвенционални луѓе посебно тежнеат да веруваат дека токму тие “вистинските момчиња”, се тие што се постојано во право, од Господ “назначени спасители”, бидејќи се гледаат себеси приврзани со востановените морални авторитети во општеството. Тие го претставуваат “Моралното Мнозинство”. Но како, или во кој момент, тие стануваат агресивни? е прашањето што Altemeyer го смета за особено значајно.

Затоа, во текот на 1985 и 1986 година Altemeyer започнува експерименти за да дефинира како може најдобро да се објасни генезата на авторитарната агресија. **Стравот** го мерел со скала за верување во опасен свет (DWS), ликертов тип на мерка. При тоа, го вметнал **верувањето за сопствената исправност** прашувајќи ги испитаниците да го евалуираат некој кој е скориран долу на скалата за десно-ориентирана авторитраност, значИ ниско авторитарна личност. Додека ниско авторитарните ги евалуираат подеднакво и ниските и високо авторитарните личности, високо авторитарните, сличните на себе ги евалуираат како посупериорни. Во овој експеримент во кој учествувале 1500 студенти и 346 родители, *стравот* од застрашувачкиот свет корелирал (од 0,23 до 0,40) со мерките на авторитарна агресија (Ставови кон хомосексуалците, есперименталнии судски процеси и вклучување во локални, граѓански полиции). Верувањето за сопствената исправност пак корелира од 0,26 до 0,55 со сите овие мерки. И што е најважно: комбинацијата на ефектите од стравот и верувањето во сопствената исправност објаснувала најголем дел од варијациите на RWA скалата. “Ниедна друга комбинација не можела да објасни повеќе од варијансата на RWA скоровите од комбинацијата на стравот и верувањето во сопствената исправност (Altemeyer, 1988, 166-186).”

Значи, лутина, љубомора, болка, состојби на пијанство, деиндивидуација и дифузија на одговорност, а да не се споменува најголемиот десинхибитор меѓу нив- осигураност од одмазда- сите овие можат да предизвикаат некои акти од авторитарната агресија. Но стравот е тој што го става прстот на тригерот, а верувањето во сопствената исправност е главниот ослободувач. Имено, според Altemeyer, што всушност и го докажал со претходниот експеримент, за една субмисивна и конвенционална личност да изреагира агресивно, потребно е да чувствува страв, кој понатаму комбиниран со карактеристичното чувство на авторитарците: верувањето дека тие се исправните, кое пак ќе ја ослободи сигурноста во нивние постапки- ќе доведе до ослободување на авторитарните импулси (Altemeyer,1996).

Податоците од вкрстените валидации добиени од Универзитетот во Питсбург и Хјустон во 1990 само го потврдиле заклучокот на Altemeyer: Стравот, произлезен од верувањето дека живеат во опасен свет (DWS) и верувањето во сопствената исправност, ги објаснуваат релациите на одговорите на скалата за десно-ориентирана авторитарност кај авторитараните- со нивните ставови кон хомосексуалците, етноцентризмот, изрекувањето на посурови казни на криминалците и желбата за маргинализирање или отстранување на некои одредени (малцински, девијантни) групи.

Имајќи ги предвид огромниот број истражувања со скалата за десно-ориентирана авторитарност што самиот ги спровел но, и многуте други, за кои ревносно се информирал, а чии резултати неизоставно ги аналаизирал и дискутирал, Altemeyer по првичното дефинирање на цртата на авторитарност, описот, за како што ја нарекува тенденцијата за авторитарно однесување, го дополнил на следниот начин: "Луѓето кои се наоѓаат на горниот дел од скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, тежнеат да бидат посубмисивни на востановените авторитети отколку што се најголемиот број луѓе. Тие ги толерираат, дури и оправдуваат владините злоупотреби на моќта и власта, тие обично се индиферентни на прашања поврзани со човековите

права, а некои дури и отворено зборуваат против демократијата. Тие се залагаат за строги казни на криминалците, но покажуваат двојни стандарди кога криминалните акти ги извршуваат авторитети, или кога жртвите на криминалот се групи кои авторитарците би сакале да ги видат како страдаат. Во истражувачките примероци авторитарците се испитаници со најголем број расни и етнички предрасуди. Непријателски се расположени кон хомосексуалците, а обично се и првите кои би им помогнале на властите во отстрнување, маргинализирање на некои одредени групи на луѓе. Се придржуваат кон конвенционалното однесување, се држат до традиционалните религиозни верување и традиционалните полови улоги. Почесто се конформираат со групниот просек. На *високо* место се на повеќето скали кои мерат конзервативни ставови и тежнеат да ги поддржат или да прифаќаат десно-ориентирани политички партии. Во ситуации, во кои ќе проценат дека постои опасност од надворешниот свет, кој ќе го предизвика стравот од нарушувањето на нивниот посакуван stus quo, верувањето во сопствената исправност ќе ја ослободи сигурноста за агресивно однесување, на кое, се разбира имаат право (Altemeyer, 1996). "

Во својата работа Altemeyer се осврнал и за можноста за лево-ориентираната авторитарност. Слично на десно-ориентираната, и лево-ориентираната теоретски се состои од Субмисивност, Агресивност и Конвенционализам, но, во овој случај, според Altemeyer, агресијата е насочена кон авторитетите, а конформирањето кон "револуционерните норми". Сепак во своите истражувања Altemeyer не нашол поткрепа за постоењето на левоориентираната авторитарност: "Ако сакате жив, што дише и научно сертификуван лево-ориентиран авторитарец, морам да кажам дека не најдов ниеден таков (Altemeyer, 1988)." Altemeyer меѓутоа нашол ндивидуи кои покажуваат карактеристики и на десно и на лево- ориентираните авторитарци, кои ги нарекол Wild-card. Тие во најголем дел го следат востановениот авторитет, но, доколку перцепираат закани за истиот, тие може да поддржуваат и прифаќаат "револуционерни" тактики за да ги вратат редот и стабилноста.

За Altemeyer акумулираната литература за десно-ориентираната авторитарност зборува повеќе **во прилог на личноста** отколку во прилог на ситуацијата. “Тука имаме персонален конструкт кој е поврзан и објаснува многу различни ставови и однесувања во различни краишта на светот.” Altemeyer, како социјален психолог е свесен дека персоналната авторитарност ќе биде во интеракција со ситуациските фактори. “Никој, се надевам, не очекува високо авторитарните секогаш да се покоруваат на авторитетите или дека секогаш ќе бидат непријателски расположени кон сите малцински групи групи во општеството. Но, истражувањата покажуваат дека во многу ситуации, навистина е важно за каква личност станува збор, во случајов- дали покажуваат авторитарни тендеции или не. Во многу ситуации навистина е важно кои и кави сме ние самите (Altemeyer, 1996). “

# ПЕРЦИПИРАНА ЗАКАНА И АВТОРИТАРНОСТ

## Што се случува кога авторитарците ја населуваат Земјата? Симулација на закана и авторитарност

*Во Октомври 1994 годидна Altemeyer ја употребил компјутерската симулација наречена* ***Игра на глобални промени*** *(оригинално Global Change Game) за да спореди како земјата би изгледала и функционирала ако секој во неа (во овој случај во симулацијата) има ниски скорови на скалата за десно-ориентирана авторитраност, насроти тоа како работите би се одвивале ако секој би имал релативно високи скорови на истата скала /кога сите би биле авторитарци/. Играта е софистицарана три часовна симулација за хипотетички загрозената иднина на Земјата. Обично вклучува 50-70 учесници (играчи) кои се распоредни во различни региони на една огромна мапа на светот. Оваа игра била дизајнирана за подигнување на свесноста за зачувување на околината и обично се изведувала во средните училишта ширум Канада. (www.mts.net/~gcg/)*

*Каква иднина продуцирале* ***учесниците со ниски скорови*** *на скалата за десно-ориентирана авторитарност?*

*"Главно мирољубива иднина, иако 400 милиони луѓе умреле од болести и изгладнетост за 40 години (колку што трае играта). Но, голем дел од интер-регионалната кооперација продуцирала обезбедување на храна, здравје и работа речиси за сите на Земјата, на крајот од играта.* ***Учесниците со високи скорови на скалата,*** *од друга страна, предизвикале нуклеарен холокауст, ги убиле сите и ја уништиле планетата. Кога на учесниците им била дадена втора шанса да создадат подобар свет, конвенционалните војни сеуште владееле, а глобалните проблеми на пренаселеност, глад и болести не биле надмината. После 40 години, без да се земе предвид нуклеарната војна во првиот обид, 2.1 билион луѓе умреле, согласно со сложената формула употребена на крајот од секоја симулација, земајќи ги предвид последиците од војните, долготрајната невработеност, неисхранетоста и сиромашната медицинска инфраструктура- а тоа е 5 пати повеќе од симулацијата на* ***учесниците со ниски скорови на скалата за десно-ориентирана авторитарност*** *(Altemeyer, 1996, стр. 130-136)."*

❖ Релација закана-авторитарност

Во една од првите детални студии на авторитарноста, **Fromm** (1941) сегерирал дека несигурноста е главен фактор во развојот на авторитарноста. Соочени со несигурен свет и недостаток на насока, луѓето ќе "избегаат од слободата". Еден од механизмите на бегство е авторитарноста. Во Фромовата анализа оваа несигурност резултира од бескореноста на модерниот свет и консеквенците од капитализмот.

Според Feldman можно е и работата на Adorno и неговите соработници да се интерпретира во термини на закана и несигурност, иако во овој случај изворот на закана е неконзистентната практика во процесот на воспитување и подигање на децата и психодинамските одбранбени механизми. (Feldman and Stenner, 1997). Сепак, јасно е дека Берклиевите истражувачи повеќе биле заинтересирани за социјализацијата и психодинамските процеси, отколку за влијанието на социјалната и економска закана врз авторитарноста.

Поконкретна релација и поврзаност на заканата и авторитарноста е евидентна во работата на **Rokeach** (1960, според Feldman and Stenner, 1997) кој претпоставил дека, анксиозноста, потекнувајќи од надворешната закана е основна причина за догматизмот, а со тоа и на нетолеранцијата. Темата поворно се јавува во работата на **Wilson** кои аргументирал дека "конзервативизмот, дефиниран во истражувањата на начин речиси идентичен на авторитарноста, е одговор на генерализираната анксиозност (страв од недефинираност, нејасност), која потекнува пак и од екстерни и од интрапсисихички причини (Wilson , 1973). "

Значи, постапно се кристализирала една општа тенденција: заканата и анксиозноста имплицираат во развојот на авторитарните карактерни црти,

нетолеранцијата (Wilkinson, 1972, спред Feldman and Stenner, 1997), па дури и масовното насилство и геноцидот (Staub, 1989).

Сепак, иако претпоставката за заканата како клучен момент за авторитарноста била многу позната и раширена, изненадувал малиот број емпириски податоци за поврзаноста помеѓу заканите и авторитарноста.

Rokeach меѓу првите понудил некои индиректни, но поттикнувачки докази за релацијата помеѓу перцепираната закана и појавното ниво на догматизам кај религиозните групи. Но, најконкретен напор да се тестира оваа претпоставка е забележана во работата на Sales (1972, 1973 според Feldman and Stenner, 1997). Во своите анлизи за ипитување на врската меѓу заканите од средината и авторитарноста, тој употребувал агрегатни податоци, па така, во една своја студија пронашол разни **архивски индикатори** за авторитарноста, кои биле повисоки во периодите на општествен стрес (Ерата на Депресијата во 30-тите и доцните 60ти). Имено, тој нашол дека многу индикатори на авторитарноста, како големината на полицискиот буџет, темите на моќ застапени во литературата, затворските казни за сексуални насилства- биле многу повисоки во *периодите на социјална закана* во споредба со истите индикатори во години (временски периоди), кога заканите од надворешната средина биле помали.

Подоцна следи "поместување" од агрегатни мерки на авторитарноста кон ефекти на заканата на индивидулано ниво. Sales соопштува за два свои експрименти, во кои субјектите биле индуцирани (водени) или *да успеат* или *да не успеат* на тестот на "интелигенција и способност". Иако ефектите не биле многу големи, неуспехот го покачувал, додека успехот го намалувал нивото на авторитарноста (мерен со F-скалата) и степенот на послушност кон фигурите на авторитет (Sales and Friend, 1973) Овој експеримент е специфичен во однос на два важни моменти: прво, што ги испитувал **ефектите од заканите на индивидуално ниво**, и второ, што ги истражувал **личните, а не социјалните закани**.

Во една поскорешна студија водена напоредно во Русија и САД, McFarland, Ageyev и Hinton (1995) ја испитуваат врската помеѓу **економската**

**закана** и авторитарноста. McFarland и неговите соработници конструирале една мерка на ставови, паралелна на онаа што Sales ја употребувал како агрегатна мерка на индикаторите на авторитарноста. Оваа студија го открила поларизирачкиот ефект на економската закана врз авторитарните скорови во американскиот примерок. Високото ниво на закана како да ги "бутка" некои индивидуи се повиско на скалата на авторитарност, додека други како да ги бутка се пониско на истата скала. Овој поларизирачки ефект подетално ќе го дискутира Feldman две години подоцна.

И покрај популарноста на претпоставката закана-авторитарност, студиите на Sales and Friend и на McFarland и соработниците, се чини дека, до појавата на Feldman, биле единствените значајни напори да се тестира ефектот на заканата со податоци на индивидуално ниво. "Така, недостатокот на поддршка за хипотезите на индивидуално ниво го оставаат најголемиот процеп во нашето разбирање за авторитарноста. Со цел да го пополниме значајниот недостаток, ние не само што треба да развиеме соодветен истражувачки дизајн, туку треба одново да ја разгледаме и концептуалиазцијата на авторитарноста, која ќе ни дозволи да ги интерпретираме опсервираните релации (Feldman,1997)."

Хипотезите поставени во најголемиот дел од литературата за авторитарноста биле дека заканата или анксиозноста продуцираат повисоко ниво на авторитарност. Ова е симплифицирана верзија на оригиналниот аргумент на Fromm (Feldman and Stenner, 1997). Важно е, сепак, да се направи разлика помеѓу **долготрајна социјална општествена закана** и **краткотраен заканувачки настан**. Аргументот на Fromm бил базиран на долготрајните структурални фактори вградени во капитализмот и модерното општество, кои можат да ја засилат појавата на авторитарноста.

Од друга страна, студиите на Sales, како и на Petreson, Doty, и Winter (1993) го испитуваат ефектот на повеќе транзиторната закана врз авторитарноста. Но, што значи и како да се објасни податокот дека нивото на авторитарноста (долго предвидувана како личносна карактеристика) се зголемува во услови на краткотрајна закана, а потоа се намалува, кога

заканата ќе се намали или исчезне? Само Sales и Friend (1973) го имале ова предвид кога ги интерпретирале своите резултати, па се обиделе да објаснат дека централната личносна црта, како што е авторитарноста може да се менува како последица на промените во современата реалност. Но, сугестиите на Feldman оделе во друг правец: "Иако постојат теории кои аргументираат дека личносните црти не се фиксни и можат да појавуваат краткотрајни промени, сепак постои друга можност која треба да се разгледа и земе предвид кога се истражува односот закана-авторитарност: Најверојатно дека не е самата авторитарност таа што се зголемува соочена со транзиторната, срединска закана, туку повеќе врската помеѓу авторитарноста и нејзините ставски и бихејвиорални манифестации или консеквенци, како што е нетолеранцијата. Ова имплицира дека типично ***опсервираните последици од авторитарноста резултираат од интеракцијата помеѓу авторитарните предиспозиции и заканата*** (Feldman an Stenner, 1997)**.**"

Оваа хипотеза е конзистентна со студиите спроведени на агрегатно ниво[7]. Бидејќи истражувачите неможеле директно да ги мерат авторитарните персонални црти, промените во однесувањата кои тие ги забележале, повеќе можеле да бидат објаснети како продукт од активацијата на постоечките авторитарни црти, отколку од повишувањето на самите црти. И понатаму, "лист-молив" мерките на авторитарност, сеуште се само индиректни индикатори на неопсервирачкиот конструкт, па така можно е опсервираните повишувања на скоровите на скалата да рефлектираат и значат повишување на манифестациите на авторитарноста соочена со заканата, повеќе отколку актуелни промени во цртата која лежи во основата на тие манифестации. "Познатите мерки на авторитарноста всушност често се однесуваат и зборуваат за **специфични манифестации на цртата**, како предрасуди и нетолеранција, кои повеќе можеме да ги дефинираме како зависни варијабли, отколку како индикатори на независната варијабла: **авторитарна предиспозиција** (Feldman and Stenner, 1997) ."

[7] Студиите на Peterson, Winter, Seles и Doty,1993

Постои студија за ефектите од заканите на индивидуално ниво која обезбедува суштински докази за интеракцијата на авторитарноста и заканата (иако авторите не биле заинтересирани за оваа тема конкретно). Тоа е една од серијата студии дизајнирани да ја тестира позната ТМТ- Терор менаџмент Теорија (Rosenblatt et al., 1989).[8]

За да ја тестираат ТМТ истражувачите употребиле едноставна манипулација за актуелизација на идејата за смртноста. Тие на субјектите им поставиле две отворени прашања: Што мислат дека ќе се случи со нив кога ќе умрат? и Кои емоции кај нив ги предизвикува мислата за нивната сопствена смрт?. Rosenblatt и соработниците (1989) нашле дека актулезирањето на морталноста кај субјектите го повишува нивото на отфрлање на членовите кои не се од нивната група, како и поранешното ниво на казнивост на социјалните девијанти- реакции кои многу често се асоцираат со карактеристиките на авторитарноста.

Студија која, исто така, се чини од големо значење за оваа тема е и студијата на Greenberg и соработниците (1990), во која е мерено нивото на авторитарност според експерименталната манипулација. Зависна варијабла била ставот кон одредена личност, која била конструирана така, за да биде *слична* или *различна* со испитаникот. Анализите ја окриле предвидената интеракција помеѓу актуелизацијата на смртност, авторитарноста и реакциите кон, различната од нив, личност. Високите и ниско авторитарни личности се разликувале во нивните реакции кон, различната од нив цел, само во услови на актуализирана смртност. Така, субјектите во оваа студија, кои биле високо авторитарни и кои истовремено биле соочени со реалноста за својата смрт (јасна, заканувачка ситуација), покажале најголемо одбивање на, различната од нив, *таргет личност*.

---

[8] Оваа теорија предложува поставки дека човечката морталност или смртност продуцира потенцијал за разорен терор од широки рамери. Со цел да се справи со оваа човекова тенденција, општествата развиваат погледи на свет со кои ќе се осветлува смислата на животот, или смислата на значењето на животот. Заканите на овој поглед на свет, во форма на девијација од социјалните норми, мора да бидат елиминирани, посебно кога заканата за морталноста (смртноста) станува јасна и очигледна.

Иако овие автори не биле со намера да го истражуваат односот помеѓу заканата и авторитарноста, нивните соопштени резулати можат да бидат интерпретирани како јасен доказ за видот на асоцијацијата помеѓу овие две појави. Имено, резултатите зборуваат повеќе во прилог на **интеракциските ефекти помеѓу заканата и авторитарноста врз манифестациите на авторитарното однесување,** отколку за директен ефект на заканата врз нивото на авторитарноста.

Понатаму, бидејќи различни видови на потенцијални закани биле дискутирани во литераурата, од закани за само-почитувањето, идентиетот и значењето на животот, до закани за економската сигурност и стабилност на политичкиот свет, истражувачите ја почувствувале потребата за подетално објаснување и разбирање на специфичните видови на закана кои доведуваат до тоа, индивидуите, кои веќе се високо на скалата на авторитарност, да бидат уште понетолерантни и показниви.

Многумина истражувачи на авторитарноста дискутираат и за тоа како би можел да се објасни податокот, и што би значело тоа во контекст на нашето основно разбирање на авторитарноста, дека манифестациите на авторитарноста зависат пред се од присуството на средински закани и несигурност? Адорновиот модел се чини дека не е во состојба да ја интерпретира централната улога на заканата во активацијата на авторитарноста, ниту пак за тое е способна Теоријата на социјално учење која ја протежира Altemeyer. Feldman сугерира дека емпирискиот доказ за централната улога на заканата во активацијата на авторитарноста ќе обезбеди база за целосно различна интерпретација за потеклото и динамиката на самата авторитарност.

- Истражување на релацијата перципирана закана - авторитарност

Во контекст на емпириските докази за релацијата перципирана закана - авторитарност, следат две истражувања во кои се евидентни

напорите на истражувачите во подробности да ја објаснат релацијата закана-авторитарност. Едното истражување е на Feldman и Stenner, спроведено 1997, а другото на Rickert, 1998 година.

- Истражување: Перципирана закана и авторитарност (Feldman and Stenner, 1997)

Feldman и Stenner (1997) дизајнирале интересна студија во која не задавале инструменти или прашалници, туку ги употребиле податоците од националната изборна студија во 1992 година. Всушност направиле избор на тврдењата зададени во студијата согласно со веќе добиените резулатати во областа на авторитарноста и согласно своите ставови дека, кога се работи за заканата треба да се зборува во термини на интеракциско дејствување на заканата и авторитарноста врз манифестациите на авторитарноста. **Интеракциската хипотеза** бара да се прави разлика (многу појасно отколку што тоа обично се прави), помеѓу авторитарните предиспозиции и опсервираните манифестации на авторитарноста, изразени во ставови и мислења. "Еден од главните проблеми на F-Скалата па и на RWA скалата е тоа дека тие вклучуваат тврдења кои често се неверојатно блиски до последиците од авторитарноста, кои ние имаме интерес да ги објасниме." Затоа мерката на авторитарни предиспозиции што Feldman и Stenner ја избираат во својата студија се однесува на описот на вредностите за подигнување, воспитување на деца (послушност, респект кон постари, одговорност). Иако ова не е традицонална мерка на авторитарност, долго време се забележува дека оваа димензија од воспитните вредности е строго поврзана со другите мерки и манифестации на авторитарноста.[9] Feldman и Stenner веруваат дека димензијата на воспитувачки вредности обезбедува одлична, ненесилна мерка на авторитарните предиспозиции. "Всушност, посебно е корисна за нашите цели бидејќи не вклучува прашања кои се

[9] Еден од тврдењата на F- скалата кој преживеал со години и поворно е неизоставен дел дел од RWA скалата е *Послушноста и респектот кон авторитетите се најважните вредности што децата треба да ги научат.*

поклопуваат со предвидените последици на авторитарноста, како што се предрасудите и нетолеранцијата. Последните го сочинуваат пак сетот зависни варијалбли, врз кои сакаме да го испитаме ефектот од интеракцијата на заканата и авторитарноста (Feldman and Stenner, 1997).”

Резултатите од студијата, пред се, ја отфрлиле можната претпоставка за постоење на едноставен модел кој предвидува директна, безусловна врска помеѓу заканата и авторитарноста (поточно манифестациите на истата: нетолеранција и казнивост). Не бил најден ниту еден доказ за оваа предикција.[10] Значи, во “игра” останува интеракцискиот модел, кој бил и основна, појдовна точка во истражувањето на Feldman и Stenner. Потврден бил претпоставениот ефект на заканата меѓу високо авторитарните. Кај нив, повисока перцепција на закана е асоцирана со поетноцентрични ставови и ставови за поголема казнивост. Резултатите јасно покажувале дека само меѓу оние кои се високо  авторитарни, заканата имала ефект. Но, и меѓу оние ниско авторитарните, истражувачите забележале изненадувачки резултат. Тука, како што растела перцепцијата на закана, се забележувале полиберални одговори на зависната варијабла. Имено, меѓу ниско авторитарните, како перцепцијата на заканата расте, така се забележува поголема толерантност и поддршка за помала казнивост. Значи, улогата на заканата била многу покомлексна отколку што се предвидувало. “Високото ниво на перцепираната закана тежнеее да ги поларизира одговорите на оние кои се високо и ниско  авторитарни. Високо авторитарните стануваат показниви и поетноцентрични во услови на закана, додека ниско авторитарните стануваат помалку казниви и помалку етноцентрични во истите услови.  Во услови на мала закана пак, ставовите на оние кои се високо и ниско авторитарни се помалку различни (Feldman and Stenner, 1997). “

[10] Ниедна од корелациите на мерките на закана со авторитарните предиспозиции не била голема, а голем дел биле и негативни. Малата корелација помеѓу заканата и авторитарните предиспозиции (воспитувачките вредности) го појачува главниот заклучок дека заканата нема директен ефект на авторитарните предиспозиции, туку повеќе ја зајакнува поврзаноста помеѓу тие предиспозиции и варietетот на карактеристични авторитарни ставови и однесувања.

Авторите на студијата понатаму сметаат дека, освен што е важен податокот дека **заканата го појачува ефектот на авторитарноста**, можеби уште поважно е тоа дека опсервираните консеквенци на авторитарноста воопшто зависат од **присуството на закана.** Во услови без закана, најдени се мали конекции помеѓу авторитарните предиспозиции и зависните варијабли (или нивните манифестации). Така, **заканата се јавува како критичен елемент за активација на авторитарноста.**

Feldman и Stenner понатаму изнесуваат уште еден резултат, кој го сметаат за критичен во разбирањето на односот закана - авторитарност. Тој се однесува на тоа: на кој вид закана авторитарноста се покажала посензитивна. Имено, резултатите индицирале дека политичките закани, во споредба со економските, се поважни за високо авторитарите. Авторитарните личности, колку поголема идеолошка дистанца забележуваат помеѓу себе и главните политички актери (партии или претседателски кандидати), толку повеќе стануваат нетолерантни, казниви и со поголеми предрасуди. Значи, **авторитарноста е активирана кога постои перцепција дека политичкиот или социјален ред, поредок е пред закана.** Овој податок се чини дека е во спротивност со поголемиот број претходни дискусии за улогата на заканата во авторитарноста, кои се фокусирале пак, пред се, на директната персонална закана. Сугестиите на Feldman и Stenner одат во правец дека можеби Duckitt (кога веќе тоа не го можат Adorno и Altemeyer), со својата дефиниција за авторитарноста би можел подобро да ги објасни резултатите од нивната студија, а посебно оние за поларизирачкиот ефект на високата закана и оние-зошто социјална, а не персонална закана е позначајна во активацијата на авторитарните предиспозиции.

Концептуализацијата за авторитарноста на Duckitt се базира на интензивна **групна идентификација** и резултирачко (последователно) "**тежнение кон кохезија** (Duckitt, 1989 стр.63). " Duckitt аргумнетирал дека групното членство и конформизмот кон групните норми овозможува основа за самопочитување. Колку е поголема, поинтензивна идентификацијата на индивидуата кон нејзината група, толку таа е попредадена и поприврзана за

нејзиниот интегритет и кохезивност, посензитивна на заканите за групата, а последователно и помалку толерантна и показнива кон оние, кои не се конформираат на групните норми.

Според Duckitt (1989), авторитарноста вклучува поголема врзаност кон сопствената група и асоцирано отфрлање на групите кои не се перцепирани како свои. Секоја група може да биде соочена со закана од надворешниот свет. Кога авторитарците ќе почувствуваат закана за нивната група, а бидејќи тие се врзани за неа, нејзините норми и кохезивност повеќе отколку неавторитарците, кај нив ќе има драстично зголемување на врзаноста за сопствената и отфрлање на другите групи, кои не се перцепирани како сопствени. Според Feldman и Stenner, само Duckitt експлицитно ги анализирал двете екстремни точки на континуумот авторитарност (сите останати, другиот крај го гледале како отсуство на авторитарните црти). **Duckitt ја дефинира авторитарноста како индивидуална и групна концепција за односот, релацијата помеѓу групата и нејзините членови**. Појдувајќи од тука, Duckitt е во можност да ги опише екстремните точки на авторитарната димензија: на едниот екстрем би биле верувањата дека личните потреби, настојувања и вредности на членовите на групата треба да бидат подредени колку што е можно и поцелосно на групата и, општо на сите нејзини членови; на другиот екстрем би биле верувањата дека настојувањата за групна кохезија треба да бидат колку што е можно подредени на автономијата или индивидуалните потреби. На тој начин оваа концептуализација ги дефинира "ниските" скорови на авторитарноста во термини на либерална перспектива на релациите индивиуа-група. Затоа, во услови на закана, како што се активираат авторитарните предиспозиции, така се активираат и либералните, па интеракцијата на високата закана со авторитарноста ќе предизвика зголемена манифестација на авторитарни ставови кај високо авторитарните, додека кај ниско авторитарните (либералите) ќе предизвика повишување на либералните ставови. (Duckitt, 1989)

Фокусот на Duckitt е на авторитарноста како феномен поврзан со групата па затоа нормална и очекувана е предикцијата дека **заканата за групниот**

**идентитет, статус, кохезија ќе биде таа што ќе ја активира авторитарноста повеќе отколку заканата за личната благосостојба.**

➢ Истражување: Авторитарност и економска закана: импликации за политичкото однесување (Rickert, 1998)

Оваа студија испитува дали авторитарците кои ќе перцепираат економска закана повеќе од другите авторитарци ќе поддржуваат социјална политика и политички агенди кои ги рестриктираат, или укинуваат бенефициите на некои маргинализирани, непривилегирани групи во општеството. Или поинаку: Дали економската закана и социјалната несигурност ќе ја зголемува авторитарната наклонетост за поддршка на казниви социјално-политички мерки. На примерок од 131 студент им била испитана **авторитарноста** (со F-скалата), степенот на **економска и социјална несигурност**, како и нивните **ставови кон осум политичко- социјални теми**.[11]

Евидентирана е значајна **интеракција меѓу авторитарноста и економската закана**, имплицирајќи дека авторитарните личности, изложени на економски стрес, ќе поддржуваат порестриктивна и показнива социјална политика на општеството, во споредба со неавторитарните или авторитарните кои не перцепирале економска и социјална закана.

Altemeyer (1988) сугерирал дека стравот е круцијален детерминатор во активирањето на авторитарната агресија. Според него, агресијата е

[11] Перцепцијата на економската закана се испитувала преку ставовите на испитаниците за тоа дали нивниот животен стандард и квалитет на живот оди кон нагорна, надолна линија или останува ист (2 ајтеми); а 5 додатни ајтеми го мереле нивото на социјална несигурност преку изјаснување на испитаниците дали криминалот, нееднаквоста во приходите, расните тензии, квалитетот на средината и адекватноста на владините сервиси останале исти се подобриле или влошиле во последните години.
Зависната варијабла, или ставовите за социјално политичките теми се однесувале на скратување или одземање на социјалните бенефиции на непривилегираните, дискириминираните, маргинирализирани групи во едно општество, како што *социјалните осугереници* /аболиција на нивниот надоместок/; *основците и средношколците* /нивно информирање за репродуктивната биологија, сексуално преносливите болести/; *хомосексуалците*/ менување на востановената политика за дискриминација при нивно вработување/; *неосигурениците* /фундирање на нивната здравствената заштита преку такси и даноци; *деца на илегални имигранти* /нивно отпишување од училиштата/; *жени* / превенција за абортус/; *самохрани мајки со повеќе од две деца* /додатни бенефиции/; *лицата што примаат социјална помош* /укинување на надоместокот после две години/.

дезинхибирана кога стравот е придружен со перцепција дека авторитетот може да санкционира казниви акции против некои групи. Тоа се потврдило токму и во оваа студија на Rickert. Во неа, легислатива (законодавство), дизајнирано да може да изрекува посурови казни за луѓето, всушност значи етикетирање на маргинализираните и непривилегираните групи и давање сигнали до останатото население дека, тоа се групи кои заслужуваат страм и непочитување. Тоа пак, согласно Altemeyer, ќе претставува дезинхибитор за авторитарните (и нивната агресија), за да манифестираат поддршка кон се посурова и показнива социјална политика.

Овие резултати се исто така конзистентни со архивските податоци кои ги поврзуваат авторитарноста и заканата. Авторитарноста растела во периодите на економски стрес (Sales an Friend, 1973), а опѓала во преодниот период, кога општеството транзитира од сиромашни во подобри економски услови. Па така “без оглед на единицата на анализа, дали истражувачките резултати се базирани на индивидуални или агрегатни податоци, **авторитарните личности, чувствувајќи закана, стануваат понаклонети, поотворени во манифестирањето агресија кон групи, делигитимизирани од востановениот авторитет во едно општество** (Rickert, 1998) .”

# ИСТРАЖУВАЊА ЗА АВТОРИТАРНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

*"Анализата на диспозицискиот однос кон прашањето за карактерот на власта, надлежностите на Парламентот и гарантирањето на основните човекови и граѓански права и слободи, дава аргументи за изведување на заклучок дека, испитаниците од Македонија покажуваат висок степен на прифаќање на демократските институции и вредности. Но, тоа прифаќање е повеќе формално, рационално. На афективно ниво, избиваат авторитарните диспозиции, коџ посебно доаѓаат до израз во социо-психолошките димензии на диспозицискиот однос (прифаќањето /неприфаќањето) кон демократските институции и, особено кон човековите права ислободи. При објаснување на оваа појава можат да се искористат сознанијата за старата дискрепанца меѓу нормативното и реалното, карактеристична за нашите пртеходни обрасци на општествена продукција и репродукција на човековиот индивидуален и социјален живот. Но, тоа, од друга страна, значи дека и граѓанскиот демократски уставно-политички систем повремено (почесто или поретко) ќе паѓа во формално прекриените бунари на авторитарноста (Трајковски и Поповски (1997)."*

Истражувања на авторитарноста со скалата десно - ориентирана авторитарност не се познати во Македонија. Сепак, постојат студии кои зборуваат за некои аспекти на "авторитарната свест" на граѓаните во Република Македонија, како и за "поврзаноста на авторитарноста со спремноста за прифаќање на демократските процеси." Во оваа насока би се спомenале три студии.

❖ Истражување насловено како *Национална привrзаност и особини на личноста, Ј.Лазароски, Институт за психологија, Филозофски Факултет-Скопје.* Со испитувањето се опфатени 196 студенти од I, II и III година на повеќе институти на Филозофскиот Факултет во Скопје, а е извршено во пролетта, 1992 година.

Авторот на истражувањето претпоставил постоење на поврзаност меѓу формите на национална приврзаност и особините (црти) на личноста: авторитарност, конформизам, ригидност и анксиозност. Во ова истражување авторитарноста е мерена преку 5 (пет) од оригиналните 29 тврдења колку содржи оригиналната F- скала на Adorno (1950). [12]

Истражувањето ја утврдило статистички значајната позитивна корелација меѓу авторитарноста, анксиозноста, конформизмот и ригидноста и исклучителната и истакнатата национална приврзаност (етноцентричка ориентација). Со манифестираните црти доследно не се прифаќа ниту општочовечката приврзаност ниту националната алиенација. Авторитарноста заедно со конформизмот најдоследно корелирала со етноцентричката ориентација.

---

[12] Од скалата се превземени следните пет тврдења: 1.Послушноста и почитувањето на авторитетот се најважни особини кои децата треба да ги научат.; 2.Кога човек има некој проблем или е многу загрижен за нешто, подобро е да не мисли на тоа, туку да се занимава со некои попријатни работи.; 3.Човекот губи почитување спрема оние луѓе со кои станува фамилијарен.; 4.Повеќето наши општествени проблеми би биле решени ако би можеле некако да се ослободиме од неморалните, нечесните и малоумни луѓе.; 5.Повеќето луѓе и не сфаќаат колку нашите животи се во рацете на завери коишто се прават на тајни места.

**Врз основа на анлизата на добиените резултати и утврдените наоди авторот заклучува дека главно е потврдена основната хипотеза дека заедно со повисик степен на изразеност на испитуваните црти на личноста (компоненти на авторитарната структура на личноста) се јавува и поизразена етноцентрична национална приврзаност.**

❖ Проектот Политичка култура на граѓаните во Република Македининја е реализиран во текот на 1998/99 година на репрезентативен примерок за целата Република и во сите изборни единици.[13] Тука авторитарноста била третирана како еден сегмент од политичката култура, со ограничен број на индикатори, кои сепак, според авторите, се мошне илустративни.

- Прв елемент, кој авторите смета дека треба да се разгледа како рамка на појавата на авторитарноста е односот на граѓаните кон категоријата *демократија,* најопшто сфатена, со оглед на тоа што развојот на демократските односи го претставува неопходното милје за редуцирање на авторитарноста. Еден од ставовите кои се индикативни во тој поглед е тврдењето дека *преголемата демократија е штетна.* Со овој став се согласиле 53,5% од испитаниците. *Процентот на позитивни одговори е несомнено висок и укажува на несоодветно прифаќање на оваа вредност дури и на најопшто ниво, што е лоша подлога во смисла на опстојување на авторитарната свест.*

- Масовна позитивна наклонетост се јавува кон *државата,* која вообичено се третира како контра вредност на демократијата. Во оваа насока за тестирање бил понуден ставот *државата е најзначајна вредност,* а со овој став се согласиле дури 87,5% од испитаниците.

- Ставот дека *треба да се слушаат и да се почитуваат политичките лидери* е еден од најчесто употребуваните индикатори за постоење на елементи на авторитарна свест, конкретно во компонентата на субмисивност на поединците. Во ова истражување тој став е прифатен кај 58,4% од испитаницте.

- Чувството и потребата за припадност кон определена група е

---

[13] Автори: Д-р Емилија Симовска, Д-р Наташа Габер и М-р Климе Бабунски

индиректен показател на присуството на елементи на авторитарна свест. *Пред се, заради тоа што своевидното жртвување на индивидуалното за сметка на колективитетот спаѓа во милјето кое во голема мера и погодува на развојот на авторитарноста.* Еден од показателите на оваа појава е содржан во ставот дека *човек мора да припаѓа на некоја политичка партија (организација),* а со ваквото тврдење се согласиле речиси 34%.

- Освен припадноста на испитаниците кон групата, интересен е односот кон *индивидуалниот авторитет,* опредметен во политичкото лидерство. На македонските граѓани очигледно најмногу им одговара *државата да биде водена од еден авторитетен човек,* бидејќи дури 82% од испитаните субјекти изразиле ваква аспирација.

- Еден од најилустративните индикатори на аворитарната свест е *послушноста.* Дека *Послушноста е најважен добродетел* сметаат 63% од испитаниците.

- За димензијата на авторитарноста која се однесува на агресивноста, како потреба за казнување на субјектите кои отстапуваат од редот и дисциплината, кои прекршуваат одредени норми, во истражувањето биле користени неколку ставови во врска со прекршителите на општествените норми и институциите кои се задолжени за чување на редот и санкционирањето. 79% изразиле верување дека *единствен начин да се намали криминалот е тој максимално да се казнува.* А во иста насока оди и ставот дека, дури и *тепањето на затворениците треба да се дозволи.* Овој став го прифатиле 30,5%. Авторите сметаат дека и една третина од испитаниците не се мала и занемарлива бројка, *бидејќи би се очекувало поголем отпор кон постапки кои секаде во светот се осудувани, и за кои кај нас последниве години се води мошне интензивна демократска кампања.* Сосема конзистентно на претходното, индикативни податоци се добиле и кога на испитаницте им се презентирал ставот дека *полицијата мора и да тепа ако треба,* со кој се соглесиле 58,5%.

*"Сумарно гледано, недвојбено е дека во политичката култура на граѓаните од Македонија постојат значителни елементи на авторитарна*

*свест. Компаративно гледано station наназад, тие се дури поприсутни денес, одошто пред четиринаесет години. (Во слично истражување-* ***Идејните движења во Македонија,*** *реализарно од ИСППИ, 1986, вредностите врзани за авторитраноста биле во просек помалку застапени за 10-20%). Ова упатува на заклучок дека со промените на политичките односи не мора да дојде до позитивни промени и во овој сегмент на политичката култура. Демократизацијата навистина придонесува за искоренување на авторитарноста, но од друга страна социјалната и економска криза, зголеменатa несигурност кај граѓаните делуваат стимулативно врз репродукцијата на авторитарната свест. Во прилог на тоа одат и бавните промени во структурата на семејството, образованието, па и медиите, кои се едни од основните носители на процесот на политичката социјализација."* (Симовска, 2001)

❖ Поврзаноста помеѓу економскиот развој на општеството и нивото на демократија (Lipset et al, 1993, според Трајковски и Поповски, 1997) и последователно, образовното ниво и демократскиот развој на популацијата (Биро, 1994, според Трајковски и Поповски, 1997), претставувале база за скорешните теоретски приоди кои ги прокламираат социо-економските, социо-културните и психолошките фактори, како фундамент на демократските процеси. *Понатаму, познатото влијание на авторитарноста и другите психолошки карактеристики на Хомо Постцоммунистицус (*Биро,1995, според Трајковски и Поповски, 1997*) во креирањето тешкотии во процесот на демократизација, го оправдува истражувачкиот напор насочен кон откривање на правилностите во релациите помеѓу социо-психолошките варијабли и спремноста на граѓаните за прифаќање на Правото на законот и демократијата воопшто.*

Од овие причини, т.н КОЛ (оригинал: Knowledge and Opinion about low- Информираност и мислењата за правото) студии станале многу познати, со цел собирање екзактни податоци за тоа колку граѓаните ги познаваат правните регулативи, и колку во секојдневната практика тие се водени од

нив, т. е колку сметат дека тие закони ги штитат нивните сопствени интереси. Денес, тие КОЛ студии се чести во државите со развиена демократија а од поново време се спроведуваат и во повеќе пост-комунистички држави.

Едно такво истражување било реализирано во рамките на меѓународниот проект *Информираноста и мислењата на граѓаните на Македонија и Србија за правото,* април 1997 година. *Теориски и споредбено, истражувањето спаѓа во категоријата на истражувања на диспозициските димензии на демократската транзиција, која пак се состои од убедување на граѓаните дека политичките одлуки и политичките промени, дури и во услови на сериозни политички и економски кризи, би требало да се изведуваат во согласност со параметрите на уставно и правно воспоставените демократски формули.* Оваа димнезија се смета за променлива, а насоките и формите на нејзино профилирање зависат како од особеностите на постоечката, наследена политичка култура, така и од состојбите и процесите во одделните сфери на општественото живеење. Во насока на анализа на постоечката политичка култура на граѓаните, бил испитан и степенот на авторитарноста на граѓаните на РМ и неговата поврзаност со диспозицискиот однос кон новите демократски институции. Во истражувањето биле опфатени 234 случајно избрани испитаници од Македонија и 571 од Србија, од повеќе урбани и рурални населби, од повеќе возрасни категории и различни занимања. Авторитарноста била испитувана со скала составена од единаесет тврдења, превземени од F-скалата на авторитарноста, додека диспозицискиот однос на граѓаните кон новите демократски институции- бил испитуван преку прашањата за нивните мислења во однос на двата најзначајни параметри на демократскиот политичи систем во РМ: парламентарниот карактер на власта и правното гарантирање на основните човекови и граѓански права и слободи.

- Степенот на авторитарноста се покажал како статистички значително поврзан со диспозицискиот однос кон демократските институции воопшто, а во овој случај со мислењата во однос на прашањата за карактерот на власта и за надлежностите на парламентот.

Имено, во однос на карактерот на власта, поголемиот степен на авторитарност значи речиси правопропорционално посилен, проличен и пропретседателски диспозициски однос; И обратно, послабиот степен на авторитарност е поврзан со посилна, пропарламентарна диспозиција во однос на карактерот на власта.

Помалку авторитарните испитаници препочитаат надлежностите на Собранието да останат исти, а повеќе авторитарните се поприемчиви за опцијата "распуштање на Собранието".

Резултатите од истражувањето покажуваат големо игнорирање (отфрлање) на Уставот и законите (правото), посебно оние кои се однесуваат на човековите права. Мнозинството од субјектите од Србија не познавале повеќе од половина од постоечките правни солуции понудени во студијата, додека субјектите од Македонија имале нешто пошироко знаење, но сеуште недоволно. Посебно загрижувачки е податокот дека граѓаните сеуште веруваат дека Уставот ги става правата на државата над индивидуалните права на граѓаните.

Идејата за *национална држава* сеуште доминира над идејата *држава на еднакви граѓани* во двете држави, но нешто поизраено во Македонија.

Ставовите на граѓаните кон демократските инсититуции покажуваат дека во двете држави постои недостаток на доверба во демократијата. Ситуацијата во Србија во овој контекст е позагрижувачка. Степенот на недоверба во Парламентот и барањето на силен водач е на највисоко ниво, спореден со најголемиот број средно-Европски, пост-комунистички држави, а само малку понизок од државите на Советскиот Сојуз. Степенот на доверба во правните институции е исто така ниска.

Ставовите кон човековите права и демократските институции се високо корелирани со нивото на образование, авторитарноста и степенот на знаење за правото. Анализата за заедничката релација на овие варијабли покажува дека најзначајно влијание врз овие ставови има знаењето (познавањето) на законот (правото).

# ОРИЕНТАЦИЈА КОН СОЦИЈАЛНА ДОМИНАЦИЈА

*"Ние обично мислиме дека расизмот, сексизмот, културалниот елитизам и хомофобијата се неповрзани и дискретни феномени. Но, тие сите се дел од ист психолошки и социјален материјал. Имено, поддршката за различните групни идеологии, како расизмот или сексизмот, произлегуваат од многу побазичен нагон за моќ, за валидизација на нечиј сопствен живот и свет, на сметка на нечиј друг. Каде што има расизам, или сексизам или хомофобија сегогаш има струкура:* ***ние*** *наспроти* ***тие.*** *Беше развиена мерка за нагонот што го нарековме* ***ориентација кон социјална доминација*** *(SDO) и најдовме дека оваа мерка е поврзана со имплицитните предрасуди на испитаниците во лабораториските експерименти, со нивните политички ставови и мислења, за нивниот пол, етницитет и сексуална ориентација, како и за нивните социјални улоги (Pratto, Sidanius, Stallwort & Siers (1997)."*

❖ Дефинирање на поимот **ориентација кон социјална доминација**

Ориентацијата кон социјална доминација (оригинално Social Dominance Orientation- SDO) е уште еден опш аспект на социјалните ставови, релевантен за интергрупните релации (Pratto et al, 1994). Според **теоријата на социјална доминација**, индивидуате се разликуваат според нивната желба за хиерархиска интергрупна динамика, пред се настојувајќи нивната (сопствена) група да биде супериорна над другите групи во општеството. Со фокус поставен на правењето разлика меѓу сопствени и други (останати) групи, ваквата идеологија може да ја ограничи способноста на луѓето да ги видат сличностите помеѓу својата и останатите групи, но, и да ги видат разликите, кои постојат во својата група (Altemeyer, 1998).[14]

Со нивниот анти-егалитарен аспект на гледање на работите, луѓето со *висока* ориентација кон социјална доминација, спротивно на тие со *ниска*, тежнеат: а) кон поцврсто држење до идеологиите кои легитимираат нееднаква дистрибуција на социјални вредности (расизам, сексизам, национализам, културен елитизам и политичко-економски конзервативизам); б) кон поголемо согласување за социјално-дискриминаторна политика (смртна казна, воени програми), в) кон несложување со политика која промовира еднаквост; г) да бидат помалку алтруистични и емпатични за потребите на другите групи.

"Вие ќе мислите дека луѓето со висока ориентација кон социјална доминација се оние кои сакаат да *бидат главни* без оглед на се. Но, тое не е задолжително случај. Луѓето со висока ориентација кон социјална доминација мислат дека навистина се подобри и посупериорни од другите и имаат потреба тоа верување да го постават на регуларни основи. Тие веруваат дека перфектно е во ред некој да доминира, и, се чини, немаат проблем со инфериорната положба на луѓето, кои страдаат во улога на потчинети.

[14] Ориентацијата кон социјална доминација е негативно поврзана со атрибуционата комплексност (r=-0,19), сугерирајќи дека луѓето со висока Ориентацијата кон социјална доминација тежнеат да не се обидуваат да ги процесираат информациите за другите повеќе од појавната категоризација.

Луѓето со ниските ориентација кон социјална доминација од друга страна, се многу поегалитарни, поемпатични и помалку сакаат да дефинираат нечии персонални вредности во зависност од нивниот групен статус. Тие мислат дека не постои такво нешто да се биде *надвор од групата*, бидејќи не сметаат дека групното членство има било каква врска со тоа колку некој човек е вреден (Pratto et al, 1994)."

Ориентацијата кон социјална доминација се покажала како нешто што ги надминува културните граници "Потребата да се доминира, потребата да се најде вредноста со промовирање на **нас (ние)** на сметка на **нив (тие)** се чини дека е универзален атрибут. Расизмот во САД, класизмот во Англија, сексизмот во Средниот Исток, сите тие се базирани на една или друга форма на социјалната доминација-тоа се форми на социјална доминација." (Pratto et al, 1994)

Теоријата на социјална доминација вели дека членовите на привилегираните групи во општеството ќе бидат повисоко на скалата за социјална доминација од членовите на помалку привилегираните групи, бидејќи, социјално доминантната ориентација служи за оправдување на нивниот привилегиран статус. (Sidanius & Pratto, 1999)

Согласно на Теоријата на социјална доминација (СДТ), постојат идивидуални разлики во начините на кои луѓето одговараат на групните системи на нееднаквост. Pratto и соработниците развиле и валидизирале мерка за ориентацијата кон социјална доминација кои вклучува тврдења како: *Инфериорните групи би требало да си останат на сопственото место*; *Би имале помали проблеми кога би ги третирале луѓето подеднакво.* Оваа скала била критикувана од страна на Jost and Thompson (2000), кои аргументирале дека скалата за ориентација кон социјална доминација содржи тврдења кои истовремено зборуваат во прилог на две концепции: ги *покриваат* оправдувањата на **сопствената група** (ја интерпретираат оринтацијата кон социјална доминација во контекст на оправдувањето и желбата за доминирање на сопствената група), но, и оправдувањето на хиерархискиот **систем** воопшто. Ова прави забуна при предвидувањето на

однесувањата на индивидите, посебно оние кои се членови на нискостатусни групи, а се високо на скалата за социјална доминација.

Интерпретацијата на социјаланата доминација фаворизирана од Altemeyer (1998) е многу поблиска до *оправдување на групата*, отколку до *оправдувањето на системот* (и-одбрана на истиот). Според Altemeyer, ориентацијата кон социјална доминација предвидува агресивни желби за казнување и понижување на членовите на другите групи, оние кои се перципирани како не- сопствени. Ова се разликува од скорешните интерпретации понудени од самите теоретичари на социјалната доминација, кои во поново време го истакнуваат повеќе оправдувањето на системот, отколку оправдувањето на групата. "Додека ориентацијата кон социјална доминација првично била концептуализирана како желба за доминација на сопствената група над останатите групи (Sidanius & Pratto, 1993), поновите истражувања концептуално и операционално ја дефинираат ориентацијата кон социјална доминација во термини на поопшта желба за нееднакви релации помеѓу социјалните групи, без оглед на тоа дали тоа значи доминација или субординација на сопствената група."

Скалата за социјална доминација е понов инструмент развиен да ги испита факторите одговорни за динамиката на многу социјални и политички ставови. (Pratto, Sidanius, Stallwort & Maile, 1994) Ориентацијата кон социјална доминација е концептуализирана како вредност која луѓето ја даваат на неегалитарни и хириерархиски структурирани релации помеѓу социјалните групи. Таа ја изразува генералната поддршка за доминација на одредени социјално конструирани групи над други такви групи, без разлика на начинот на кој групите се дефинирани. "Тие групи можат да бидат дефинирани на база на возраст, пол, националност, етницитет, религија, социјална класа, регион, боја на кожа, клан, каста, семејно потекло и разни други мали групи кои човечкиот мозок е способен да ги конструира." (Sidanius, 2001)

Луѓето кои се со висока ориентацијата кон социјална доминација тежнеат да подржуваат политика која дава приоритети и предности на членовите од сопствените групи на сметка на членовите на групи кои не се

сметаат за "сопствени". Било најдено дека овие индивидуи фаворизираат идеологии кои ја одржуваат хегемонијата на нивната група (на пример, расизам и верување во меритократија) и поддржуваат политика со негативни импликации за членовите на групи со понизок статус од нивната сопствена, на пример, "негативни ставови за граѓанските права и општествени социјални програми." (Pratto et al., 1994) Политичкиот конзервативизам, верувањето во расна супериорност, поддршката за Заливската војна- сите тие биле значајно и позитивно поврзани со нивото на ориентацијата кон социјална доминација, на примерок возрасни во Los Angelos (Sidanius & Liu, 1992) Подоцнежна студија нашла дека луѓето со висока ориентацијата кон социјална доминација повеќе поддржуваат воени програми- генерално, како што поддржуваат и специфични воени акции како што е Заливската Војна (Pratto, Stallworth & Conway-Lanz, 1998).

Најдено е дека ориентацијата кон социјална доминација предвидува неегалитарни вредности во разни култури. На пример, во студија спроведена во Канада, Израел и Кина потврдено е дека скоровите на социјалната доминација корелираат со сексизмот (мерен на културално соодветно ниво) во секоја држава, со етничките предрасуди и други ставови кои афирмираат локална хегемонија, во секоја држава освен во Кина. Верувањата во социјалната доминација обично се асоцираат со повисоки позиции на нечија индивидуална група во локалната статусна хиерархија. На пример, истражувачите нашле дека и во САД и во Израел, ориентацијата кон социјална доминација е позитивно асоцирана со идентификацијата со сопствената група за речиси сите високо-статусни групи и негативно асоцирана со идентификацијата на сопствената група за речиси сите ниско-статусни групи. И во приближно сите групи, повисоките скорови на скалата за социјална доминација биле асоцирани со понегативни афекти кон ниско-статусните групи (Pratto et al, 1994).

Високите скорови на ориентацијата кон социјална доминација се исто така асоцирани со патриотизмот и конзервативните политички ставови на членовите на доминантните групи, но оваа реалција не е секогаш најдена

помеѓу членовите на групите кои се непривилегирани во едно општество (Levin, Sidanius, Rabinowitz, & Federico, 1998).

Не би требало да претставува изненадување што бројни студии соопштуваат дека мажите, воопшто, се скорирани повосоко на скалата за социјална доминација од жените (Pratto et al., 2000). Оваа разлика перзистира во разни етнички, класни групи, групи на различна возраст и религиозна определба во САД, во разни национални примероци во Европа, Блискиот Исток и Кина. Реазултатите за поголемото поддржување на конзервативната идеологија, воените програми и казнива политика од страна на мажите, а поголемото поддржување на социјални програми и *исти права* од страна на жените, се докажало дека би требало да биде припишано на половите разлики во ориентацијата на социјална доминација (Pratto, Stallowort & Sidanius, 1997).

Постојат повеќе студии за конекциите помеѓу оориентацијата кон социјална доминација и личносните варијабли, кои зборуваат за тоа дека социјалната доминација негативно корелира со емпатијата, толеранцијата и алтруизмот. (Pratto et al, 1994)

Утврдена е важноста на улогата на што сриентацијата кон социјална доминација ја игра во детерминирањето на поддршката на тероризмот. Група истражувачи (Henry et al, 2003), меѓу кои и креаторите на ориентацијата кон социјална доминација го тестирале ефектот од интеракцијата од религиската припадност и социјалната доминација врз поддршката на "тероризмот".[15] Додека податоците не покажале статистички значајна интеракција помеѓу религиската припаднст и оринетацијата кон социјална доминација, подлабока

[15] Во оваа студија авторите тестирале три хипотези кои се чинат релевантни во контекст на поддржувањето на нападот на Светсткиот Трговски Центар на 11 Септември, поддршка за "терористичките" организации и поддршка за "анти-терористичкото" насилство, употребувајќи примерок од Либански универзитетски студенти, Муслимани и Христијани, во есента 2001 година. Првата претпоставка одела во насока: *поддршката на "тероризмот" расте со зголемувањето на религиската идентификација меѓу Муслиманите и опаѓа со зголемената религиска идентификација помеѓу Христијаните.* Втората претпоставка била: *авторитарноста е позитивно поврзана со поддршката на тероризмот.* И на крај, иако авторитарноста и SDO се меѓусебно позитивно корелирани, *SDO ќе ја покажува теоретски претпоставената негативна асоцијација со поддршката на тероризмот.* Така, повиско ниво на SDO ќе биде асоцирано со намалено ниво на поддршка за "терористичко" насилство, а зголемена поддршка за "анти-терористичко" насилство.

анализа на истите сугерирала дека: негативната врска помеѓу социјалната доминација и поддршката на “тероризмот” била посила помеѓу Муслиманите отколку помеѓу Христијаните, додека врската помеѓу SDO и “анти-терористичкото” насилство (насилни мерки во борбата против тероризмот) тежнеела да биде посилна помеѓу Христијаните, отколку помеѓу Муслиманите. Во заклучоците од спроведената студија се осветлуваат улогите кои ги имаат религиозноста, авторитарноста и социјалната доминација во детерминирањето на политичките ставови релевантни за интергрупните релации.

“Ориентацијата кон социјална доминација е повеќе од психолошки профил. Таа има дефинитивно инстиуцонални импликации. Моќните институции во државата, како банкарството, бизнисот и владата тежнеат високо да ги вреднуваат вработените со висока ориентација кон социјална доминација. Тоа се протежира како здраво и нормално. Културите обично ја претставуваат социјалната доминација како нормална, а луѓето со ниска ориентација кон социјална доминација како *диви растенија* (Pratto, 1999).“

Лицата со висока ориентација кон социјална доминација се покомпетитивни, не ретко биле активни и успешни спортисти. Студентите со висока социјална доминација соопштувале дека нивните ставови кон социјалната доминација биле моделирани од нивните родители, посебно од нивните татковци. Согласно со тоа, ориентацијата кон социјална доминација изгледа дека е повеќе **социјално научена** отколку што произлегува од чист селф-интерес. (Altemeyer, 1988).

❖ Споредба меѓу авторитарноста и социјалната доминација

Иако голем број студии се направени со цел да ги истражат релациите на авторитарноста и социјалната доминација со многу други варијабли, само мал број во последно време покажуваат интерес да ги споредуваат овие два феномени во детали. Mcfarlend (1998) и Altemeyer (1998) воделе серија на студии во кои била споредувана предиктивната валидност на двете мерки.

Авторитарноста и социјалнта доминација, независно една од друга, ги предвидувале конзервативните верувања и предрасуди.

Скромните корелации генерално забележани на северно- американски примероци помеѓу авторитарноста и социјалната доминација биле интерпретирани како доказ за постоење на два вида диспозициски предрасуди: **на авторитарноста - базирани, основани предрасуди**, за кое се претпоставува дека потекнуваат од прифаќањето на респектираните авторитетни фигури, кои во своите изјави често ги оцрнуваат другите групи. Тие изјави обично се восприемаат како реална основа за одбивност на одредени таргетирани групи, кои ги повредуваат нормите и стандардите на сопствената група; **На социјалната доминација - базираните предрасуди,** од друга страна, се претпоставува дека потекнуваат од потребата за оправдување на заложувањето за нееднакви општествени статуси, хиерархиски структури. Таа потреба има инструментална функција и на неа може да се гледа како на извор на борбата за супериорност и моќ во светот каде “кучињата се јадат меѓусебно” (Lipa & Arad, 1999, стр.488).

Накратко, авторитарноста може да биде разгледувана како **интрагрупен феномен**, додека SDO како **интергерупен феномен** (Altemeyer, 1998; Peartto et al., 1994)

Но, социјалната доминација и авторитарноста се очекува да покажуваат и некои сличности. Прво, преференциите кон хиерархија и генерализација на димензијата супериорност-инфериорност отсекогаш била разгледувана и како компонента на авторитарноста (Adornoet al, 1950). Второ, личносните карактеристики како студенило, несогласност, нечувствителност биле типично употребени да го опишат и *социјалниот доминатор*, однесувајќи се на Ајзенковата тврдо- мислечка димензија, за која пак многупати е најдено дека корелира позитивно со конзервативната иделогија (Wilson, 1973)

За резултатите од две поголеми студии, спроведени со цел да се идентификуваат варијаблите кои се различно поврзани со конструктите на авторитраност и социјална доминација, види Прилог бр. 2.

## ТЕОРИСКИ МОДЕЛ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАКАНА ВРЗ ИДЕОЛОШКИТЕ СТАВОВИ- JOHN DUCKITT

Според Duckitt два фактори: социјалната ситуација и личноста влијаат на идеолошките ставови како што се авторитарните и ставовите за социјална доминација. Adorno и неговите соработници начелно го сугерирале ова иако, нивното вистинско истражување се фокусирало единствено само на претходно прифатеното, исклучиво влијание на личноста. Во тој интегрален контекст Duckitt (2003) предложил теориски модел, во кој двете димензии на идеолошки ставови, авторитаризмот и социјалната доминантност, се перцепирани како експерија на мотивациони цели кои биле “замолчувани” или активирани кај индивидуите, и тоа од постоењето и на двата фактори: од социјалната ситуација и персоналните погледи на свет (верувања на индивидуите за природата на нивното социјално живеење).

Согласно со овој модел, висок скор на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, ќе изразува мотивациона цел за социјална контрола и сигурност, активирана од погледот на свет како опасен и заканувачки. Низок скор на истата скала би изразувал опозитна мотивациона цел за лична слобода и автономија, активирана од погледот социјалниот свет како сигурен, безбеден и сабилен. Каузалната персонална димензија би била социјалниот конформизам наспроти автономија. Да се биде на повисоко ниво во диспозицискиот социјален конформизам би значело креирање на поголема спремност за перцепција на заканите во егзистирачкиот социјален поредок и гледање на светот како опасен и заканувачки. Високиот социјален конформизам последователно би имал директно влијание врз авторитарните ставови преку активирање на моитивациската цел за социјална контрола, сигурност и стабилност.

Во случајот со ориентацијата кон социјална доминација, моделот предлага базична претпоставена персонална димензија на "тврди" наспроти "меки" мислечки индивидуи (tough- versus tender- mindedness), карактеризирани со опозитни црти да се биде цврст, тврдокорен, нечувствителен кон другите, или да се биде сочувствителен, дарежлив, грижлив и алтруистичен. (Duckitt, 2003) *Тврдо-мислечките* личности би настојувале да го прилагодат погледот на свет како свет на сурова натпреварувачка џунгла во кој силните победуваат а слабите губат, што пак ќе активира мотивациона цел за моќ, доминација и супериорност над другите, што последователно ќе резултира во висок СДО. *Меко, нежно-мислечките личности* од друга страна, ќе настојуваат да го адаптираат сосем спротивниот поглед на свет, свет како место на кооперативна и алтруистичка хармонија во кој луѓето се грижат еден за друг, си помагаат, споделуваат. Ова ќе ја направи важна мотивациската цел за алтруистичка социјална грижливост, која ќе се изрази во низок скор на СДО.

Човековиот поглед на свте е концептуализиран како верувања на индивидуата за природата на социјалниот свет, за тоа какви се другите, какви се очекувањата тие да се однесуваат кон него, како и начинот на кој тогаш тој би требало да се однесуваат кон нив. Овие верувања се под влијание на индивидуалната социјализација и личноста- што значи дека ќе бидат *прилично стабилни* со текот на времето. Сепак, тие директно ќе ја одразуваат и социјалната реалност (опкружување) онаква каква што е. Последователно, кога социјалната ситуација ќе се смени драматично, било да стане опасна и заканувачка, или да биде повеќе како натпреварувачка џунгла, индивидуалниот поглед на свет ќе се промени консеквентно. Оваа промена во индивидуалниот поглед на свет тогаш ќе ја активира мотивациската цел или за социјална контрола и сигурност (на тој начин повишувајќи ги авторитарните идеолошки верувања), или за моќ, доминација и супериорност врз другите (на тој начин појачувајќи ја идеологијата на социјална доминација). На тој начин, моделот сугерира дека социјалната ситуација ќе има влијание врз идеолошките верувања, како авторитарноста или социјална

доминација преку промена на индивидуалниот поглед на свет, што во суштина претставува свесна интерпретација и верувања за природата на нивната социјална реалност .

Значи, според овој каузален модел, два вида на социјална ситуација: застрашувачка, опасна ситуација и високо компетитивна (џунгла ситуација) директно влијаат на индивидуалниот поглед на свет, кој пак е под влијание на двете персонални димензии: димензија на социјален конформизам и тврдо-размислувачкиот начин. Тие две променливи, социјална ситуација и погледот на свет како делумно личносна димензија, понатаму ги детерминираат двете идеолошки димензии на авторитарност и социјална доминација.

Моделот предложува и каузални врски помеѓу двата персонални система: погледот на свет од една и нејзиниот иделошкиот систем на ставови, а истражувања во последната декада го потврдувале постоењето на таквите каузални врски. Еден сет на студии покажале дека персоналните димензии на социјален конформизам и тврдокорност можат да бидат валидно мерени и поврзани со идеолошките ставови, како што и било очекувано. (Duckitt, 2001). Истражувања ја покажале силната поврзаност на социјалниот конформизам со авторитарните ставови, но не со ставовите за социјална доминација, но и високата поврзаност на тврдокорноста со ставовите за социјална доминација но не и со авторитарните. Сепак, ниедно од овие истражувања не го истражувало импактот на социјалната ситуација на идеолошките ставови. Истражувањето што го спровел Duckitt во 2003 година го прави напорот да го корегира таквиот пристап и да го истражи ефектот на социјално-techinscata закана врз погледот на свет и идеолошките ставови. Моделот сугерира дека социјалната средина која е заканувачка и опасна ќе ги повиши авторитарните ставови. Но, ефектот нема да биде директен или автоматски. Ваквата промена на социјалната средина ќе влијае врз авторитарноста на индивидуите само ако тие го променат својот поглед на свет, а тоа се всусшност-индивидуалните верувања дека социјалниот свет навистина станал опасно и застрашувачко место за живеење. Промената во погледот на свет најверојатно ќе се случи кога индивидуите ја гледаат конкретната социјална

промена како навистина значајна и потенцијално трајна. Така, секој ефект на социјалната закана врз авторитарноста ќе биде со целосно медијаторство и промена во неговиот поглед на свет. Согласно моделот, социјалната закана секогаш ќе има импакт пред сѐ и повеќе на авторитарните, отколку на ставовите на социјална доминација. Така, секое зголемување во ставовите за социјална доминација за време на социјална закана ќе биде целосно посредувана од зголемената авторитарност.

Постои уште еден феномен поради кој влијанието на социјалната закана врз авторитарноста може да биде уште покомплексно отколку што се покажува во овој модел. Бројните истражувачки податоци сугерираат дека авторитарноста или социјалниот конзервативизам навистина конституираат единствена поопшта димензија. (Altemeyer, 1981; Wilson, 1970) Но, речиси сите студии истовремено зборуваат за постоење на неколку можни субдимензии, што ја зголемува можноста субдимензиите да бидат под различно влијание од социјалната закана.

Дистинкцијата помеѓу компонентите или субдимензиите на авторитарноста која се чини посебно релевантна кога се истражува влијанието на социјалната закана, е онаа која критичарите многу пати ја сугерирале: дистинкција помеѓу вистинската "правата" авторитарност и конзервативизмот. Оваа дистинкција ќе ја гледа "правата" авторитарност како нешто што ја вклучува Алтемејеровата компонета *авторитарна агресија,* која е поддршка на отсечна, казнива, цврста и репресивна социјална контрола. Конзервативизмот би ги вклучувал пак компонентите: конвенционалност и авторитарната субмисивност, што пак е конформност кон традиционални, застарени, немодерни, конвенционални социјални вредности, институции и авторитети. (Martin, 2001; Ray, 1985)

Duckitt сметал дека ако авторитарноста, онаа "правата", и конзервативизмот можат да бидат емпириски одвоени, тогаш веројатно е социјалната закана да има поможен ефект врз првата отколку врз втората компонентна, барем за краток временски период. Па така, ако социјалната средина одеднаш стане закануважчка и опасна, индивидуите можат рапидно да

ги променат своите идеолошки верувања и вредности и ставови за поддршка и одобрување на авторитарната социјална контрола (аворитараната агресија), додека верувањата и вредностите инволвирани во конвенционалниот конзервативизам можат да покажуваат мала или никаква промена. Конвенционалниот конзервативизам тогаш би се менувал многу поспоро низ времето и зависно од промените во авторитарната социјална контрола. Како таа ќе станува поинтернализирана и ќе се генерализра се повеќе, така ќе расте и конзервативизмот. Промените во конвенционалниот конзервативизам, генерирани од заканата, на тој начин ќе се под медијаторство на промените во авторитарната социјална контрола. Истражувањето на Duckitt (Duckitt, 2003) ја истражува можноста за емпириско сепарирање на овие два аспекта на авторитарноста, онаа "правата" и конзервативизмот, за да види дали тие можат да бидат под различно влијание на социјалната закана, и ако се - да се види дали промените во конзервативизмот се со медијаторство на промените во самата, "права" авторитарност.

Во релевантното истражување на Duckitt, чиј теориски модел ќе се тестира во наши услови, *социјалната закана* била манипулирана со употреба на модели на идни сценарија, првично конструирани од Altemeyer, но симултано адаптирани од страна на Duckitt да би ги рефлектирале условите во Нов Зеланд. Иако Altemeyer употребил само "две сценарија- заканувачко и контролно, студијата на Duckitt вклучува уште едно, сигурносно, безбедно сценарио. Duckitt очекувал овој услов да има ефекти спротивни на заканувачките услови. Тој услов би требало да го смени индивидуалниот поглед на свет кон верувања дека светот во кој се живее е сигурен и безбеден. Понатаму, оваа промена би претставувала медијатор за соодветна редукција во социјалната доминација и конвенционалниот конзервативизам.

# ИСТРАЖУВАЊЕ

## ПРОБЛЕМ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Проблем на истражувањето**

*Дали* ***социјалните закани*** *со посредство на* ***човековиот поглед на свет*** *имаат влијание врз* ***авторитарните ставови*** *и* ***ставовите за социјална доминација****?*

Конкретизацијата на проблемот пак, би се дефинирала низ прашањата:

- Дали постои поврзаност меѓу **социјалните закани** и **човековиот поглед на свет** и каква е таа поврзаност?
- Дали постои поврзаност меѓу **човековиот поглед на свет** и **авторитарните ставови** и каква е таа поврзаност?
- Дали постои поврзаност меѓу **човековиот поглед на свет** и **ставовите за социјална доминација** и каква е таа поврзаност?
- Дали постои поврзаност меѓу **социјалните закани** и **авторитарните ставови** и каква е таа поврзаност?
- Дали постои поврзаност меѓу **социјалните закани** и **ставовите за социјална доминација** и каква е таа поврзаност?
- Дали постои поврзаност меѓу **авторитарните ставови** и **ставовите за социјална доминација** и каква е таа поврзаност?

***Цел на истражувањето:***

**Тестирање на теоретскиот каузален модел на Јохн Дуцкитт** за специфичното влијание што го имаат заканите од социјалното опкружување, преку човековиот поглед на свет, врз идеолошките ставови, како што се авторитарните и ставовите за социјална доминација.

## ХИПОТЕЗИ И ВАРИЈАБЛИ

### ОПШТА ХИПОТЕЗА

Од основниот проблем и од него изведените конкретни проблеми на истражувањето, може да се постави следната општа хипотеза:

Социјалната закана индиректно, преку човековиот поглед на свет, влијае врз авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација, на тој начин што

***Зголемената социјална закана со посредство на верувањата во опасен свет доведува до повисоки авторитарни ставови и повисоки ставови за социјална доминација***

Имено, колку се поголеми заканите од надворешниот свет толку човекот повеќе верува дека светот околу него е опасен, што последователно доведува до поавторитарни ставови и повисоки ставови за социјална доминација. Или поинаку, социјалните закани индиректно ќе влијаат врз авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација, на тој начин што зголемените социјалните закани прво ќе доведат до зголемување на верувањата во опасен свет, а потоа, во содејство со нив, до повисоки авторитарни ставови и ставови за социјална доминација.

**Независна варијабла:** *Социјална закана* (четири нивоа)

Социјална закана претставува проблем (криза) на економски, политички или социјален план, со кои се соочува конкретно општество.

**Операционализација на независната веријабла**: Независната варијабла е претставена со **хипотетични сценарија**, насловени како "Македонија после 10 години". Постојат 4 сценарија кои имаа различни нивоа на социјална закана и ја опишуваат Република Македонија после 10 години на економски,

политички и социјален план, услови со кои испитаниците треба да се соживеат.

## **Посредувачка варијабла**: *Поглед на свет*

Човековиот поглед на свет е концептуализиран како *верувања на индивидуата за природата на социјалниот свет, за тоа какви се другите, какви се очекувањата тие да се однесуваат кон неа, како и начинот на кој тогаш таа би требало да се однесува кон нив.*

**Оперecионализизација на посредувачката варијабла**: скор добиен на скалата заверување во опасен свет, DWS

## **Зависни варијабли:**

### *1.Ставови за авторитарност*

Под авторитарност Altemeyer подразбира *коваријација на три кластери на ставови во личноста:* ***Авторитарна субмисивност****- висок степен на субмисивност, потчинетост на авторитети кои се перцепираат како востановени и легитимни во општеството во кое некој живее,* ***Авторитарна агресија****- општа (генерална) агресивност, насочена кон (против) различни персони, лица, кои се перцепирани како лица санкционирани од востановените авторитети и* ***Конвенционализам****- висок степен на прифаќање на социјалните конвенции кои се перцепирани како одобрени и прифатени во општеството и востановените авторитети.*

**Опрационализација на зависната варијабла- авторитарност:** скор добиен на скалата на десно-ориентирана авторитараност на Altemeyer, RWA

*2. Ставови за социјална доминација*

Под социјална доминација се подразбира *општа ориентација (општи ставови) за интергрупните релации, рефлектирајќи дали некој преферира релации на еднаквост- наспроти хиерархиски релации, како и мерката (нивото) до која поединецот посакува една подгрупа да доминира во општеството и да биде супериорна во однос на останатите.*

**Операционализација на зависната варијабла- социјална доминација:** скор добиен на скалата за ориентација кон социјална доминација од Sidanius и Pratto, SDO

## Посебни и Поединечни Хипотези

**Посебни хипотези:**

**А) Хипотеза**

***Социјалната закана индиректно влијае врз авторитарните ставови, на тој начин што зголеменета социјална закана, преку верувањата за живеење во опасен свет е следена со повисоки авторитарни ставови.***

**Б) Хипотеза**

***Социјалната закана индиректно влијае врз ставовите за социјална доминација, на тој начин што зголеменената социјална закана, преку верувањата за живеење во опасен свет е следена со повисоки ставови за социјална доминација.***

**В) Хипотеза**

***Постои поврзаност помеѓу ставовите за авторитарност и ставовите за социјална доминација, така што на повисоки авторитарни ставови содејствуваат повисоки ставови за социјална доминација.***

**Поединечни хипотези:**

**1.** Постои поврзаност помеѓу социјалната закана и верувањата во опасен свет на тој начин што, **зголемената социјална закана** е следена со сé **поголемо верување дека светот во кој се живее е опасен.**

**2.** Постои поврзаност помеѓу верувањата во опасен свет и авторитарните ставови на тој начин што, **поголемото верување дека светот во кој се живее е опасен** е следено со **повисоки авторитарни ставови**.

**3.** Постои поврзаност помеѓу верувањата во опасен свет и ставовите за социјална доминација на тој начин што, **поголемото верување дека светот во кој се живее е опасен** е следено со **повисоки ставови за социјална доминација.**

# МЕТОД

## ❖ Испитаници

Во истражување се користише **целен примерок** кој броеше 196 студенти, (беа поделени 200, но целосно пополнети 196), 84 машки (42,9%) и 112 женски (57,1%), групирани во 4 групи со оглед дека во истражувањето имавме 4 сценарија, кои прикажуваат 4 ситуации со различно ниво на социјална закана. Сите испитаници беа студентите од II година на студии, на возраст од 19 до 31 година (средна возраст 20,61), на следните пет институти: Институт за Психологија, Социологија, Социјална работа и политика, Дефендологија и Историја, во учебната 2004/2005 година. Значи, групите беа изедначени по студиска година (сите беа студенти на втора година на студии) и вид на студии.

Табела бр.1 *Испитаници во истражување според видот на студии и видот на сценариото со кое требаше да се соживеат*

| **Институти** | **Видови сценарија** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контролно | Закана | Надеж | Сигурно | Вкупно | Проценти |
| *Соц. раб.и пол.* | 15 | 15 | 15 | 15 | 60 | 30,6 |
| *Психологија* | 9 | 9 | 8 | 8 | 34 | 17,3 |
| *Историја* | 7 | 7 | 8 | 7 | 29 | 14,8 |
| *Дефендологија* | 8 | 9 | 9 | 3 | 29 | 14,8 |
| *Социологија* | 11 | 10 | 12 | 11 | 44 | 22,4 |
| Вкупно | 50 | 50 | 52 | 44 | 196 | 100 |
| Проценти | 25,5 | 25,5 | 26,5 | 22,5 | 100 | |

За потребите на истржувањето беа формирани уште две групи испитаници кои беа вклучени во пилот истражувањето:

***Група А**- **52** испитаници, на возраст од 19 до 28 години (средна возраст 21,3), 30 машки и 22 женски, студенти од **различни факултети**, и тоа Медицински (10 испитаници), Природно-математички (24 испитаници), Филозофски- група Педагогија (18 испитаници) од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", од **прва** или **втора година** на студии. Оваа група испитаници претставуваше примерок за проверка на трите скали на ставови: скалата за десно-ориентирана авторитарност /RWA/ и скалата за ориентација кон социјална доминација /SDO/- индикатори на зависните варијабли во истражувањето, како и скалата за верување во опасен свет /DWS/ - индикатор на посредувачката варијабла во истражувањето.

***Група Б**- **43** испитаници на возраст од 19 до 26 години (средна возраст 20,28), 26 машки и 17 женски, студенти на прва година од неколку Факултети: Социологија (13 испитаници-30,2%), Педагогија (14 испитаници- 32,6%), Социјална работа и политика (10 студенти или 23,3%) и Психологија (6 студенти или 14%) при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј". Оваа група испитаници претставуваше примерок за тестирање на хипотетичните сценарија (во истражувањето- индикатор на независната варијабла)

## ❖ Инструменти и техники во истражувањето

За целите на ова истражување беа користени 4 хипотетични сценарија кои се разликуваат според нивото на социјална закана и 3 различни скали на ставови.

- **Хипотетични сценарија**

Сценаријата се хипотетитични ситуации за општествената, економската и политичката ситуација во Македонија после 10 години. Сценаријата кои претставуваат модел за истражувачките сценарија се конструирани од страна на Duckitt 2003, за потребите на неговото истражување спроведено во Нов Зеланд. Сценаријата не се директно преведени со оглед на фактот дека се работи за сосем различни општествени системи, туку прилагодени да ја отсликуваат конкретната реалност во Република Македонија. Сценаријата започнуват со инструкција дека субјектите се наоѓаат 10 години во иднината- 2015година, а потоа следи детален опис на она што се случува во сите сфери на општественото живеење, сé со цел субјектите да можат поуспешно да се соживеат со новите услови.

Во оригиналното истражување на Duckitt, постојат 3 сценарија, при што едното е контролно, што зборува за непроменет Нов Зеланд /релативно стабилен како во денешницата/, второто е сценарио со социјална закана, а третото е наречено сигурно и безбедно сценарио, во кое се опишува голем подем на Нов Зеланд на економски и социјален план. Со оглед дека таквите сценарија се неприменливи во наши услови, беше направен обид да се конструираат нови 4 сценарија, при што едното е контролно. Бидејќи кај нас контролните услови веќе се со социјална закана, беше конструирано уште едно со уште повисок степен на социјална закана-именувано како заканувачко, и уште две други, при што едното од нив е именувано како надеж сценарио, а другото сигурно и безбедно сценарио. Поткрепа на размислувањата за постоење на едно *преодно* сценарио се наоѓа во фактот

што Македонија одамна ги живее проблемите на економски, социјален и политички план, што можеби сигурносна и безбедносна ситуација субјектите не би можле едноставно да си замислат. Во Прилог бр.3 се дадени сите четири интегрални сценарија.

- **Скали на ставови**

**1. Скала за десно-ориентирана авторитарност- оригинално насловена RWA /Right-Wing Authoritarianism/.** Во ова истражување се користи ревидираната скала на Altemeyer, кој ја конструирал во 1989. Скалата содржи 20 тврдења: 10 тврдења кои зборуваат за постоење на авторитарноста и 10 тврдења кои зборуваат за непостоење на истата особина. Досегашната примена на оваа скала говори за нејзино успешно мерење на унитарна димензија со три компоненти предложени од нејзиниот конструктор (Конвенционализам, Авторитарна Субмисивност и Авторитарна Агресија). Ова е скала од Ликертов тип со опсег на сложување со тврдењата од +4, што одговара на: *потполно се согласувам со тврдењето* до -4 , што одговара на: *потполно не се согласувам со тврдењето*. Во обработката на податоците, скоровите од -4 до +4 се претвараат во позитивна скала од 1 до 9, при што тврдењата за постоење на особината се оценуваа со скала од 1 до 9, а тврдењата кои зборуваат за непостоење на особината се претвараат во позитивни бројки од 9 до 1. Така, теоретски најнизок можен скор на оваа скала беше 20, а теоретскинависок можен скор беше 180. Во Прилог бр.4 дадена е оригиналната верзија на Скалата за десно-ориентирана авторитарност /RWA/ и преводот на истата на македонски јазик)

**2. Скала за ориентација кон социјална доминација, оригинално именувана како SDO /Social dominance orientation/ скала**. Оваа скала е конструирана од страна на Sidanius и Pratto, 1990. Содржи 12 тврдења, 6 тврдења кои зборуваат за постоење на особината и 6 тврдења кои зборуваат за непостоење на истата особина. Конструкторите на скалата се обиделе да конструираат инструмент кој успешно ќе мери димензија каква што е

социјалната доминација, сметајќи ја истата како фундаменатална во разбирањето на индивидуалните разлики во идеологијата и етноцентризмот. Оваа скала е исто така од Ликертов тип со опсег на сложување со тврдењата од +4, што одговара на: *потполно се согласувам со тврдењето* до -4 , што одговара на: *потполно не се согласувам со тврдењето*. Во обработката на податоците, скоровите од -4 до +4 се претвараат во позитивна скала од 1 до 9, при што тврдењата за постоење на особината се оценуваа со скала од 1 до 9, а тврдењата кои зборуваат за непостоење на особината се претвараат во позитвни бројки од 9 до 1. Така, теоретски најнизок можен скор на оваа скала беше 12, а теоретски нависок можен скор беше 108. Во Прилог бр.5 дадена е оригиналната верзија на скалата за социјална доминација, SDO и преводот на истата на македонски јазик.

**3. Скала за верување во опасен свет**, оригинално насловена како **DWS /Dangerous World Beliefs/ скала;** Скалата е конструирана од Altemeyer во 1988 година, содржи 12 тврења, од кои 6 искажуваат ставови дека светот е опасен а 6 тврдења дека светот околу нас е стабилен и сигурен. И оваа скала е од *Ликертов тип* со опсег на сложување со тврдењата од *+4*, што одговара на: *потполно се согласувам со тврдењето,* до *-4* , што одговара на: *потполно не се согласувам со тврдењето*. Во обработката и на овие податоци, постапката е иста како и кај претходните две скали. Теоретски најнизок можен скор на оваа скала беше 12, а теоретски нависок можен скор беше 108. Во Прилог бр.6 дадена е оригиналната верзија на скалата за верување во опсен свет, DWS и преводот на истата на македонски јазик.

❖ **Постапка**

Истражување се одвиваше во **две последователни фази**. Во **првата фаза** се превземаа активности кои имаа цел ***проверка на скалите***, со оглед на тоа дека за прв пат се применуваат во нашата средина. Во **втората фаза** се спроведе истражувањето, кое беше основа за ***тестирање на главните хипотези*** во магистерскиот труд.

**Конкретни чекори во првата фаза -Пилот истражување**

1. **Превод на инструментите.** Превод на скалите (инструментите) кои беа употребени во истражувањето од англиски на македонски јазик; Лектура; Пишување на хипотетските сценарија;
2. **Работна група**

***Активности на работната група:*** Превод и адаптација на тврдењата во скалите и сложување на учесниците во работната група за нивото на закана во сценаријата. Учесниците прво скалите ги пополнуваа како наивни субјекти, а потоа следеше заедничка анализа на секое тврдење посебно.

3. **Пилот истражување.** Сите инструменти беа дадени на група студенти од различни факултети при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, со оглед на тоа дека планираниот примерок во главното истражување беше дизајниран од студенти од истиот Универзитет. Скалите ги пополнуваа и анлизираа испитаниците од Гупата А, а сценаријата ги проценуваа испитаниците од Групата Б.
4. **Анализа на добиените податоци** (види Прилог бр.7)

**Конкретни постапки во Втора фаза- главно истражување**

1. **Дизајнирање на примерок**

Примерокот беше предвиден како намерен. Имено, однапред се определија институтите од кои ќе бидат испитани студентите и годината на студирање. Потоа спред распоредот на часови на таргетираните групи на студенти, беше побарана дозвола од секој конкретен професор за искористување на еден негов час. На договорените средби за спроведување на истражувањето беа испитани сите студенти кои тој ден присуствуваа на

конкретниот час, со претходно кратко објаснување дека се работи за истражување во научни цели и изработка на магистерски труд. Ниеден студент не одби да биде испитан.

2. **Задавање на сценаријата** со инструкции дека траба да се соживеат со опишаната ситуација и секогаш да ја имаат предвид кога ќе ги пополнуваат скалите.
3. **Задавање на скалите**- групно. Инструкциите за пополнување на скалите беа напишани на самите инструменти но, беа и усно објаснети заради нивно подобро разбирање.

Сценаријата и скалите беа зададени одеднаш, што значи дека секој испитаник доби едно од сценаријата и сите три скали (RWA, DWS и SDO). На почетокот испитаниците добија инструкција дека пред нив се неколку тврења на кои треба да одговорат дали се сложуваат со нив или не. Но, пред да одговорат на понудените тврдења им беше кажано дека внимателно треба да го прочитаат текстот кој се наоѓа на првата страна и во кој е опишано како би изгледала нивната држава после 10 (десет) години. Откако ќе ги прочитаат хипотетските услови, треба да се обидат да се соживеат со претпоставената ситуација и од тој замислен контекст веднаш да се изјаснуваат дали се сложуваат или не со сите понудени тврдења (ајтеми на сите три скали). Во секоја група испитаници се дадоа подеднаков број од сите сценарија, според местото на седење на испитаниците во просторијата. Имено, се започна со контролното сценарио и тоа, заедно сите три скали беше зададено на еден испитаник. Испитаникот кој седеше до него доби сигурно сценарио, заедно со сите три скали; третиот испитаник доби сценарио со закана, заедно со сите три скали итн. Значи, секој испитаник имаше различно сценарио со оние кои седат од неговата лева и десна страна. Со оглед на тоа дека усно не им беа во детали опишани сценаријата, туку тие имаа задача во себе да ги читаат, секој испитаник знаеше само за сопствените услови со кои треба да се соживее и знаеше дека испитаникот до него има различни услови со кои треба да се соживее, но не знаеше какви се тие (подобри или полоши)

4. Собирање, внес на податоците, анализа и дискусија на податоците.

### ❖ Нацрт на главното истражување

За целите на истражувањето беше користен: *Неекспериментален нацрт со контролна група, со само пост-тест постапка,* кој графички во методолошката литература се претставува на следниов начин:

| | **Време** → | |
|---|---|---|
| **Експер. група 1** | X1 | O1 |
| **Експер. група 2** | X2 | O2 |
| **Експер. група 3** | X3 | O3 |
| **Контролна група** | | O4 |

*Објаснување:

**Време**
→
= Временски след на истражувачката постапка. Левата страна на дизајнот го означува почетокот на истражувањето, а десната-крајот.

**X** = Експериментална интервенција (во истражувањето индикатор за независната варијабла= **Хипотетични Сценарија**)

**O =** Тест, Опсервациона мерка (во истражувањето посредувачката и зависните варијабли = Скала за верување во опасен свет, Скала за десно-ориентирана атворитарност и Скала за ориентација кон социјална доминација)

--------------------

Испрекинатата линија означува дека распоредувањето на субјектите во групите не е направен по случаен пат

❖ **Статистички методи**

- Внесот на податоци се направи со посебната статиститичка програма за општествени науки, оригинално именувана како SPSS, Statistical Program for Social Sciences

Статистичката анализа се базираше на следните статистици:

За дескриптивната анализа:

- **Аритметичка средина**
- **Пирсонов коефициент на корелација** /Pearson`s correlation/[16]
- Утврдување на **статистички заначајна разлики меѓу аритметички средини** кај различните групи (со различни сценарија), **Анализа на варијанса АНОВА (ANOVA)**
    a. **Данкановиот тест /**Duncan test**/** за повеќекратни споредувања помеѓу аритметички средини[17]
- **Кронбах алфа коефициент** /Cronbach`s alpha/[18]

---

[16] Еден од наједноставните статистици за испитување на ајтемите е биваријантната корелација (**Pearsons`s r**), кој ја испитува поврзаноста на секој ајтем со тоталниот скор. Воопштено, ајтемите високо поврзани (корелирани) со останатите ќе покажуваат висока корелација со тоталниот скор на скалата.

[17] Данкановиот тест е еден вид т.н. апостериорни споредувања (post-hoc), кои се формулираат откако истражувачот ќе изврши испекција на податоците и откако F-testot ќе се покаже како значаен.

[18] Друг ефикасен статистик е Cronbach`s alpha, кој претставува функција од бројот на ајтемите и средната (просечна) интеркорелација помеѓу ајтемите вклучени во скалата.

Во литературата се наведува дека Cronbach`s alpha коефициентот покажува колку добро еден сет на ајтеми (или варијабли) мерат унидимензионален (single) латентен кострукт. Кога податоците имаат мултидимензионална структура, Cronbach`s alpha ќе биде обично низок. Говорејќи технички, Cronbach`s alpha не е статистички тест- тој е коефициент на релијабилност (или конзистентност) кој речиси секогаш се пресметува во првата фаза откако се собрани податоците. Едноставно кажано: ако просечната интер-ајтемска корелација е ниска, Cronbach`s alpha ќе биде низок. Како расте просечната интер-ајтемска корелација- така расте и Cronbach`s alpha коефициентот. И понатаму, ако интер-ајтемската

За статистичко заклучување:

- **Факторска анализа** /Factor analysis/[19]
- **Пат- анализа** /Path analysis/ [20]

---

корелација е висока тогаш тоа е доказ дека ајтемите во скалата мерат ист конструкт или поинаку, скалата има висока релијабилност. А доколку имаме случај на мулти-димензионални податоци, Cronbach`s alpha ќе биде генерално низок за сите ајтеми. Во ваков случај обично се преминува на факторската анализа за да се види кои ајтеми најмногу се определи од која димензија (фактор), а потоа се пресметува Cronbach`s alpha за секоја одвоена група на ајтеми посебно. За висок Cronbach`s alpha коефициент се смета над 0.70, и тогаш тоа се зема за прифатлив доказ дека ајтемите во скалата се "тесно поврзани". Коефициент на 0,80 покажува екстремно висока релијабилност на скалата./

[19] Факторската анализа како математичко-статистички метод има долга историја и има за цел да ја олесни идентификацијата на факторите кои дејствуваат врз варијаблите. Факторската анализа ќе се користи зарадаи истражување на факторите што во најголем дел ја обликуваат, детерминираат авторитарноста.

[20] Пат- анализата ужива голема популарност меѓу истражувачите во областа на социјалните, општествени науки. Како една од причините за ваквиот третман е тоа што оваа статистичка техника, во однос на останатите, го мери како директното така и индиректното влијание на независната варијабла врз другите. Интенцијата на пат- анализата е комбинирање на квантитативните вредности добиени од корелационата анализа, со соодветни квалитативни информации за претпоставените причински односи кои што би помогнале во интерпретација на причинската поврзаност и на нејзината квалитативна интерпретација.

Пат- коефициентот се пресметува на два начина. Еден е со декомпензација на опсервираните zero-order корелации меѓу варијаблите во системот, а вториот преку линеарна регресија (или Ordinari Least Square). Во истражувањето ќе биде применет вториот начин.

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од истражувањето, кое претпоставуваше влијание на закaната врз идеолошките ставови - ставовите за авторитарност и ставовите за социјална доминација преку човековиот поглед на свет, беа анализирани, а подоцна и интерпретирани во три сегменти, при што секој сегмент открива еден аспект од сложениот систем на влијание на заканата врз идеолошките ставови, а истовремено постапно ги прикажува резултатите од тестирањето најнапред на поединечните хипотези, а потоа на посебните и општата хипотеза. Имено, истражувачките резултати ќе бидат прикажани на следниот начин:

---

- **Тестирање на поединечните хипотези**
  - Ефектите на социјалната закана врз погледот на свет (тестирање на **поединечна хипотеза бр.1**)
  - Поврзаноста помеѓу погледот на свет и идеолошките ставови - авторитарните и ставовите за социјална доминација (тестирање на **втората и третата поединечна хипотеза- бр.2 и бр.3**

- **Тестирање на посебните хипотези**
  - Ефектите на социјалната закана врз авторитарите ставови (тестирање на **посебната А хипотеза**)
  - Ефектите на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната Б хипотеза**)
  - Поврзаноста меѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната В хипотеза**)

- **Тестирање на општата хипотеза**- Тестирање на Моделот на Duckitt
  - Димензионалност на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA

---

❖ **Тестирање на поединечните хипотези**

➢ Ефектите на социјалната закана врз погледот на свет (тестирање на **поединечна хипотеза бр.1**)

Во овој дел е анализиран ефектот на различните нивоа на закана (претставени во четирите различни сценарија) врз верувањата на испитаниците во опасен свет (претставени во нивните одговори на скалата за верување во опасен севт, DWS).

**Табела бр.2** *Аритметички средини, стандардни отстапувања за скоровите на скалата за верување во опасен свет (DWS) за четирите различни сценарија и резултатите од анализата на варијанса (АНОВА) за истата скала*

| Мерка | Група со Сигурно Сценарио | | Група со Надеж Сценарио | | Група со Контролно Сценарио | | Група со Закана Сценарио | | ANOVA |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **F** |
| **DWS** | 52,68 | 19,37 | 52,81 | 18,49 | 81,20 | 14,12 | 87,38 | 12,44 | **62,189** p<0,01** |
| DWS како скала[21] | -0,84 | 1.57 | -0,79 | 1,46 | 1,49 | 1,12 | 1,96 | 1,00 | |

Ефектот, влијанието на различните сценарија (различното ниво на закана) врз верувањата во опасен свет беше моќен и значаен. Верувањата во опасен свет се значително повисоки во заканувачки услови отколку во услови без закана. Како што може да се види од Табела бр. 2, најголем просечен скор на скалата за верување во опасен свет има групата која требаше да се соживее со заканувачкото сценарио, потоа следи групата од контролните услови, за да најнизок просечен скор на истата скала има групата која се соживуваше со сигурното сценарио. Така, ефектот на сценаријата, поточно различните нивоа на закана, врз погледот на свет може да се каже дека е речиси перфектно линеарен.

[21] Овде DWS е претставена како скала од -4 до +4 заради полесно споредување на групите

Бидејќи резултатите од анализата на варијанса покажаа значаен F однос, следеше апостериорно (post-hoc) споредување на аритметичките средини со Данкановиот тест (види прилог бр. 8 )

Повеќекратното споредување на аритметичките средини на групите на скалата за верување во опасен свет покажа дека нема статистички значајна разлика помеѓу М на групите испитаници од сигурното и надежното сценарио, како и меѓу М на групите испитаници од контролното и заканувачкото сценарио. Сите други разлики се значајни на ниво 0,01.

- Поврзаноста помеѓу погледот на свет и идеолошките ставови- авторитарните и ставовите за социјална доминација (тестирање на **втората и третата поединечна хипотеза- бр.2 и бр.3)**

Беше пресметана корелацијата помеѓу сумарните скорови на скалата за верување во опасен свет, DWS и скалата за десно-ориентирана авторитраност, RWA и таа изнесуваше r=0,23, како и корелацијата помеѓу сумарните скорови на скалите за верување во опасен свет, DWS и за социјална доминација, SDO и таа изнесуваше r= 0,15, и двете значајни на ниво 0,05 ($p<0.05$)

**Значи иако мала, поврзаноста помеѓу погледот на свет и авторитарните ставови и помеѓу погледот на свет и ставовите за социјална доминација постои,** *а со тоа постои и основата за понатамошна* разработка на теоретскиот модел на Duckitt.

Во контекст на анализата на поврзаноста помеѓу погледот на свет, авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација, беа направени уште некои пресметки и претствувања на резултатите, важни за постапно разбирање на односот социјална закана - иделошки ставови.

- Беа пресметани **показателите на внатрешната конзистентност** на скалите за десно-ориентирана авторитарност RWA, за социјална доминација, SDO и за верување во опасен свет, DWS. (види Прилог. 12)

Cronbah Alpha за скалата RWA изнесуваше 0,80.

Cronbah Alpha за скалата DWS изнесуваше 0,92.

Cronbah Alpha за скалата SDO изнесуваше 0,69.

- **Дескрипциите на скалите**

Во Табела бр. 5, бр.6 и бр.7 се претставени дескрипциите на скалите за десно-ориентирана авторитарност, за социјална доминација и за верување во опасен свет. (Минималниот и маскималниот добиен скор на скалите, аритметичка средина, стандардното отстапување, како и 25-от, 50-тиот и 75-от перцентил) а сите статистички показатели истовремено се прикажани и како показатели на скалите претствени од 1 до 9, заради нивно поедноставно меѓусебно споредување.

**Табела бр. 3** *Дескрипција на скалата за верување во опасен свет, DWS*

| Мерка | Добиени скорови | | | | Перцентилни точки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Миним. скор | Максим. Скор | **M** | **SD** | **$P_{25}$** | **$P_{50}$** | **$P_{75}$** |
| **DWS** | 12 | 106 | 68,69 | 22,77 | 55,25 | 71,00 | 85,00 |
| **DWS како скала од 1 до 9** | | | 5,72 | 1,9 | 4,6 | 5,92 | 7,08 |

**Табела бр. 4** *Дескрипција на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA*

| Мерка | Добиени скорови | | | | Перцентилни точки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Миним. скор | Максим. Скор | **M** | **SD** | **$P_{25}$** | **$P_{25}$** | **$P_{25}$** |
| **RWA** | 41 | 154 | 99,27 | 20,53 | 87,00 | 100,00 | 113,00 |
| **RWA како скала од 1 до 9** | | | 4,96 | 1,02 | 4,35 | 5,00 | 5,65 |

**Табела бр. 5** *Дескрипција на скалата за социјална доминација, SDO*

| Мерка | Добиени скорови | | | | Перцентилни точки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Миним. скор | Максим. Скор | **M** | **SD** | **$P_{25}$** | **$P_{25}$** | **$P_{25}$** |
| **SDO** | 12 | 75 | 42,05 | 12,92 | 34,00 | 42,00 | 49,75 |
| **SDO како скала од 1 до 9** | | | 3,5 | 1,08 | 2,83 | 3,5 | 4,15 |

Кога би се обиделе да ги *лоцираме* аритметичките средини на испитаниците на трите скали на една скала од 1 до 9 тоа би изгледало на следниот начин:

●........●.........●.....I....●..........I●....... I..●.........●.........●.........●

| 1 | 3,5 | 4,96 | 5,72 | 9 |
|---|---|---|---|---|
| | SDO | RWA | DWS | |

Очигледно, просечните скорови на испитаниците во истражувањето се најниски на скалата за социјална доминација, а највисоки на скалата за верување во опасен свет. Точно во средината се наоѓаат просечните скорови на испитаниците на скалата за десно-ориентирана авторитарност.

Понатаму, беше направен обид поконкретно и појасно да се види каде на трите скали се наоѓаат најголемиот број испитаници.

**Табела бр. 6** *Проценти на испитаници во различни категории на скалите DWS, SDO и RWA*

| | Интервали на DWS и SDO | Проценти на испитаници на DWS по категории | Интервали на RWA | Проценти на испитаници на RWA по категории | Проценти на испитаници на SDO по категории |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу ниски скорови | 12-30 | 7,7 | 20-51 | 2,0 | 19,9 |
| Ниски скорови | 31-49 | 13,3 | 52-83 | 17,9 | **57,7** |
| Средни скорови | 50-69 | 28,6 | 84-115 | **60,2** | 20,9 |
| Високи скорови | 70-89 | **30,6** | 116-147 | 19,4 | 1,5 |
| Многу високи скорови | 90-108 | 19,9% | 148-180 | 0,5 | 0,0 |

Од Табела бр.6 јасно се гледа дека **најголем процент** од испитаниците имаат **високи скорови** на скалата за верување во опсен свет, **DWS** (30,6% од

нив), **средни скорови** на скалата за десно-ориентитарана авторитраност, **RWA** и **ниски скорови** на скалата за социјална доминација, **SDO.**

### ❖ Тестирање на посебните хипотези

Пред да бидат тестирани посебните хипотези за индиректното влијание на социјалната закана врз авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација со потсретство на погледот на свет, беше разгледан ефектот на социјалната закана врз ставовите но без посредувачката варијабла.

➢ Ефектите на социјалната закана врз авторитарите ставови

**Табела бр.7** *Аритметички средини, Стандардни отстапувања за Скоровите на Скалата RWA за четирите различни сценарија и резултатите од анализата на варијанса (АНОВА) за скалата RWA*

| Мерка | Група со Сигурно Сценарио | | Група со Надеж Сценарио | | Група со Контролно Сценарио | | Група со Закана Сценарио | | ANOVA |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **F** |
| **RWA** | 93,76 | 21,47 | 102,85 | 22,45 | 96,92 | 18,45 | 103,7 | 18,48 | 2,74* p<0,05 |
| RWA како скала | -0,52 | 1.79 | 0,24 | 1,87 | -0,26 | 1,54 | 0,31 | 1,54 | |

Ефектот на различните нивоа на закана врз авторитарните ставови беше значаен, но не би можело да се каже дека е линеарен. Највисок просечен скор на скалата за десно-ориентирана авторитарност имаа повторно испитаниците од заканувачкото сценарио, но, по нив на скалата на авторитарност се најдоа испитаниците кои се соживеаа со надеж сценариото, па дури потоа следеа испитаниците од контролното и сигурното сценарио.

Со оглед на тоа дека и овој F однос се покажа значаен (иако на граница на значајност 0,045), повторно беше пресметан Данкановиот тест за откривање на разликите меѓу аритметички средини кои се значајни (види Прилог бр. 9 )

Повеќекратното споредување на аритметичките средини на групите на скалата за десно-ориентирана авторитраност покажа статистичка значајна разлика само помеѓу М на групите испитаници од сигурното и контролното, како и помеѓу М на групите испитаници од сигурното и закануваčкото сценарио (ниво на значјаност 0,05). Сите останати разлики меѓу аритметичките средини меѓу групите се незначајни.

- Ефектите на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната Б хипотеза**)

Ефектите на различните нивоа на закана врз социјалната доминација беше исто така значен, но не линеарен. Највисок просечен скор на скалата за социјална доминација, SDO имаа испитаниците од контролното сценарио, по нив на скалата за социјална доོминација се најдоа испитаниците кои се соживеаа со заканувачкото сценариото, а потоа следеа испитаниците од сигурното сценарио, па оние кои се соживуваа со надеж сценариото.

**Табела бр.8** *Аритметички средини, Стандардни отстапувања за Скоровите на Скалата RWA за четирите различни сценарија и резултатите од анализата на варијанса (АНОВА) за скалата RWA*

| Мерка | Група со Сигурно Сценарио | | Група со Надеж Сценарио | | Група со Контролно Сценарио | | Група со Закана Сценарио | | ANOVA |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **F** |
| **SDO** | 40,18 | 11,54 | 38,06 | 12,67 | 45,29 | 14,50 | 44,50 | 11,81 | 3,6* p<0,05 |
| SDO како скала | -0,65 | 0,96 | -1,83 | 1,06 | -1,23 | 1, 21 | -1,30 | 0,98 | |

Статистички значајна разлика меѓу аритметичките средини имаше само помеѓу М на групите испитаници од надежното и контролното сценарио и помеѓу М на групите испитаници од надежното и заканувачкото сценарио ($p \leq 0,05$). (види прилог бр. 10)

➢ Поврзаноста меѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната В хипотеза**)

Беше пресметана корелација помеѓу сумарните скорови на скалите за десно-ориентирана авторитраност и за социјална доминација (RWA и SDO) и таа изнесуваше r=0,13, што претставува **мала и незначајна поврзаност помеѓу ставовите за авторитарност и ставовите за социјална доминација.**

## ❖ Тестирање на општата хипотеза- Тестирање на Моделот на Duckitt

Пред да биде тестиран моделот на Duckitt, беше направена факторска анализа, пред се поради тоа што во моделот на Duckitt, теоретски беа претпоставени две димензии на авторитарноста, а неговото истражување ја потврди потребата од такво димензионирање на скалата. Имено, во моделот на Duckitt, заканата имаше индиректно влијание само врз ставовите за авторитрана социјална контрола, а тврдењата кои Duckitt ги издвои како потскала на конзервативизам, беа целосно пак модерирани од оние за авторитрана социјална контрола

- Димензионалност на скалата за десно-ориентирана авторитарност

(Во Прилог бр. 13 се дадени табелите од Фактор ската анализа на скалата десно-ориентирана авторитраност)

Факторската анализа одвои 5 фактори кои објаснуваа 52,18% од целокупната варијанса на скоровите на скалата десно-ориентирана авторитраност:

**Фактор 1**

Тврдењата: **7,8,11,12,14** од скалата десно-ориентирана авторитраност се тврдења најмногу заситени од првиот фактор.[22] Тоа се тврдења поврзани со **религијата** и **сексуалното однесување**. Седмото и осмото тврдења се однесуваат на личните, индивидуални сфаќања за тоа што е морално, а што не, наспроти традиционалните религиозни сфаќања или *застарени* форми на религиозни сфаќања. Останатите три тврдења (11-то, 12-то и 14-то) се однесуваат на скромноста, *нормалното* сексуалното однесување, традиционалните семејни вредности наспроти хомосексуалноста и вредноста на личните определби. И религијата и вредностите во однос на сексуалното однесување се дел од традицијата на едно општество, и затоа овој фактор, поточно димензијата во неговата основа, може да се именува како: **Традиционалност**, за да се одвои од новите религиозни верувања и модерните сфаќања за сексуалните однесувања, всушност да се одвои од Конвенционализмот кој не мора, но може да се однесува на прифаќње на моментално преовладувачки, но и новонастанати конвенции (норми, правила) во едно општество.

[22] 7.Атеистите и останатите кои се побуниле против воспоставените религии без сомнение се исто толку добри и благородни, како и оние што редовно ја посетуваат црквата.
8. Луѓето помалку треба да обрнуваат внимание на Библијата и останатите застарени форми на религиозни сфаќања, и наместо нив треба да развиваат лични, сопствени норми и стандарди за тоа што еморално- а што не.
11.Многу наши правила за скромноста и сексуалното однесување се само обичаи кои немора да се подобри или по-свети од оние кон кои се придржуваат другите.
12.Педерите и лезбејките се исто толку здрави и морални како било кој друг.
14.За пофалба е што хомосексуалците и феминистите се доволно храбри да се спротивстават на “традиционалните семејни вредности”.

**Фактор 2**

Тврдењата 15, 17, 19, 20 од скалата за десно-ориентирана аворитраност се тврдења најмногу определни од вториот фактор. [23]

Од анализата на овие тврдења може да се забележи дека сите тие се однесуваат на употребата на силни, цврсти и сурови методи во борбата за зачувување на редот, мирот, дисциплината, за уништивање на сите зла во денешницата и надминување на кризата. Накратко, употреба на агресивни мерки во спроведувањето на редот и дисциплинаѕа наместо *цивилни права и слободи.* Овој фактор е именуван како **Агресивност.**

**Фактор 3**

Тврдења кои се определи од овој трет фактор се : 5, 9, 13, 18.[24]

Послушноста, почитта кон авторитетите, дисциплината, строгото придржување до општо прифатените норми, потчинетоста- се вредностите кои се нудат во овие тврдења. Овој фактор е именуван како **Послушност (Субмисивност)**

---

[23] 15.Случувањата во нашата земја се толку сериозни, што употребата дури и на најсилните (најрадикалните) методи би била оправдана, ако со нив се отстранат проблемите и ако тие не вратат на вистинскиот пат.
17.Она што навистина и треба на нашата земја, наместо повеќе "граѓански права", се строги правила и ред.
19.Тоа што на нашата земја навистина и е потребно- е силен и одлучен водач кој ќе ги уништи сите зла и ќе не врати на вистинскиот пат.
20.Единствен пат по кој наштата земја ќе може да ја надмине кризата- е да се врати на традиционалните вредности, да постави на власт силни водачи и да ги замолкне сите противници кои шират лоши идеи.

[24] 5. Послушноста и почитта кон авторитетите, се најважните вредности кои треба да ги научат децата.
9 Вистинскиот клуч за "добар живот" се послушноста, дисциплината и строгото придржување до општоприфатените норми.
13. Нашата земја ке биде "силна и убава" ако ги почитуваме и следиме патиштата на нашите прадедовци, ако правиме како што кажува власта и ако сосема се ослободиме од "гнилите јаболка" кои расипуваат се околу себе.
18 "Местото на жената" треба да биде таму каде што таа посакува. Времињата во кои што жената е потчинета на мажот и социјалните конвенции- се строго- само минато

**Фактор 4**

Од факорот 4 се определени следниве тврдања во скалата : 1, 2, 3 и 16.[25]

Од анализата на тврдењата би можело да се каже дека заедничко за сите овие трдења е отвореноста и радикалноста- наспроти затвореноста и конзервативноста кон нови идеи, искуства. Овој фактор е наречен **Конвенционалност,** зошто пред се зборува за зачувување на она што веќе постои и одбрана од нови, прогресивни идеи и искуства.

**Фактор 5**

Прашњата 4,6 и 10 се определени од последниот петти фактор.[26]

Заедничкото во овие тврдења е истакнувањето на моралните стандарди, скромниот и пристоен изглед и традиционалните верувања. Овој фактор е именуванн како **Моралност.**

---

[25] 1.Нема ништо погрешно во предбрачните сексуални односи.
2.Никој не би требало строго да се придржува до строги правила и принципи. Луѓето треба да се ослободат од истите и да пробуваат повеќе различни идеи, искуства.
3.Треба отворено да ги прифатиме радикалите и оние што протестираат, зашто новите идеи се основата (суштината) на напредните промени.
16.На нашта земја и се неопходни луѓе кои слободно мислат и кои имаат храброст да им се спротивстават на традиционалните мислења, па дури и ако тоа е вознемирувачко за многу луѓе.

[26] 4.Фактите кои се однесуваат на криминалот, сексуалниот неморал и јавните немири, покажуваат дека мораме поодлучно да им застанеме на пат на девијантните групи и поединците кои создаваат проблеми, ако имаме намера да ги зачуваме нашите морални стандарди, редот и мирот.
6.Некои луѓе можат да сметаат дека е старомодно, но да се има скромен, пристоен изглед сеуште е одлика на еден господин, а особено на една дама.
10.Еден ден нашата земја ке биде разорена ако не ги уништиме перверзиите (изопаченостите) кои го разјадуваат нашиот морал и традиционалните верувања.

Понатаму, инрерсно беше да с евиди како овие фактори /потскали/ корелираат меѓусебно.

**Табела бр. 9** *Корелации помеѓу различните фактори, димензии на скалата за десно-оринетирана авторитраност, RWA*

| | Традиц. | Агресив. | Послуш. | Конвенц. | Моралност |
|---|---|---|---|---|---|
| Традиционалност | 1,00 | | | | |
| Агресивност | 0,265** | 1,00 | | | |
| Послушност | 0,244** | 0,47** | 1,00 | | |
| Конвенционализам | 0,39** | 0,124 | 0,171* | 1,00 | |
| Моралност | 0,245** | 0,501** | 0,421** | 0,172* | 1,00 |

* (p<0.05)

** (p<0.01)

Сите димензии на скалата за десно-ориентирана авторитарност меѓусебно корелираат, освен Агресивноста и Конвенционалноста; корелациите помеѓу димензиите Послушност и Конвенционалност и помеѓу димензиите Моралност и Конвенционалност се значајни на ниво 0,05 (p< 0,05), а сите останати се значајни на ниво 0,01. (p< 0,01); најголеми корелации се забележани помеѓу димензиите Традиционалност и Конвенционалност, помеѓу Агресијата и Послушност, помеѓу Агресија и Моралноста, како и помеѓу димензиите Моралност и Послушност.

Како овие потскали корелираат со тоталниот скор на скалите за десно-ориентирана авторитраност, за социјална доминација и за верување во опасен свет?

**Табела бр. 10** *Корелации помеѓу различните фактори/димензии на скалата за десно-ориентирана авторитраност со тоталниот скор на истата скала, на скалата за социјална доминација и на верување во опасен свет*

| Кореалции (r) | **RWA** | **SDO** | **DWS** |
|---|---|---|---|
| **Традиционалност** | 0,724** | 0,001 | 0,081 |
| **Агресивност** | 0,728** | 0,184* | 0,332** |
| **Послушност** | 0,671** | 0,116 | 0,04 |
| **Конвенционализам** | 0,53** | 0,084 | 0,158* |
| **Моралност** | 0,63** | 0,066 | 0,208** |

* (p<0.05)

** (p<0.01)

Сите фактори на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, високо корелираат со сумарниот скор на RWA. Единствен фактор од скалата RWA кој корелира со скалата за социјална доминација, SDO е факторот именуван како **Агресивност** (p< 0,05).

Фактори од скалара RWA кои не корелираат со скалата за верување во опасен свет, DWS се **Послушност** и **Традиционалност**. Фактори од скалата RWA кои корелираат со скалата DWS се **Конвенционалност** (p<0.05), **Моралност** и **Агресивност** (p<0.01).

- ***Тестирање на теоретскиот каузален модел за ефектите од заканата врз погледот на свет и идеолошките ставови***

LISREL пат нализа беше употребена за да се тестира теоретскиот каузален модел на Duckitt, за тоа **како ќе влијае социјалната закана врз идеолошките ставови, какви што се авторитарните и ставовите за социјална доминација**.

**Слика бр.1**
**Пат дијаграм кој ги поврзува Социјалната Закана, DWS, димензиите на RWA скалата и SDO**



**Легенда**
**ST**- /Social Threat/- **Социјална Закана** (четири нивоа)
**DWS**- Dangerous World beliefs- Скала за **Верувања во опсен свет**
**SDO**- Social Dominance Orientation- Скала за Ориентација кон социјална Доминација
**Фактори на RWA, потскали**
**mo**- Моралност (Ставови кон моралноста и пристојното однесување)
**tr**- Традиционалност (Ставови кон традиционалните вредности, религиозноста и сексуалноста)
**ag**- Агресивност (Ставови за примена на насилни мерки во справувањето на социјалните проблеми, нереди, отстапувања)
**po**- Послушност (Ставови кон послушност, респект кон авторитетите)
**ko**- Конвенционалност (Ставови кон зачувување, одбрана и одржување на конвенционалните, општо прифатени норми и поведенија)

Следните табели ги покажуваат вкупните (тоталните), директните и индиректните ефекти на **социјалната закана** врз **верувањето во опасен свет**, авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација.

**Табела бр. 11** *Стандардизирани вкупни ефекти на социјалната закана врз верувањето во опасен свет, димензиите на авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација*

| | ST | DWS | ko | ag | po | Tr | mo |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| DWS | **.654** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ko | .083 | **.227** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ag | **.335** | **.386** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| po | .012 | -.005 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| tr | .026 | .142 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| mo | .090 | **.351** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| SDO | .175 | .060 | .070 | .110 | .054 | -.068 | -.035 |

**Табела бр. 12** *Стандардизирани директни ефекти на социјалната закана врз верувањето во опасен свет, димензиите на авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација*

| | ST | DWS | ko | ag | po | Tr | mo |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| DWS | **.654** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ko | -.065 | **.227** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ag | .082 | **.386** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| po | .015 | -.005 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| tr | -.068 | .142 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| mo | -.140 | **.351** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| SDO | .121 | .024 | .070 | .110 | .054 | -.068 | -.035 |

**Табела бр. 13** *Стандардизирани индиректни ефекти на социјалната закана врз верувањето во опасен свет, димензиите на авторитраните ставови и ставовите за социјална доминација*

| | ST | DWS | ko | ag | po | Tr | mo |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| DWS | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ko | .148 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| ag | **.253** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| po | -.003 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| tr | .093 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| mo | **.230** | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |
| SDO | .054 | .036 | .000 | .000 | .000 | .000 | .000 |

Сликата бр.1 ги покажува стандардизираните пат коефициенти кои се се добија со тестирање на моделот. Само патиштата од нивоата на закана до верувањата во опасен свет, од верувањата во опасен свет до *агресивноста*, *моралноста* и *конвенционализмот* се покажаа како значајни. При тоа:

- директните ефекти на социјалната закана врз верувањата во опасен свет се големи и значајни.

-директните ефекти на социјалната заканата врз петте фактори /димензии/ на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, беа незначајни.

-директниот ефект на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација е мал, но постои.

-верувањето во опасен свет има директни ефекти врз Агресивноста, Моралноста и Конвенционалноста, но не врз Послушноста и Традиционалноста.

**-Индиректни ефекти социјалната закана има врз Агресивноста и Моралноста и сосем мал врз Конвенционалноста.**

# ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## ❖ Тестирање на поединечните хипотези

- Ефектите на социјалната закана врз погледот на свет (тестирање на **поединечна хипотеза бр.1**)

Од табелата бр.2 може да се види дека ефектот на различните нивоа на социјална закана врз погледот на светe голем, значаен и речиси перфектно линеарен. ***Колку условите (со кои се соживуваат испитаниците) се позаканувачки, толку испитаниците се повеќе убедени (повеќе веруваат) дека светот околу нив е опасен.*** “Највисоко” на скалата за верување во опасен свет, DWS, се оние испитаници кои се соживуваа со заканувачкото сценарио, а “најниско” на истата скала се оние испитаници, кои се соживуваа со сигурните и безбедни услови на живеење. Нема разлика на скалата DWS помеѓу испитаниците кои се соживуваат со сигурното и надеж сценарио и помеѓу оние кои се соживуваа со контролните и заканувачките услови. Па така, условно, според одговорите на испитаниците на скалата за верување во опасен свет, истите можеме да ги поделиме на **испитаници од безбедни услови** (тука би се вброиле испитаниците од сигурното и надеж сценарио) и **испитаници од небезбедни услови** (испитаници од контролното и заканувачкото сценарио).

Од кажананото, можеме да заклучиме дека

| **Поединечната хипотеза бр.1 е потврдена** |
|---|

1.2) Поврзаноста помеѓу погледот на свет и идеолошките ставови - авторитарните и ставовите за социјална доминација (тестирање на **вторaта и третата поединечна хипотеза- бр.2 и бр.3**)

Постои поврзаност помеѓу погледот на свет и авторитарните ставови и, иако помала, помеѓу погледот на свет и социјалната доминација. Корелациите, иако мали, се значајни, па можеме да заклучиме дека постои поврзаност помеѓу тоа како субјектите го перцепират светот и какви се

нивните ставови кон авторитетите и одобрувањето на групните хиерархии. Со гледање на светот како заканувачки се поврзани позитивни ставови на испитаниците кон прифаќање и одбрана на авторитетите и подржување на хиерархиски односи во општеството. Оттука, можеме да заклучиме дека:

**Поединечната хипотеза бр. 2 е потврдена**

**Поединечната хипотеза бр. 3 е потврдена**

Интересно е што овие податоци донекаде даваат можност за анализа на податоците од аспект на тоа колкав е уделот на личноста (со тоа што човековиот поглед на свет во овој случај е дефиниран како делумно персонална варијабла) во нејзините идеолошки ставови. Имено, со тоа што заканата во овој сегмент е држена константна, може делумно да се одреди колку навистина се поврзани човековиот поглед на свет, авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација.

- **Тестирање на посебните хипотези**
- Ефектите на социјалната закана врз авторитарите ставови (тестирање на **посебната А хипотеза**)

Ефектот на различните нивоа на закана врз авторитарните ставови постои, но е помал во споредба со оној што го има заканата врз погледот на свет. Највисоко на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA се оние испитаници, кои се соживуваа со заканувачкото сценарио, а најниско на истата скала се испитаниците од сигурното сценарио. Или, ***највисоки авторитарни ставови покажуваа испитаниците кои се најдоа во сосем заканувачки и небезбедни услови на живеење, а најмалку авторитарни беа оние кои се најдоа во сосем безбедни и сигурни услови на живеење.*** Изненадуваат одговорите на RWA скалата на оние, кои се соживуваа со надеж сценариото. Во тој контекст, групата испитаници од надежното сценарио не се разликуваа со ниту една друга група според нивните одговори на скалата за десно-ориентирана авторитарност. Значи, можеме да кажеме дека ефект на различните услови на живеење врз авторитарните ставови

постои, но не можеме да кажеме дека тој ефект е линеарен и еднозначен. Имено, ние неможеме да кажеме како во случајот со верувањето во опасен свет, дека како расте нивото на закана така се зголемуваат авторитарните ставови. И, иако не можеме да направиме, едноставно како во случајот со верувањето во опсен свет, две групи испитаници според одговорите на RWA скалата, сепак според истите одговори, можеме да издвоиме две групи кои меѓусебно значајно се разликуваат-се наоѓаат на двата екстрема на RWA скалата. Едната група ќе ја сочинуваат испитниците од сигурното сценарио, а другата испитаници од контролното и заканувачкото сценарио (ги исклучуваме испитаниците од надежното сценарио кои според одговорите на RWA скалата не се разликуваа со ниту една друга група) Така (очекувано), најавторитарани ставови покажаа оние кои се најдоа во сосем заканувачки и контролни услови, а најмалку авторитарни покажаа испитаниците, кои се најдоа во сосем сигурни и безбедни услови на живеење.

**Посебната хипотеза А** претпоставуваше индиректно влијание на социјалната закана врз авторитарните ставови, но за тој индиректен ефект ќе можеме да зборуваме откако ќе го тестираме каузалниот модел на Duckitt. До тука можеме да кажеме само дека **социјалната закана има ефект врз авторитарните ставови.**

- Ефектите на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната Б хипотеза**)

Ефектот на различните сценарија врз ставовите за социјална доминација исто така постои, но е мал. Највисоко на скалата за социјална доминација, SDO, се испитаниците кои се соживуваа со контролните услови, а најниско на истата скала се испитаниците кои се соживуваа со надежното сценарио. Групата испитаници од сигурното сценарио не се разликуваа со ниту една друга група според нивните одговори на скалата за социјална доминација. Значи, можеме да кажеме дека ефектот на различните услови на живеење врз ставовите за социјална доминација постои, но не можеме да кажеме дека тој ефект е линеарен и еднозначен. Имено, како и во овој случајот со RWA

скалата, неможеме да кажеме дека како расте нивото на закана така се зголемуваат ставовите за социјална доминација. И тука можеме да можеме да издвоиме две групи кои меѓусебно значајно се разликуваат-се наоѓаат на двата екстрема на SDO скалата. Едната група ќе ја сочинуваат испитниците од надежното сценарио, а другата испитаници од контролното и заканувачкото сценарио (ги исклучуваме испитаниците од сигурното сценарио кои според одговорите на SDO скалата не се разликуваа со ниту една друга група) Така, највисоки ставови за социјална доминација покажаа оние кои се најдоа во контролни и сосем заканувачки услови, а најниски покажаа испитаниците, кои се најдоа во надежни услови на живеење.

**Посебната хипотеза Б** претпоставуваше индиректно влијание на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација, но за тој индиректен ефект ќе можеме да зборуваме откако ќе го тестираме каузалниот модел на Duckitt. До тука можеме да кажеме само дека **социјалната закана има ефект врз ставовите за социјална доминација.**

- Поврзаноста меѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација (тестирање на **посебната В хипотеза**)

**Не постои поврзаност помеѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација.** Дали испитаниците ќе поддржуваат или не, групни хиерахии во општеството, воопшто не е поврзано со тоа дали тие истовремено ги одобруваат и промовираат авторитарните вредности. Оттука:

**Посебната хипотеза В не е потврдена**

- **Тестирање на општата хипотеза**- Тестирање на Моделот на Duckitt
- Димензионалност на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA

Со факторската анализа беа одвоени 5 фактори кои објаснуваат 52% од целокупната варијанса на скалата за десно-ориентирана авторитраност, а квалитативната анализа на тврдења во скалата, кои најмногу се одредени од секој фактор покажа дека:

- *првиот фактор* би можеле да го именуваме како димензија на **Традиционалност** (**Тр** подоцна во моделот)), а тврдењата кои најмногу се заситени од тој фактор се однесуваат на промовирање на личните, индивидуални сфаќања за тоа што е морално, а што не, наспроти одбрана на традиционалните или *застарени* религиозни сфаќања; одбрана на *нормалното* сексуално однесување, традиционалните семејни вредности наспроти прифаќање на хомосексуалноста и вредноста на личните определби. Со еден збор, подржување или неподржување на сé што е дел од традицијата на едно општество.
- *вториот фактор* би можеле да го именуваме како димензија на **Агресивност** (**Аг** подоцна во моделот**)**, а тврдењата кои најмногу се заситени од тој фактор се однесуваат на употребата на силни, цврсти и сурови методи во борбата за зачувување на редот, мирот, дисциплината; за уништивање на сите зла во денешницата и надминување на кризата. Значи, употреба на агресивни мерки во спроведувањето на редот и дисциплината наместо *цивилни права и слободи.* .
- *третиот фактор* би можеле да го именуваме како димензија на **Послушност (По)** или субмисивност, а тврдењата кои се заситени од овој фактор се однесуваат на вредностите: послушност, почит кон авторитетите, дисциплина, строго придржување до општо прифатените норми, потчинетост.
- *четвртиот фактор* би можел да се именува како димензија **Конвенционализам (Ко),** а тврдењата во основата на оваа димензија се однесуваат на отвореноста и радикалноста- наспроти затвореноста и

конзервативноста кон нови идеи, искуства, значи зачувување на она што веќе постои и одбрана од нови, прогресивни идеи и искуства.

- *петтиот фактор* би можел да се именува како дименизија на **Моралност (Мо),** а заедничко на тврдењата кои најмногу се определени од овој фактор е истакнувањето на моралните стандарди, скромниот и пристоен изглед и традиционалните верувања.

Сите овие пет димензии, или потскали на скалата за десно-ориентирана авторитарност очекувано високо корелираат меѓусебно (освен Агресивноста и Конвенционалноста) и со сумарниот скор на истата скала. Сепак, најголеми кореалции се забележани помеѓу димензијата Традиционалност и Конвенциоалност, помеѓу Агресивноста и Послушноста, помеѓу Агресивноста и Моралноста, како и помеѓу Моралноста и Послушноста. Оттука, можеме условно, врз основа на високите меѓусебните корелции на димензиите, истите да ги групираме во две поголеми групи:

**Првата група** би ги опфаќала димензиите Традиционалност и Конвенциоаналност, а

**Втората група** би ги опфаќала Агресивноста, Моралноста и Послушноста.

Вака групираните 5 димензии кога ќе ги споредиме со двете потскали во Моделот на Duckitt, кој всушност се тестира во ова истражување, ќе забележиме повеќе сличности, но и разлики. Пред да се помине на детално дефинирање на сличностите и разликите помеѓу моделот на Duckitt и моделот во ова истражување, треба да се напомене дека петте димезнии во ова истражување се одвоени по статистички пат, со факторска анализа, а во истражувањето на Duckitt до двете димензии се дошло по теоретски пат. Имено, двајца стручњаци независно ги класифицирале 20-те тврдења од скалата за десно-ориентирана авторитраност во две скали:

- во **Првата Скала** се ајтеми кои примарно се однсуваат на димензијата **Конвенционалнот Конзервативизам** (Duckitt ја именувал како Скала на Конвенционалност и Авторитарна субмисивност), при тоа мислејќи на конформност и респект кон традиционалните конвенционални и социјални вредности, институции и авторитети,

- во **Втората Скала** се тврдења кои примарно се однесуваат на **авторитарната социјална контрола (**Duckitt ја именувал како Скала на **авторитарна агресија)**, поточно на поддршка за или против: казнива, репресивна, строга социјална контрола на девијантноста, протестите и дисидентите

Експерти независно класифицирале седум тврдења кои мерат авторитарна социјална контрола, а 12 ајтеми- конвенционален конзеравативизам. (види прилог бр.11). Еден ајтем не можел да биде класифициран, поточно се чинел дека зборува и за двете појави (твдрење број 19) и тој бил изоставен од скалата и понатамошната анализа во истражувањето на Duckitt.

**Сличности на моделот во ова истражување (Истражувачкиот Модел, понатаму во текстот И- Модел) и Моделот на Duckitt (понатаму во тексто Д- Модел).**

- Во **И- Моделот**, димензијата Агресивност (примарно одредена од вториот фактор) потполно се вклопува во Втората скала во **Д- моделот**, (сите ајтеми од димензијата **Аг** се дел таа скала, која и самиот Duckitt ја нарекол Скала на авторитарна агресија)
- Димензиите Конвенционализам и Традиционализам (Ко и Тр) од **И- Моделот** потполно се дел од Правата скала на **Д- Моделот**, која и самиот Duckitt ја нарекол Скала на Конвенционален Конзервативизам.

**Разлики**

- Димезијата Послушност во **И- Моделот** беше издвоена како посебна димензија (примарно определна од треиот фактор), но во истражувањето на Duckitt, авторитарната субмисивниост е дел од Првата скала- Конвенционален Конзервативизам. Разликата не е само во тоа што во **И- Моделот** е посебно изделена димензија, туку таа и повеќе корелира со Димензиите Аг и Мо, а не со Конвенционалноста и Традиционализмот (кои Duckitt, сите теортски ги сместил во Првата скала на **Д- Моделот**)

- Во **И Моделот**, беше посебна изделена уште една димензија, Димензијата Моралност, која пак (поточно нејзините ајтеми) целосно се вклучени во Втората Скала (Скалата на Авторитрана Агресија) на **Д-Моделот**.

Димензиите (потскалите) на RWA скалата од двата модела можеме да ги претставиме и споредиме на следниот начин:

**Табела бр. 14** *Споредба на Димензиите (потскалите) на RWA скалата од* ***И-Моделот*** *и* ***Д- моделот***

| Скали во Д- Моделот | **Д- Модел** | | **И- Модел** | Групи на димензии во И-Моделот |
|---|---|---|---|---|
| **Прва Скала/ Димензија** | Конвенционален Конзераватививизам | | Традиционализам | **Прва Група Димензии** |
| | Авторитрана субмисивност | | Конвенционализам | |
| **Втора Скала/ Димензија** | Авторитрана Агресија | | Агресивност | **Втора Група Димензии** |
| | | | Моралност | |
| | | | Послушност | |

Оттука, ако конвенционалниот конзервативизам од Д-Моделот е она што се Традиционализмот и Конвенционалноста во И-Моделот, а Авторитарната Агресија од Д-Моделот, ги опфаќа ајтемите на димензиите Агресивност и Моралност во И-Моделот, можеме да кажеме дека единствена разлика помеѓу овие два модели во та што **Duckitt теоретски Авторитарната Субмисивност ја *вбројува* во Димензијата Конвенционален Конзервативизам и прифаќање на конвенционални и традиционални вредности, а во ова истражување, беше посебно изделена оваа димензија на Послушност и најмногу корелираше со димензиите Агресивност и Моралност.**

## ТЕСТИРАЊЕ НА КАУЗАЛНИОТ МОДЕЛ И ПОТВРДУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ

Од тестирањето на каузалниот модел може да се види дека **социјалната закана** има директен ефект само на **погледот на свет** (верувања дека светот околу нас е опасен), нема директен ефект на ниту една димензија на скалата за десно-ориентирана авторитраност, ниту пак на ставовите за социјална доминација. Се покажа претпоставениот индиректен ефект на социјалната закана но, само врз ставовите од димензијата Агресивност и Моралност.

Индиректен ефект на социјалната закана и 5-те димензии на RWA скалата врз социјалната доминација не е забележан.

Со оглед дека **подeничните хипотези бр.1, бр.2 и бр.3 беа потврдени**, **посебната хипотеза В не беше потврдена**, остана тестирањето на каузалниот модел за да ги потвдри или не **посебните А и Б хипотези** и **Општата хипотеза**-поставени во ова истражување.

**Посебната А хипотеза** претпоставуваше индиректно влијание на социјалната закана врз авторитарните ставови преку човековиот поглед на свет. Тестирањето на моделот покажа индиректен ефект на заканата само врз некои димензии од авторитарните ставови, како што се димензиите: Агресивност и Моралност. Директни ефекти на заканата не беа забележани на ниту една димензија од авторитарните ставови. Оттука, можеме да кажеме дека:

| |
|---|
| **Посебната А хипотеза е делумно потврдена** |

**Посебната Бхипотеза** претпоставуваше индиректно влијание на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација преку човековиот поглед на свет. Тестирањето на моделот не покажа индиректен ефект на заканата врз ставовите за социјална доминација, па затоа со сигурност може да се каже дека:

| |
|---|
| **Посебната Б хипотеза не е потврдена** |

**Општата хипотеза** претпоставуваше дека социјалната закана ќе има влијание врз иделошките ставови, како што се ставовите за авторитраност и за социјална доминација, но тој ефект нема да бие директен, туку индиректен, преку погледот на свет или верувањето дека светот во кој се живее е опасен. Пат анализата сликовито ни покажа дека социјалната Закана има влијание врз некои димензии на авторитарните ставови и тоа влијание е индиректно, а нема влијание врз социјалната закана, ниту директно ниту индиректно. Значи:

**ОПШТАТА ХИПОТЕЗА Е ДЕЛУМНО ПОТВРДЕНА**

Сумирано:

**Кога социјалните услови се заканувачки поединците веруваат дека светот во кој живеат е опасен и реагираат со подржување на агресивни мерки во зачувување на редот и мирот, бараат поголема одлучност во справувањата со нередите заради зачувување на моралните и конвенционални вредности. Меѓутоа заканите од надворешниот свет, пратени со верувањата дека светот во кој се живее е опасен нема да влијаат врз субјективната поддршка за хиерархиската поставеност и одбрана на постоење нерамноправни позиции во општеството.**

Истражувачките резултати понудија интересни анализи, тие имаат важни импликации во однос на неколку прашања и области, но и оставија неколку нерешени прашања и дилеми.

- **контролното** и **надеж-сценарио**

Причините за флуктуација на одговорите на испитаниците од **контролното** и **надеж-сценарио**

Во оригиналното истражување на Duckitt, постојат 3 сценарија, при што едното е контролно, што зборува за непроменет Нов Зеланд /релативно стабилен како во денешницата/, второто е сценарио со социјална закана, а третото е наречено сигурно и безбедно сценарио, во кое се опишува голем подем на Нов Зеланд на економски и социјален план. Со оглед дека таквите сценарија беа неприменливи во наши услови, беше направен обид да се конструираат нови 4 сценарија, при што едното е контролно. Бидејќи кај нас контролните услови веќе се со социјална закана, беше конструирано уште едно со уште повисок степен на социјална закана. И уште две други, при што едното од нив е именувано како “надеж сценарио”, а другото сигурно и стабилно.

Сугестијата за внесување на 4 (четири) наместо оригиналните 3 (три) сценарија, ја подржа податокот добиен во пилот истражувањето, (види прилог бр.5), дека немаше сто-процентно сложување помеѓу испитаниците за тоа- кое сценарио наликува на денешните услови за живеење. Живееме во ниту малку едноставни и еднозначно дефинирани општествени услови, а ситуацијата ни оддалеку не е едноставна како во другите земји, каде континуирано се задаваат трите стандардни сценарија: контролно, со закана и сосем безбедно сценарио.

Од истражувачките резултати може да се забележи дека испитаниците кои се соживуваа со двата екстремно дефинирани услови (потполно безбедни и потполно небезбедни услови) очекувано и конзистентно реагираат на заканата. Имено, испитаниците од сценариото со закана најмногу веруваат

дека светот во кој живеат е опасен, а последователно се и “највисико” на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA. Испитаниците кои се соживуваат со безбедните услови се тие кои најмалку веруваат дека светот во кој живеат е опасен, а последователно се и “најдолу” на истата скала. Флуктуираат одговорите на испитаниците од контролното и надеж сценарио.

Кога би се обиделе да ги најдеме причините за ваквите одговори на испитаниците, веројатно дека би се задржале на оној сегмент од сценаријата кој се нарекува **дефинираност** и **јасност**. Условите во сигурното сценарио и сценариото со закана се јасно дефинирани како безбедни (во првиот случај) или заканувачки (во вториот случај), а испитаниците најверојатно немаат дилема за каква ситуација станува збор. Контролните услови се реалните услови и тие не беа опишани во зададеното сценариот, туку само беше посочено дека Македонија и после десет години е иста како и денес, што пак дозволува различно дефинирање на реалните услови на секој испитаник во истражувањето. Надеж- сценариото исто така е прилично недифинирано во насока на тоа дека условите се подобруваат но, сеуште не се со согурност дефинирани како сигурни и безбедни. Ваквата недефинираност на условите во контролното и надеж сценариото можеби беше причина што испитниците од овие сценарија не се најдоа на очекуваните позиции на скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, и скалата за социјална доминација, SDO скалата. На овие испитаници им беше оставен поголем простор да го внесат сопственото гледање на реалната ситуација.

❖ Димензионалност на скалата за десно-ориентирана авторитарност, <u>RWA</u>

Adorno и неговите соработници претпоставиле, врз основа на посебни испитувања, дека **девет** особини ја каракатеризираат авторитарната личност: **Конвенционализам, Авторитарна субмисивност, Агресивност, Деструктувност и цинизам, Антиинтрацептивност, Почитување на власта,** често користење на **маханизмот: проекција**, **Ригидност во мислењето** како и претеран интерес за **сексуалната настраност**.

Подоцна Altemeyer го “рафинирал” конструктот на авторитарноста на само **три** од 9-те оригинални компоненти (**конвенционализам, авторитарна субмисивност и авторитарна агресивност),** со што индиректно посочил постоење на димензии на авторитарност. Но, тој немал намера да селектира одредени тврења во скалата кои ќе се однесуваат конкретно на само една од овие димензии. Па така, тргнувајќи од неговота концептуализација на авторитарноста како коваријација на конвенционализам, авторитарна субмисивност и авторитарна агресивност, тој едноставно напишал, конструирал голем број на тврдења, тврења за кои претпоставил дека се однесуваат на еден или повеќе од овие конструкти /димензии/, а потоа ги селектирал оние тврдења кои во истражувањата имале висока корелација со сумарниот скор на скалата за десно-ориентирана авторитарност. Крајниот резултат бил тоа, што во неговата скала нема посебно издвоени (ниту еднаков број) тврења кои ќе се однесуваат на посебно конструираните три димензии.

Во релевантното итстражување на John Duckitt пак, два независни експерти теоретски ги класифицирале 20-те оригинални тврдења од скалата за десно-ориентирана авторитарност во **две** потскали (кои зборуваат за две димензии): едната со 7 ајтеми која ја мери **авторитарната социјална контрола** и 12 ајтеми кои го мерат **социјалниот конзервативизам** со 100% сложување меѓу нив. Се покажало дека вака издвоените димензии различно реагираат на заканата и различно корелираат со тврдењата во скалата за верувањата во опасен свет. Во моделот на Duckitt, заканата многу повеќе влијае (индиректно-преку верувањата во опасен свет) на авторитарната агресија, отколку на конзервативните ставови.

Во конретното истражување пак, со факторската анализа беа одвоени 5 фактори кои објаснуваат 52% од целокупната варијанса на скалата за десно-ориентирана авторитарност, а квалитативната анализа на тврдењата во скалата, даде солидна основа за именување на тие фактори во димензии на **Традиционалност, Конвенционалност, Агресивност, Моралност и Послушност.** Сите овие различно корелираа меѓусебе, но и со сумарниот

скор на скалата за десно-ориентирана авторитарност- RWA, скалата за верување во опасен свет- DWS и скалата за социјална доминација- SDO. Заканата имаше различно влијание врз нив, имено, тестирањето на каузалниот модел го дефинираше ефектот, и тоа само индиректен, на заканата само врз *агресивноста* и *моралноста* и сосема мал врз *конвенционалноста*. Другите димензии не реагираа на влијанието на заканата.

Како и да се толкуваат ваквите резултати, тие со сигурност зборуваат дека **станува збор за повеќе димензии на авторитарните ставови**. Всушност, најголемиот број истражувачи во областа на авторитарноста зборуваат за авторитарна структура на личност и нејзини компоненти, или пак за мултидимензионалноста на авторитарните ставови. А како авторитарноста се развива во едно конкретно општествено, социјално, културно милје, компонентите или димензиите, можеби нема секаде да бидат исти или еднозначни. Дури и самиот Sanford (1977, според Altemeyer, 1998 ) сугерирал дека авторитарната личност може да биде временски определена. Оваа сугестија е базирана на голем дел од истражувачките резултати кои ги истакнуваат **ситуациските варијабли во развојот на авторитарноста**. Sanford сугерирал дека како резултат на временските промени, авторитарна личност како од 40-тите можеби нема да се појави денес, па така заинтересираниот истражувач мора да го земе ова предвид и да направи напор да дефинира нова форма на авторитарна личност која ќе биде **временски и просторно определена**.

❖ Зошто на заканата реагираат само некои димензии на авторитарните ставови?

Истражувачките резултати го истакнаа индиректното влијание на заканата само врз **агресивноста** и **моралноста**. Во дискусијата на овие резултатите би тргнале од дефиницијата за појавување на агресијата на Altemeyer.

За Altemeyer агресијата значи намерно предизвикување, нанесување повреда на друг. Повредата може да биде физичка, психолошка (страдање), финансиска загуба, социјална изолација или некоја друга негативна, непријатна состојба која луѓето обично се трудат да ја избегнат. Според него, агресијата е авторитарна кога произлегува од **верувањето дека вистинскиот авторитет ја одобрува, или од убеденоста дека таа ќе помогне во зачувувањето на тој авторитет**.

Имено, предиспозицијата за ваква агресија не значи дека авторитарците секогаш кога ќе се појават одредени услови, ќе се однесуваат агресивно. **Стравот од одмазда може да ги сопре нив, како што можат правните и социјални прохибиции против агресијата во културата во која тие живеат**. Тука е она место каде што перцепцијата на авторитетната санкција игра улога. Тоа, според Altemeyer може да го дезинхибира агресивниот импулс.

Altemeyer понатаму ја употребува Теоријата на социјално учење на Бандура за да одговори на прашањето зошто високо авторитраните се спремни во името на авторитетите да се однесуваат агресивно. Bandura (1973, според Altemeyer, 1998) вели дека агресивното однесување е поттикнато од некои аверзивни стимулуси, но може да биде изведено само ако инхибициите против агресијата можат да бидат надвладеани. Секој може да замисли многу различни болни стимулуси (како вина, гнев, љубомора) и дисинхибитори (како на пример дифузија на одговорноста во групата, дури и состојба на пијанство), и секој од овие може да игра улога во еден или друг акт на авторитарната агресија. Но, главниот поттикнувч и ослободувач се чини дека се **стравот** и **верувањето во сопствената исправност**. Првиот повеќе како поттикнувач, а вториот како десинхибитор.

Значи, лутина, љубомора, болка, состојби на пијанство, деиндивидуација и дифизија на одговорност, а да не се споменува најголемиот десинхибитор меѓу нив- осигураност од одмазда- сите овие можат да предизвикаат некои акти од авторитарната агресија. “Но стравот е тој што го става прстот на тригерот, а верувањето во сопствената исправност е главниот

ослободувач!" Имено, според Altemeyer, што всушност и го докажал со својот експеримент, за една субмисивна и конвенционална личност да изреагира агресивно, потребно е да чувствува **страв**, кој понатаму комбиниран со карактеристичното чувство на авторитарците: верувањето дека тие се исправните, кое пак ќе ја ослободи сигурноста во нивние постапки- ќе доведе до ослободување на авторитарните импулси. (Altemeyer,1998)

Податоците од вкрстените валидации добиени од Универзитетот во Pitsburg и Houston во 1990 само го потврдиле заклучокот на Altemeyer: Стравот, произлезен од верувањето дека живеат во опасен свет и верувањето во сопствената исправност, ги објаснуваат релациите на авторитараните со нивните ставови кон хомосексуалците, етноцентризмот, изрекувањето на посурови казни на криминалците и желбата за маргинализирање или отстранување на некои одредени (малцински, девијантни) групи.

Имајќи ги сите овие сознанија предвид, можеме да претпоставиме зошто во актуелното истражување заканата имала посебно вилјание врз агресивноста. Република Македонија подолг период живее општествена криза, а стравот на граѓаните е очекуван и присутен. Стравувањата од војна (пред 2001) се покажаа како основани, а и сеуште постојат. Една третина од испитаниците во пилот истражувањето одговориле дека Сценариото со број 1 (сценариото со екстремна закана) најмногу наликува на денешните услови, 11,6% од испитаниците одговориле дека сценариото бр.1 е најверојтното идно сценарио на РМ, а истовремено, истите испитаници се изјасниле дека би им претставувало поголем проблем за се соживееат со сигурните и безбедни услови за живеење во РМ.

И истражувањето во 1998/99 во Институтот за социолошки и политичко правни истражувања (Скопје, 2001), спроведено во Македонија докажува дел од овие резултати. Имено, во тоа истражување, за димензијата на авторитарноста која се однесува на агресивноста (како потреба за казнување на субјектите кои отстапуваат од редот и дисциплината, кои прекршуваат одредени норми), биле користени неколку ставови во врска со прекршителите на општествените норми и институциите кои се задолжени за

чување на редот и санкционирањето. Да се потсетиме дека 79% од испитаниците изразиле верување дека *единствен начин да се намали криминалот е тој максимално да се казнува.* А во иста насока оди и ставот дека, дури и *тепањето на затворениците треба да се дозволи.* Овој став го прифатиле 30,5%. Авторите сметаа дека и една третина од испитаниците не се мала и занемарлива бројка, *бидејќи би се очекувало поголем отпор кон постапки кои секаде во светот се осудувани, и за кои кај нас последниве години се води мошне интензивна демократска кампања.* Сосема конзистентно на претходното, индикативни податоци се добиле и кога на испитаницте им се презентирал ставот дека *полицијата мора и да тепа ако треба,* со кој се соглесиле 58,5%.

Може да се заклучи дека ставовите кои поддржуваат употреба на сила во насока на зачувување на редот и дисциплината, во насока на справување со девијантните однесувања **се дел од политичката култура на граѓаните на РМ.** Тие најверојатно дел се резултат на заканувачките и небезбедни услови на живеење, кои континуирано ги потхрануваат стравовите за сопствената безбедност, а делумно (како и според Altemeyer) можеби и од верувањето дека вистинските авторитети ја одобруваат, или од убеденоста дека таа ќе помогне во зачувувањето на тие авторитети. Постои можност и социјалните прохибиции против агресијата во нашата култура да не се доволно актуализирани.

Што се однесува до ставовите за моралноста, кои исто така реагираа на заканата, може да се каже дека тоа беа тврдења кои во скалата на Duckitt влегуваа заедно со агресивноста во скалата за авторитарна социјална контрола. Испитаниците покажаа ставови за агресивно справување со проблемите заради зачувување на моралните вредности и норми. Можеби заради тоа што токму тие страдаат во вакви немирени услови, а повикувањето на моралност и етичност е последна надеж во "морето" непријатни случувања.

Зошто заканата нема никаков ефект, дури ни индиректен, врз останатите димензии на авторитарноста: послушноста, конвенционализмот и

традиционалноста, беше следниот сегмент на интерес. Можеби причината е во тоа што тоа се димензии кои најмногу се определни од личните карактеристики на личноста, а индиректно од начинот на социјализација и воспитување на индивидуите во потесното семејство, а социјалните закани малку веројатно дека имаат удел во нивното настанување. Дали некој ќе биде послушен или не, дали ќе ги прифаќа конвенционалните или традиционални вредности во општеството- најверојатно не е резултат на пошироките социјални закани, туку резултат на воспитувањето од страна на родителите и пошироко- вредностите што се промовираат низ долготрајниот процес на образование и воспитување во конкретната социјална околина.

❖ Зошто социјалната закана не влијае врз ориентацијата кон социјална доминација

Во истражување на Altemeyer, студентите високо на скалата за социјална доминација, SDO, соопштувале дека нивните ставови кон социјалната доминација биле моделирани од нивните родители, посебно од нивните татковци. Согласно со тоа, Altemeyer, како и “креаторите” на теоријата за социјална доминација, заклучваат дека оринетацијата за социјална доминација изгледа дека е повеќе **социјално научена** отколку што произлегува од чист селф-интерес. (Altemeyer, 1988).

Во литературата повеќепати било истакнувано дека ориентацијата кон социјална доминација е повеќе од психолошки профил и дека таа има дефинитивно инстиуционални импликации. Моќните институции во државата може да тежнеат високо, или пак ниско, да ги вреднуваат вработените, и воопшто индивидуате, со високи ставови за социјална доминација. Социјалната доминација во некои култури се протежира како здраво и нормално, но во актуелното социјално милје не би можело да се каже дека е тоа случај. Република Македонија во својата историја подолго и повеќе бележи истакнување на вредности како еднаквост, братство-единство, рамноправност, отколку истакнување на вредности како одобрување на статусни хиерахии, постоење на елити наспроти народни маси, национализам

наспроти прифаќање на другите, различни од нас. Посебно во последните години од осамостојувањето на Републиka Македонија, а најмногу по кризно-воените случувања во 2001 година, се силни кампањите за рамноправност и соживот. Па ако ориентацијата кон социјална доминација е научена и институционално протежирана, очигледно е зошто таа не е дел од политичката култура на граѓаните на РМ. Впрочем и при споредбата на одговорите на испитаниците на скалите на авторитраност, социјална доминација и верување во опесен свет, јасно се покажа дека испитаниците се "најниско" на скалата за социјална доминација во споредба со останатите две скали, а најголем број од испитаниците (речиси 58%) даваат ниски одговори на скалата.

Кога би зборувале со јазикот на истражувачите во областа на социјалната доминација, би рекле дека испитаниците во истражувањето не покажаа помодерен вид на предрасуди, и не се- (имајќи ги предвид податоците дека нивните скорови беа најниски на скалата за социјална доминација, СДО)- *социјални доминатори* и *економски конзервативци*. Иако за испитаните субјекти би можеле да кажеме дека спаѓаат во групата со релативно висок статус во општеството (**Македонци**-како мнозинство и **студенти**), сепак тие ја немаат очекуваната ориентација кон социјална доминација. Причините би можеле да бидат и во немањето чувство за повластена група во општеството. На повластените групи во едно општество социјалната доминација им служи за оправдување и зачувување на нивната позиција и статус, но очигледно тука тоа не е случај. Сепак, овие претпоставки се само претпоставки со оглед дека не располагаме со податоци за тоа како испитаниците се гледаат и перцепираат себеси и групата на која припаѓаат.

Во истражувачката литература на социјалната доминација постојат интересни импликации за поврзаноста на социјалната доминација со резлигиозноста, како и статусот на групите во општеството. Во ова истражување беше опфатен само дел од студентската популација, македонци со православна вероисповест, па предизвик претствува истражување на социјалната доминација кај возрасно население, субјекти со различна

вероисповест, како и кај малцинските групи во РМ. Таквите истражувања во иднина најверојатно ќе осветлат повеќе страни од она што се нарекува “ориентацијата кон социјална доминација”.

- Неповрзаност на авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација

Во спроведеното истражување корелацијата помеѓу авторитарните и ставовите за социјалната доминација беше мала и незначајна. Во наши услови би се рекло- очекувана релација, тргнувајќи од истражувачките податоци и концепцијата на Duckitt.

Имено, би се тргнало од податокот дека, во поскорешните напори да ги интегрира концептите на авторитарност и социјална доминација, Altemeyer (1998) сугерирал дека авторитарноста и социјалната доминација ги конституираат двете различни страни, лица на авторитарната личност. Според него, додека десно-ориентираната авторитарност ја опфаќа авторитарната субмисија, социјалната доминација се однесува на авторитарната доминација. Значи, тоа се две различни видови на предрасуди, кои може но, не мора да бидат поврзани.

Во поново време Duckitt (2001) предложил теоретска рамка за објаснување на флуктуирачките релации помеѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација. Според него, постојат и **интер-** и **интра** културни разлики во оваа релација. Во Западна Европа и некои други држави, политичкиот систем е идеологизиран долж широката лево-десна димензија заради постоењето и на социјалистички лево ориентирани политички партии, и либерални и конзервативни десно-ориентирани партии. Како консеквенца, авторитарноста и социјалната доминација можат да си влијаат еден на друг, бидејќи двете се однесуваат на политички десната ориентација. Во САД и неколку други држави, оваа широка лево-десна димензија е помалку важна поради отсуството било на голема социјалистичка лево-ориентирана партија или либерално и/или конзервативна десно-ориентирана партија. Во оваа линија на резонирање, било најдено дека

авторитарноста и социјалната доминација се силно поврзани во Белгија, Англија, Германија и Нов Зеланд, додека, само слаба релација се доила во САД, Јужна Африка, Полска и Украина. (Duckitt, 2001)

Познато е дека во комунистичката ера, политичкиот спектар имал недостаток на десно-ориентирани партии. Иако после падот на комунизмот, во поголемиот број земји, меѓу кои и нашата, се создава еден високо сложен политички спектар, во нив сеуште нема јасна лево-десна димензија во основата на политичката преференција на граѓаните.

Што се однесува до интра-културните разлики (кои исто така ги предвидел Duckitt во релацијата авторитарност - социјална доминација), Duckitt, а претходно и Middendorp (!978) покажале дека силниот политички интерес и инволвираност во политичкиот живот покажуваат црвсти и определени идеолошки ставови, а последователно и силна поврзаност помеѓу авторитарноста и социјалната доминација.

Имајќи ги предвид овие сознанија, лесно може да се очекува неповрзаност на авторитарните и ставовите за социјална доминација- барем што се однесува во контекст на интер-културните разлики додека, во контекст на интра-културните разлики не би можеле да коментираме со оглед на тоа дека, ниту политичкиот интерес, ниту инволвираноста во политичкиот живот на испитаниците не беа варијабли на истражувачкиот интерес.

- Влијанието или уделот на персоналните фактори во идеолошките ставови

Иако влијанието на заканата врз авторитарните и ставовите за социјалната доминација беше примарен интерес, истражувачките резултати понудија и анализа на оној сегмент, кој условно можеме да го наречеме влијанаие на личните карактеристики. Имено, Duckitt во својот теоретски каузален модел предвидел дека **човековиот поглед на свет** е концептуализиран како верувања на индивидуата за природата на социјалниот свет, за тоа какви се другите, какви се очекувањата тие да се

однесуваат кон неа, како и начинот на кој тогаш би требало та да се однесуваат кон нив. Овие верувања се под влијание на индивидуалната социјализација и личноста- што значи дека ќе бидат прилично стабилни со текот на времето. Сепак, тие директно ќе ја одразуваат и социјалната реалност (опкружување) онаква каква што е. Значи, погледот на свет може да го набљудуваме како **делумно персонална варијабла** и да го следиме влијанието на истата врз ставовите за авторитарност и социјална доминација. Истражувачките резултати јасно покажаа дека погледот на свет директно влијае врз Агресивноста, Моралноста (кои и двете ја покажуваат авторитарната социјална контрола) и нешто со помал интензитет врз Конвенционалноста, а воопшто не влијае врз Послушноста и Традиционалноста. Значи, од тоа како некој го перцепира светот околу себе, како заканувачки или безбеден, зависи дали ќе поддржува ставови за агресивни мерки при справувањето со "отстапувачите" од редот и од нормалноста, но не зависи дали тој ќе биде послушен кон авторитетите и дали ќе ги застапува, промовира и брани традиционалните вредности. Оттука, овој податок можеби повеќе зборува во прилог на тоа дека послушноста, која не зависи од социјалните закани, повеќе е личносно определна. А што се однесува до залагањето за традиционални вредности, можеби станува збор за интернализирано однесување, стекнато низ долгиот период на социјализација, па транзиторни закани нема да имаат ефект врз истото.

❖ Делумно потврдување на моделот на Duckitt.

Duckitt во 2003 година направи напор да го истражи ефектот на социјално-срединската закана врз погледот на свет и идеолошките ставови, како што се авторитарните и ставовите за социјална доминација. Моделот сугерираше дека социјалната средина која е заканувачка и опасна ќе предизвика повисоки авторитарни ставови. Но, ефектот нема да биде директен или автоматски, туку, промените во социјалната средина ќе предизвикаат повисоки авторитарни ставови кај индивидиуте, само ако тие го променат својот поглед

на свет, а тоа се всусшност- индивидуалните верувања дека социјалниот свет навистина станал опасно и застрашувачко место. Промената во погледот на свет најверојатно ќе се случи кога индивидуите ја гледаат конкретната социјална промена како навистина значајна и потенцијално трајна. Така, секој ефект на социјалната закана врз иделошките ставови ќе биде под целосно медијаторство и промена на нивните погледи на свет. Согласно моделот, социјалната закана секогаш ќе има импакт пред сé и повеќе на авторитарните, отколку на ставовите на социјална доминантност. Така, секое зголемување пак на ставовите за социјална доминација ќе биде под целосно медијаторство на зголемените авторитарни ставови. (Duckitt, 2003)

Дека заканата ќе има пред се индиректно влијание врз иделошките ставови се покажа и во ова истражување. Тестирањето на теоретскиот каузален модел покажа дека заканата нема никаво директно влијание врз авторитарните и ставовите за социјална доминација. Ефектот на заканата е посредуван со погледот на свет- не е доволно да постои само заканувачка ситуација, таа треба да биде и перцепирана и доживеана како таква.

За Duckitt, дистинкцијата помеѓу компонентите или субдимензиите на авторитарноста, која се чини посебно релевантна кога се истражува влијанието на социјалната закана- е онаа која критичарите многу пати ја сугерирале: дистинкција помеѓу "вистинската" (правата) авторитарност и конзервативноста. Оваа дистинкција ќе го гледа "правата" авторитарност како нешто што ја вклучува Алтмејеровата компонета *авторитарна агресија,* која значи поддршка на отсечна, казнива, цврста и репресивна социјална контрола. Конзервативноста би ги вклучувала пак компонентите: конвенционалност и авторитарната субмисивност, што пак е конформност кон традиционални, застарени, немодерни, конвенционални социјални вредности, институции и авторитети. (Martin, 2001; Ray, 1985)

Ако авторитарноста, онаа правата, и конзервативноста можат да бидат емпириски одвоени, тогаш се покажало дека е возможно социјалната закана да има помоќен ефект врз првата отколку врз втората компонентна, барем за краток временски период. Па така, според Duckitt, ако социјалната средина

одеднаш стане заканувачка и опасна, индивидуите можат рапидно да ги променат своите идеолошки верувања, вредности и ставови за поддршка и одобрување на авторитарната социјална контрола (авторитараната агресија), додека верувањата и вредностите инволвирани во конвенционалниот конзервативизам можат да покажуваат мала или никаква промена. Конвенционалниот конзервативизам тогаш би се менувал многу поспоро низ времето и зависно од промените во авторитарната социјална контрола. Како таа ќе станува поинтернализирана и ќе се генерализра се повеќе, така ќе расте и конзервативизмот.

Моделот на Duckitt беше докажан во насока на тоа дека заканата имаше индиректно влијание врз агресијата и моралноста, а тие се двете димензии, кои ја конституираат скалата на авторитарна агресија или вистинската авторитарност, според Duckitt.

Моделот на Duckitt не беше докажан во насока на тоа дека заканата немаше ниту индиректен ефект врз конвенционалноста и традиционалноста, кои во моделот на Duckitt се именувани како скала на Конзервативност. ?????веројатно имлицира сеуште нецелосно интернализрана и негенерализирана агресивност. Дискутабилен е всушност временскиот период на закана што е потребен за да таа предизвика суштински промени во ставовите на конзервативност.

Моделот на Duckitt не беше докажан и во делот на индиректното влијание на социјалната закана врз ставовите за социјална доминација, но, за тоа веќе беа наведени културните разлики како најверојатни причини.

❖ Хипотетични наспроти реални сценарија

На крај мора да се напомене дека ова истражување анализира одговори на **испитаници кои се соживуваат со хипотетични, а не реални услови**. Резултатите од истржувањето би добиле поголема поткрепа кога ставовите за авторитарност и социјална доминација би се испитувале во реални и актуелни услови, што претставува предизвик, но и истражувачка обврска за

понатамошни лонгитудинални истражувања на авторитарните и ставовите за социјална доминација.

## Сеуште отворени прашања, дилеми

❖ Нивоа на анализа на авторитарноста: индивидуална, агрегатна

Познато е дека самата концепција на авторитарноста настанала на претпоставките на индивидуалната психологија во интеракција со социолошката анализа, односно, врз основа на хипотезата дека глобалната општествена трансформација (распадот на традиционалната заедница и настанокот на граѓанското општество) довела до потребата за наоѓање цврсти рамки на просудување и припаѓање, како и општествено прифатливи облици на изразување на натрупаните фрустрации.

Интересно е што концептот на авторитарност истовремено инсистира и на **конкретниот поединец,** кој повеќе или помалку е авторитарен, зависно од својот личен развој, но истовремено и на авторитарноста како **особина на глобалното општество**, односно на фактот што авторитарните наклонетости на конкретниот припадник на општеството даваат битно обележје на функционирањето на вкупните социјални, во прв ред, политички институции. Тука, во текот на многугодишното истражување на авторитарноста, неминовно се мешаат две нивоа на анализа- **индивидуална и агрегатна**, така што се поставува прашањето, *дали воопшто е можно еднозначно да се зборува за авторитарноста?*

❖ Авторитарност- димензија на личност или димензија на идеолошки социјални ставови; идеолошки импликации на авторитарноста

Еден од проблемите со концептот на авторитарноста се однесува на фактот дека е тешко да се истражуваат одредени диспозиции на личноста независно од социјалната содржина. Според тоа, постојано е присутно прашањето- *дали F-скалата и скалата за десно-ориентирана авторитарност, RWA, мерат авторитарност како диспозиција, особина на личноста, што би значело дека тоа е востановен начин на реагирање назависно од содржината, или, дека тоа се всушност низа на ставови*

*спрема конкретни социјални објекти и односи?* Најдоследен во својата критика на таквиот пристап на авторитарноста беше Rokeach (1960), кој инсистираше на потребата за операционализација на концептот на авторитарност, независно од конкретните содржини и вредности. Тој ги воведе поимите *Отворена* и *затворена свест*, кои понатаму ги сведе на концептот на ***догматичност***. Имено, спеpед Rokeach општата авторитарност треба да се сфати како начин на мислење, а не како специфичен систем на уверувања. Тој начин на мислење го нарекува догматизам, чија главна карактеристика е **затворениот систем** на уверувања, затворена свест (анг.ориг.- closed mind), цврсто поврзан систем на уверувања, при што упорно се одбива прифаќање на се што му противречи на тој систем.

Овде секако е нужно да се наведе постоењето на уште еден концепт на личност, што се обидува до одредена мерка да го објасни односот меѓу личноста и идеолошките ориентации, но, од една сосем поинаква теориска позиција- теоријата на учење. Станува збор за концепцијата на Eysenck, која во анализата на факторската структура на политичките ставови, покрај димензијата радикализам-конзервативизам, воочува постоење на уште една, друга димензија, која има подлабоко психолошко значење. На едната страна на димензијата се наоѓаат практични, материјалистички насочени, екстровертирани лица, кои комуницираат со околината било врз основа на сила (војник) или манипулација (истражувач). На другата страна се наоѓаат теоретски, идеалистички, интровертирани личности, кои кон проблемите пристапуваат или размислувајќи (филозофи) или верувајќи (свештеници). Eysenck тој фактор го опшува како практично-теориска дихотомија и ја применува терминологијата на W. James: "tough-minded" i "tender-minded" ("тврди" и "меки" личности). Во своите исражувања Eysenck многу детално ја разработува таа друга димензија и и дава одредана смисла. Факторската анализа покажала дека таа димазија е потполно независна од димензијата радикализам-конзервативизам. Таа се утврдува во степенот на агресивност, ригидност и наклонетост кон доминација. Но, притоа Eysenck, не се обидува да даде некоја нова типологија; по негово мислење, постои само еден

идеолошки фактор во подрачјето на ставовите, а тоа е факторот радикализам-конзервативизам. А другиот фактор (Eysenck го неракува "Т" фактор, според типологијата на James), не е некој друг идеолошкиситем, туку е само "проекција на некои варијабли на личноста на подрачјето на социјалните ставови." Согласно на оваа хипотеза, поединците се распоредени на идеолошкиот континуум зависно од своите социјални ставови; како тие ставови ќе бидат изразени зависи од особините на личноста на поединците. (Според Siber, 1998)

Истражувањата кои биле направени откако на сцената се појавила и Алтмејеровата скала за десно-ориентирана авторитарност, RWA, покажувале дека таа доследно предвидува широк ранг на политички, идеолошки и интергрупни појави (феномени). Но и ваквиот поглед- дека скалата мери димензија на личност- сериозно бил ставен под знак прашалник. Некои критичари истакнале дека тврењата од RWA скалата, и нејзината претходничка F-скала, всушност не се поврзани со персонални црти и однесувања, туку повеќе ги изразуваат социјалните ставови и верувања од поширока идеолошка природа. Ова се чини јасно дури и од бегол преглед на тврдењата од скалата за десно-ориентирана авторитарност. Имено, тврдењата како што се оние во двете скали изразуваат евалуативни верувања за природата, структурата и организацијата на општеството како и за сопствената улога на поединецот, неговото однесување, местото на поединецот во релацијата со општеството и дригите важни социјални групи. Наспроти тоа, личноста се однесува на индивидуалните релативно трајни диспозиции за однесување на конзистентен начин во разни ситуации. Тврдењата во персоналните скали се такви специфични тврдења за тоа како индивидуите обично се однесуваат во разните животни ситуации.

Една од добрите причини зошто авторитарноста изгледа подобро концептуализирана како димензија на идеолошки социјални ставови отколку како димензија на личност се истражувањата кои сугерирале дека авторитарноста може да биде високо реактивиен (бурно да реагира), и значајно зависен од социјалната ситуација. Бројни судии покажале дека

социјалната закана високо корелира со авторитарноста, иако тоа не е случај со персоналните закани. (Feldman & Stenner,1997; Rickert, 1998) Понатаму, повеќе експериментални и лонгитудинални студии покажале дека станува збор за причинско-последична поврзаност: зголемена социјална закана причинува зголемена авторитарност. Altemeyer, на пример, покажал дека кога на студентите им било дадено сценарио во кое идното Канадско општество би било во економска и политичка криза со ескалиран криминал, невработеност и тероризам, нивните скорови на скалата за десно-ориентирана авторитарност- се зголемиле последователно.

Во конкретното истражување се покажа дека социјалната закана во голем дел ќе го определи верувањето дека се живее во опасен свет, а последователно, индиректно ќе предизвика повисоки авторитарни ставови, барем врз некои нивни компоненти. Тоа е, би се рекло, уште еден скромен придонес кон гледањето на авторитарноста како димензија на идеолошки социјални ставови. Од друга страна пак, во истражувањето се покажа дека социјалната закана нема никакво, дури ни индиректно влијание врз некои компоненти на авторитарноста, како што се **послушноста**, прифаќањето на **традиционални** и **конвенционални** вредности. Овој податок, претходно коментиран, би се рекло зборува во насока на постоење на компонети на авторитарноста, повеќе личносно определени, чие манифестирање е прилично независно од моменталните општествено-социјални закани. Ваквото гледање на авторитарноста, дел како димензија на социјални ставови, а дел како димензија која има личносна подлога, веќе беше посочено од страна на Eysenck, но повеќе во концептуална, отколку во содржинска смисла. Имено, можеби ние навистина би можеле да зборуваме за постоење на две поопшти димензии на авторитарноста, прилично независни една од друга, но од податоците на ова истражување неможеме да кажеме ништо повеќе. Ова се разбира има значење само во насока на поттикнување на идни истражувања. Сепак, податокот дека на заканата реагираат само некои компоненти, а други- не, никако не треба да биде

занемеран, иако е сврстуван во делот на сеуште отвоени прашања и дилеми во областа на авторитарноста.

*Факт е дека* потполно ослободување на концептот на авторитарноста од содржината на секојдневните односи и вреднувања е можно исклучиво со примена на графички стимулуси, кои се ослободени од секаква вербализацицијa, но останува прашањето, дали таквото "соголување" на концептот на авторитарноста би не задоволило во анализата на комплексните политички појави, во рамки на кои, всушност, и настанал самиот концепт.

❖ Што всушност значат опсервираните повисики на скорови на скалата за десно-ориентирана авторитарност?

Feldman беше еден од оние истражувачи во областа на авторитарноста кој постојано нагласуваше дека најверојатно не е самата авторитарност таа што се зголемува соочена со транзиторната, срединска закана, туку повеќе врската помеѓу авторитарноста и нејзините ставски и бихејвиорални манифестации или консеквенци. И уште повеќе, "лист-молив" мерките на авторитарност, сеуште се само индиректни индикатори на неопсервирачкиот конструкт, па така можно е опсервираните зголемувања на скоровите на скалата да рефлектираат и да значатат зголемување на манифестациите на авторитарноста соочена со заканата, повеќе отколку актуелни промени во цртата која лежи во основата на тие манифестации. "Познатите мерки на авторитарноста всушност често се однесуваат и зборуваат за **специфични манифестации на цртата**, како предрасуди и нетолеранција, кои повеќе можеме да ги дефинираме као зависни варијабли, отколку како индикатори на независната варијабла: **авторитарна предиспозиција**." (Feldman, 1997) И во конкретното истражување, авторитарноста, мерена со скалата за десно-ориентирана авторитраност, RWA (т.н. лист-молив мерка) е сфатена како зависна варијабла повеќе отколку како индикатор на наезависната варијабла. Но, во истото истражување немаме мерка која која ќе ја претствува авторитарноста како

предиспозиција (скалата за верување во опсен свет, DWS, сеуште не е таква мерка, а истовремено е уште една *лист-молив* мерка), па оттука, неможеме со сигурност да заклучиме што всушност значат повисоките скорови на скалата за десно-ориентирана авторитарност, но сигурно претствуваат уште еден предизвик за понатамошни истражувања, а воедно не ја затвораат дискусијата за заложбите на Feldman.

## *Авторитарноста - сепак хипотетички конструкт!*

"Уште Adorno и неговите соработницити биле свесни дека во фокусот на нивното истражување е проблематиката на предрасудите, дека она што го мерат е само диспозиција за прифаќање на предрасуди, а дека авторитарноста е всушност хипотетска, теориска конструкција, која во рамките на една поширока парадигма, овозможува смислено интерпертирање на емпириските наоди." (Siber, 1998)

Но, како што хипотетичките конструкти не се крајна цел на една наука, туку нивниот хипотетски дел претставува предизвик за научниците, така и концептот на авторитарноста, без оглед на сите дилеми, критики, теориски недоречености, емпириски некозистентности, методолошки забелешки, неодговорени прашања, бил и сеуште е многу поттикнувачки за нови можности за анализа на сложните социјални случувања.

"А она што со голема сигурност може да се каже и покрај сите критики од методолошка, теориска и интерпретативна природа, е тоа дека тој преовладувачки авторитарен карактер е "благодарна" почва за разни облици на манипулација, а посебно за **внатрешна - во групата- хомогенизација** и за искажување на **агресија кон надворешните групи**. **Предрасудите** се составен дел на таквиот карактер, а само од **надворешните услови (кризи, фрустрации)**, зависи нивното изразување." (Siber, 1998)

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Колку заканите од надворешниот свет се поголеми, толку повеќе веруваме дека светот во кој живееме е опасен. **Ефектот на социјална закана врз погледот на свет е моќен и линеарен.**
- **Ефектот на социјалната закана врз авторитарни ставови и ставовите за социјална доминација постои, но е помал и нелинеарен**. Највисоки авторитарни ставови имаше групата од заканувачките услови, а највисоки ставови за социјална доминација имаше групата од контролните услови.
- **Не постои поврзаност помеѓу авторитарните ставови и ставовите за социјална доминација**. Дали испитаниците ќе поддржуваат, или не, групни хиерархии во општеството воопшто не е поврзано со тоа дали тие истовремено ги одобруваат и промовираат авторитарните вредности.
- **Се покажа очекуваниот индиректен ефект на заканата врз авторитарните ставови.** Заканата не влијае директно на авторитарните ставови, а со тоа со сигурност се отфрла едноставниот модел: зголемена закана- повисоки авторитарни ставови. Останува „на сила" интеракцискиот модел кој претпоставува индиректно влијание на заканата врз авторитраните ставови преку погледот на свет. Не е доволно само да постои закана- потребно е поединецот и да ја доживува заканата како таква.
- **Постојат повеќе компоненти или димензии на авторитарните ставови**, кои различно реагираат на социјалните закани.
- **На социјалните закани, преку погледот на свет, реагираат ставовите за примена на агресивни мерки во зачувувањето на редот во општеството и одбрана на моралните стандарди и вредности** (Димензијата која Duckitt ја нарече авторитарна социјална контрола, а чии тврдења беа истите кои беа именувани како Агресивност и Моралност во ова истражување)
- **Социјалната закана нема никакво (ниту директно, ниту индиректно) влијание врз ставовите за социјална доминација.**

# Резиме

*Во јуни 2005 година беше спроведено истражување чија цел беше тестирање на теоретскиот каузален модел на Duckitt, кој претпоставуваше индиректен ефект на социјалната закана врз идеолошките ставови, какви што се авторитарните и ставовите за социјална доминација, преку субјективниот поглед на свет.*

*Субјекти во истражувањето беа 196 студенти од неколку институти при "Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

*После привичното тестирање на истражувачките инструменти, беше аплицирано истражување кое делумно го потврди претпоставениот каузален модел.* ***Социјалната закана навистина има индиректен ефект врз авторитарните ставови, но не на сите нејзини компоненти, а нема никакво влијание врз ставовите за социјална доминација***.

*Имено, со зголемување на нивото на заканата се зголемуваат верувањата дека светот околу нас е опасен, а ваквите промени се пратени со повисоки авторитарни ставови. Од авторитарните ставови, на заканата посебно реагираат ставовите за примена на агресивни мерки за зачувување на редот и мирот во општеството и одбрана ма моралните норми и вредности.*

*Социјалната закана нема никаков ефект врз ставовите за социјална доминација. Авторитарните ставови не корелираат со ставовите за социјална доминација.*

*Истражувањето освен што потврди дел од каузалниот модел на Duckitt, отвори можности за нови истражувања и теоретизирања во областа на авторитарноста и социјалната доминација и поконкретно, во дефинирање на влијанието на социјалните закани врз авторитраните ставови и ставовите за социјална доминација.*

# Литература


Adorno, T. W., Frenkel-Brunswik, E., Levinson, D., & Sanford, N. (1950). *The authoritarian personality.* New York: Harper & Row

Altemeyer, B. (1981). *Right-wing authoritarianism.* Winnipeg: University of Manitoba Press

Altemeyer, B. (1988). *Enemies of Freedom:* Understandin Right-Wing Authoritarianism, San Francisco, Jossey-Bass

Altemeyer, B. (1996). *The authoritarian specter.* Cabridge, MA: Harvard University Press.

Altemeyer, B. (1998). The other "authoritarian personality." *Advances in Experimental Social Psychology, 30, 47-92*

Altemeyer, B. (2003). What Happens When Authoritarians Inherit the Earth? A Simulation. *Analyses of Social Issues and Public Policy, Vol. 3, No. 1, pp 161-169*

Bernard, E. & Whitley, Jr. (2000). The Gender Belief System, Authoritarianism, Social Dominance Orientation and Heterosexuals` Attitudes Toward Lesbians and Gay Men. *Sex Roles: A Journal of Research, June, 1-24*

Doty, R.M., Peterson, B.E., & Winter, D.G. (1991). Threat and authoritarianism in the United States, 1978-1987. *Journal of Personality and Social Psychology, 61, 629-640*

Duckitt, J. (1989). Authoritarianism and group identification:A new view of an old construct. *Political Psychology, 10, 63-84*

Duckitt, J. (1993). Righ-wing authoritarianism among white South African students: Its measurement and correlates. *Journal of Social Psychology, 133, 553-563*

Duckitt, J. (2001). A dual process cognitive-motivational theory of ideology and prejudice. *Advances in Experimental Social Psychology, 33, 41-113*

Duckitt, J. (2003). The impact of Social Threat on Ideological attitudes. *Political Psychology, 24, 199-222*

Duriez, B., Van Hiel, A. and Kossowska, M. (2004). Authoritarianism and Social Dominance in Western and Eastern Europe: The importance of the socio-political interest and involvement. *Department of Psychology, Tiensestraat 102, b-3000 Leuven, Belgium*

Duriez, B. and Van Hiel, A. (2004). A comparision of Social Dominance Orientation and Authoritarianism. *Department of Psychology, Tiensestraat 102, b-3000 Leuven, Belgium*

Feldman, S. (2003). Enforcing Social Conformity: A Theory of authoritarianisam. *Political Psychology, 24, 41- 74*

Feldman, S., & Stener, K. (1997). Perceived threat and authoritarianisam. *Political Psychology, 18, 741- 770*

Fromm, E. (1941). *Escape from freedom.* New York: Holt, Rinehart and Winston.

Fromm, E. (1986). *Zdravo drustvo.* Zagreb, Naprijed i Beograd, Nolit

Goertzel, T. (1987). Authoritarianism of personality and political attitudes. *Journal of Social Psychology, 127, 7-18*

Greenstain, F. I. (1975). *Personality &Politics.* New York, Norton

Henry, P.J., Sidanius, J., Levin, Sh., Pratto, F. & Nammour, D. (2003). Social Dominance Orientation, Authoritarianism, Religious Identification and Support for Terrorism in the Middle East. Working Paper # 186. *Russell Sage Foundation, 112 East 64th Street, New York, NY 10021*

Hewstone, M. (2002). Intergroup bias (social prejudice). *Annual Review of Psychology, 1-47*

Лазароски, Ј. (1994). Националната приврзаност и особини на личноста. *Психологијата и транзицијата, 34 -*

Levin, Sidanius, Rabinowitz, & Federico, 1998

Levy, S.R., (1999). Reducing Prejudice: Lessons From Social-Cognitive Factors Inderlying Perceiver Differences in Prejudice. *Journal of Social Issues, winter issue, pp 1-28*

Lippa, R., & Arad, S. (1999). Gender, personality and prejudice: The display of authoritarianism and social dominance in interviews with college men and women. *Journal of Research in Personality, 33, 463-493*

Martin, J. L. (2001). *The Authoritarian Personality,* 50 years later: What lessons are there for political psychology? *Poltical Psychology, 22, 1-26*

McFarland, S.G (1998). *Toward a typology of prejudiced persons.* Paper presented at the annual meeting of the International Society of Political Psychology, Montreal, Canada, July

Oppenheimer, J.R. (1963). *The Open Mind.* New York: Simon and Schuster

Overbeck, J.R., Jost, J.T., Mosso, C. & Flizik, A. (2004). Resistant versus acquiescent responses to Ingroup inferiority as a function of social dominance orientation in the USA and Italy. *Group Processes & Intergroup Relations, Vol 7(1), 35-54*

*Panic Ideology.* http://freedonia.com/panic/ideology/html

Peterson, B., Doty, R., & Winter, D. (1993). Authoritarianism and attitudes toward contemporary social issues. *Personality and Social Psychology Bulletin, 19, 174-184*

Pratto, F. (1999). The puzzle of continuing group inequality: Piecing together psychological, social and cultural forces in social dominance theory. *Advances in Experimental Social Psychology. 31, 191-263*

Pratto, F. et al. (2000). Social dominance orientation and the legitimization of inequality across cultures. *Journal of Cross-Cultural Psychology, 31, 369-409*

Pratto, F., Sidanius, J., Stallwort,L., & Malle, B. (1994). Social dominance orientation: A personality variable predicting social and political attitudes. *Journal of Personality and Social Psychology, 67, 741-763*

Pratto, F., Sidanius, J., Stallwort,L. & Siers, B. (1997). The gender gap in occupational role attainment: A social dominance approach. *Journal of Personality & Social Psychology, 72, 37-53*

Pratto, Stallworth & Conway-Lanz, 1998

Pratto, Stallowort & Sidanius, 1997

Ray, J. (1976). Do authoritarianism hold authoritarian attitudes? *Human Relations, 29,* 307-325

Ray, J. (1982). Authoritarianism/Libertarianism as the second dimension of social attitudes. *The Journal of Social Psychology, 117, 33-44*

Ray, J. (1983). Half of all authoritarians are left-wing: A replay to Eysenck and Stone. *Political Psychology, 4,* 139-143

Ray, J. (1985). Defective validity in the Altemeyer authorianism scale. *Journal of Social Psychology, 125, 271-282*

Ray, J. Authoritarianism is leftist, not rightist. http://members.optusnet.com.au/~jonjayray/leftauth.html

Reynolds, K., Turner, C. J., Haslam, A. S. & Ryan K.M. (2001). The Role of Personality and Group Factors in Explaninig Prejudice. *Journal of Experimental Social Psychology, 37,* 427-434

Rickert, E. J. (1998). Authoritarianism and economic threat: Implications for political behavior. *Poltical Psychology, 19, 707-720*

Rokeach, M. (1960). *The open and closed mind.* New York: Basic Books

Rokeach, M. (1960) *The Open and Closed Mind.* Investigations Into the Nature of Belief Systems. New York: Basic Books

Sales, S. M. (1973). Threat as a factor in authoritarianism: An analysis of archival data. *Journal of Personality and Social Psychology, 28,* 44-57

Sales, S. M., & Friend, K.E. (1973). Success and failure as determinants of level of authoritarianism. *Behavioral Science, 18, 163-172*

Sidanuis, J., & Liu, J.H. (1992). The Gulg War and the Rodney King beating: Implications of the general conservatism and social dominance perspectives. *Journal of Social Psychology, 132, 685-700*

Sidanuis, J., & Pratto, F. (1999). *Social dominance.* New York: Cambridge University Press

Sidanuis, J., & Pratto, F. (1999). *Social dominance: An intergroup theory of social hierarchy and oppression.* Cambridge: Cambridge University Press

Sidanuis, J., & Pratto, F. (2001). *Social dominance: An intergroup theory of social hierarchy and oppression.* Cambridge: Cambridge University Press

Siber, I. (1998). *Polticka psihologija.* Zagreb: Politicka kultura

Симовска, Е. (2003). Авторитарната свест - кочница за човековите права И за демократската политичка култура. *Човекови права како демократска вредност.* Скопје: Фондација Фридрих-Еберт

Симовска, Е., Габер, Н. & Бабунски, К. (2001). *Политичката култура на граѓаните во Република Македонија.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје

Stanford, N. (1973). *Authoritarian Personality in Conterporary Perspective.* Nandbook of Political psychology, Joseey-Bas

Siber, I. (1998). *Polticka psihologija.* Zagreb: Politicka kultura

Трајковски, И., Поповски, М. (1997). Диспозициските димензии на демократската транзиција во Македонија. *Форум Аналитика, 1, 71-88*

Wilson, G. D. (1973). The *Psychology of Conservatism.* London: Academic Press

## Прилог бр.1

Емпириска валидност на скалата за десно-ориентирана авторитарност

*Дали RWA скоровите всушност корелираат со Десно-ориентираното авторитарно однесување?*

"Ја дефиниравме цртата во детали. Развивме мерка за таа црта, а интерната конзистентност на мерката ја подржа идејата дека таа црта навистина постои. Но дали таа мерка навистина корелира со видот на однесување кое ние всушност сакаме да го разбереме и кое беше поттик за нејзино конструирање? Дали RWA скалата има емпириска валидност? Тоа претставуваше вториот голем тест на валидноста на мерката, а значеше детално испитување на студиите за авторитарна субмисивност, авторитарна агресија и конвенционализам." (Altemeyer, 1996)

Емпириски докази за авторитарната субмисивност /АС/

*Студии за поврзаноста на авторитарноста со злоупотребата на моќта*

Уште од првите денови на своето постоење, RWA скалата покажувала дека генерално може да се прави разлика помеѓу луѓето кои почесто прифаќаат нефер, па дури и нелегални акции, однесувања на официјалните власти и оние, кои не ги прифаќаат истите така лесно. (Altemeyer, 1981)

- Податоци кои зборуваат повеќе за поврзаноста помеѓу авторитарноста и толеранцијата на злоупотребите на службената должност, како и малверзациите на официјалните власти, според Altemeyer доаѓаат од Аферата Watergate. Речиси сите испитани 700 Американски студенти го прифатиле извинувањето на американскиот претстедател Richard Nixon за своите злосторства и изјавиле дека многу долго му верувале на својот претседател. Всушност, многумина сеуште верувале дека Nixon бил невин. Корелацијата помеѓу RWA скоровите и оваа бескрајна доверба била 0,51 (Altemeyer, 1981, стр 224-227)

- Граѓаните во современите демократии обично се заштитени од злоупотреба на моќта со уставни гаранции. Но, постојат интересни истражувања, во кои се покажува дека ниту Канадската Повелба за Правата и Слободите (Canadian Chapter), ниту познатиот Американски нацрт за правата и слободите(Bill of Rights), обезбедуваат целосна поддршка од десно-ориентираните авторитарци. Во 1986 Altemeyer спровел едно интригирачко истражување: 500 студенти од Manitoba Универзиетот ги ставил во ситуација да реагираат на едно "писмо до уредникот", се разбира лажно (кое самиот го конструирал), а во кое се напаѓа Canadian Chapter. Овој документ (пишувало во пимото) бил еден од најголемите грешки на канадските власти што некогаш го направиле, бидејќи условил голем дел од социјалните проблеми "давајќи право на секого, без ралика кој е и што направил". Altemeyer вака ги коментирал резултатите: "Студентите покажале мала приврзаност (симпатија) со смешните обвинувања што јас ги смислив, продуцирајќи (на скала од 0 до 6) аритметичка средина од 2.46 со тоа "колку разумно" звучело

писмото и само 1.22 артиметичка средина со сложувањето дека Повелбата треба законски да се укине. Но RWA скоровите корелирале 0,42 и 0,45 со овие ставови. Значи појавно тие ги прифаќаат законските акти со кои се гарантираат граѓанските права и слободи, но суштински се против нив."[27] (Altemeyer, 1996)

- Други истражувачи исто така дошле до податокот дека авторитарците покажуваат многу мал интерес за зачувување и одбрана на човековите права и слободи. Moghaddam and Vuksanovic (1990) нашле дека RWA скоровите на студентите од Универзитетот McGill корелираат високо со нивните индиферентни ставови кон прашања за човековите права во Канада, Советскиот Сојуз и Третиот Свет.

Емпириски докази за авторитарната агресија /АА/

### *Казнување на прекршителите на законите*

RWA скоровите често ја предвидуваат должината на изречените казни на (хипотетски прикажани) прекршители на законите. Студентите од Manitoba Универзитетот кои се наоѓале високо на RWA скалата изрекувале подолги казни на прекршителите, повеќе верувале дека прекршокот е поголем и посериозен, а и во тоа дека суровите казни ќе го сменат однесувањето на криминалците, во споредба со неавторитарците. (Altemeyer, 1981, 232-234) Во споредба со нив, првите ги перцперираат криминалците како *поодбивни, поодвратни и чувствуваат лично задоволство казнувајќи ги*. Истата тенденција се забележува и кај родителите на студентите.[28]

Американските студенти ги покажувале истите трендови како и нивните колеги во Канада. Три судења зададени во 1990 на Универзитетот во Pitsburgh и Houston нашле корелација на RWA со висината на изречените казни од 0,28 до 0.51 (Altemeyer, 1981, стр. 252).

Серија на случаи со варирање на социјалнот статус на криминалците продуцирале интересни резултати во 1979 година. Од една страна, високите авторитарци биле еднакво сурови кон *жената на инвестицискиот консултант* и кон *самохраната мајка*, и двете прогласени за *виновни* за

---

[27] Altemeyer во февруари 1990 спорвел слично истражување на 57 студенти од Државниот Универзитетот San  Francisco, само што сега тој го "напаѓал" Американскиот нацрт за правата и слободите и Врховниот Суд на САД. Писмото започнувало на овој начин: *Ако некој за момент се запре за да размисли ќе сфати дека, најголем дел од проблемите со кои денес се соочуваме, можат да се припишат на Загарантираните Права-или попрецизно, на начинот на кој тој нацрт е интерпретиран од Врховниот Суд. Слободата на говорот беше извртена во значење дека порнографските куќи можат да ги продаваат своите гнасотии и секој јавно може да каже што скаа, без разлика дали е тоа добро за општеството или не. И правото на среќа беќе извретено во значење дека жената може да абортира кога сака ако не е среќна што е бермена....*
Овој проглас генерално бил одбиен од студентите на Универзитетот, но RWA скоровите повторно виско корелирале со тврдењето за разумноста на прогласот (r= 0.62) и со сложувањето за укинување на Американскиот Нацрт  (r= 0.50).

[28] Тие исто така покажуваат супстанцијална корелација помеѓу авторитарноста и казнивоста во судски спорови. Корелацијата 0,52 била добиена во истражувањето на 10 судски случаи а 0.33 во 1986 во експеримент со 3 прекршочни случаи.

злоупотреба на деца. Тие исто така еднакво ги казнуваат и *агентот за осигурување* и *зависникот од дрога*, двајцата обвинети за грабеж на банка. Но, од друга страна, тие покажуваат релативна попустливост кон казните изречени за *полициски офицер*, кој буквално претепал протестант на улица и посебно биле попустливи за казнување на *офицерот* на Американските воздухопловни сили, обвинет за убиство. Вакви *двојни* лични стандарди, високо авторитарните покажуваат и при изрекувањето на казни за *про-хомосексуални* и *контра- хомосексуални* активности. (Enemies Of Freedom 112-114). Ако анти-хомосексуален водач предизвика тепачка со група демонстранти- хомосексуалци, авторитарците ќе тежнеат кон попустливост во изрекувањето на неговата "заслужена" казна. Кон спротивното, казнивост, ќе тежнеат истите, ако про-хомосексулаен водач предизвика тепачка со обични улични демонстранти.

Altemeyer заклучува дека верувањето на авторитарците во казнувањето и нивното уживање во изрекување на казните, генерално доведува до одредување на подолги затворски казни за прекршителите на законите. "Ова нема да биде случај само кога прекршителите на законите се власти на кои тие им се воодушевуваат. "

*Непријателство кон хомосексуалци.*

"RWA скоровите можат да го објаснат непријателството кон хомосексуалците (машки и женски), подобро од било која друга персонална варијабла. RWA скоровите корелирале негативно со осуда на тепањето и малтретирање на хомосексуалци и во двата испитани примероци, 175 студенти и 337 нивни родители во 1991 год." (Altemeyer, 1988, стр.166-177)

*Агресија кон жени.*

"Помеѓу машките студенти на Manitoba Универзитетот никогаш не најдов поврзаност помеѓу RWA скоровите со изјавите за сексуална навреда на жени. Но, Wolker, Rowe и Quinesy (1993) нашле значајна корелација помеѓу RWA скалата и сексуалните навреди, изјавени во рамки на Истражувањето за Сексуални искуства помеѓу 157 универзитетски студенти. Податоци во овој контекст биле потврдени и во студиите на Malmuths (1981), каде е најдена позитиван корелација меѓу RWA скоровите и наклонетоста кон насилен секс."[29] (Altemeyer, 1981).

*Други цели на агресија.*

Peterson, Doty и Winter (1993, според Altemeyer, 1996) нашле RWA скорови корелирани со сентименти како бездомниците се "мрзливи" а не "несреќни"; Leak и Randall (1995) исто така ги прашувале студентите од Omaha Универзитетот едноставно да посочат на скала од 1-5 колку непријателски се чувствувале и однесувале кон различни целни групи како атеисти, уживатели на дроги, бездомници. Мала, но значителна RWA конекција била добиена со сите именувани целни групи.

*Posse.*

[29] И Check (1985) потврдил поврзаност помеѓу RWA скалата и Скалата за Непријателство кон жената; Burt (1980) меѓу RWA скорвите и Скоровите на Скалата за Прифаќање на интерперсонално насилство.

Овој назив значи вооружен одред на луѓе кој и помага на полицијата во нејзините акции, а е составен од локално насление кое сака да се вклучи во полициските хајки. Во 1982 Altemeyer започнал со прашување на субјекти *колку далеку би отишле во помагањето на властите за уништување на некои одредени групи на луѓе*- прилично директна мерка за авторитарната агресија. Во својата книга Altemeyer дава пример за еден таков прашалник насочен кон гонење на *радикалните групи.*[30] Голем дел од испитаниците одговарале дека несакаат да имаат ништо со ваквите програми. Но, кога целните групи биле Комунисти, Хомосексуалци или Религиозни секти и култови, авторитарните Manitoba студенти и родители одговарале со понизок степен на одбивање на понудените тврдења, а некаде се појавило дури и мало сложување со истите. Вакви истражувања биле повторени неколкупати и секогаш ги давале резултатите во истата насока (Altemeyer, 1988, стр. 114-117, 181, 183)

**Емпириски докази за конвенционализмот**

Altemeyer во својата книга Authoritarian Specter изнесува податоци за приближно 150 студии и истражувања, чија цел била да се испита каква е поврзаноста на авторитарноста со прифаќањето на традиционални, конвенционални сфаќања и верувања. Меѓу нив се:

-Истражувања кои ја покажуваат **корелацијата помеѓу авторитарноста и конвенционалните религиозни верувања.**[31]

*Авторитарните Христијани тежнеат повеќе да веруваат во религиозните учења во споредба со неавторитарните. (Altemeyer, 1996)

*Слично Rubinstein (1996, според Altemeyer, 1988) открил строга поврзаност помеѓу RWA скоровите и ортодоксните религиозни верувања и помеѓу Еврејските и помеѓу палестинските стиденти во Израел. [32]

-Истражувања кои ја покажуваат **приврзаноста на авторитарците кон традиционални полови улоги**. Неколку студии беа прикажани од Altemeyer во кои десната авторитарност тежнее кон прифаќање на традиционални полови улоги.[33]

---

[30] Субјектите биле ставени во ситуација да се изјаснуват колку се согласуват со трвдењата како *Би кажал на полицијата за сите радикали што ги знам; Ако бараат валстите би помогнал во гонењето и затворањето на радикалите; Би поддржал употреба на физича сила за да ги натерам радикалите да го признаат идентитетот на останатите радикали..*

[31] На родители и студенти од Унивезитетот Manitoba, на возрасни испитаници во истражувањетона Sltemeyer; Wyli и Forest (1992) им била задавана Скала за Христијанска Ортоксност соджана од ајтеми како: *Библијата е Господова реч дадена да го води човештвото во милост и спасение; Исус бил роден од девица; Бог ги слуша нашите милитви; Исус ја претворил обичната вода во вистинско вино. ..* RWA скоровите корелирале позитивно со секој ајтем на оваа скала во секој истражуван примерок.

[32] Ортодоксните Евреи биле скорирани значително повисоко на RWA од традиционалните Евреи, кои пак биле "лоцирани" повиско на скалата од секуларните Евреи

[33] Тој открил висока корелација помеѓу RWA скоровите и кај машкиот и кај женскиот примерок испитаници со скоровите на Скалата за ставови кон жената (Скала конструирана од Spence и Helmreich (1978), а посебно со двата ајтеми кои најдиректно ги поддржуваат традиционалните полови улоги: *Жените помалку треба да обрнуваат внимание на нивните права, а повеќе како да станат подобри соруги и мајки; Жената не треба да очекува да може да оди на истите места, или да ја има истата слобода како и мажите).*

Walker и Quinsey (1991) соопштуваат за екстремно висока корелација (0,78) помеѓу RWA скоровите и скоровите на скалата на Kalin и Tilby (1978) за *идеологијата на половите улоги* кај машки примерок испитаници. (студенти и возрасни испитаници.) (Altemeyer, 1996)

-Истражувања кои зборуваат за **конформизмот со групните норми**. Во 1983 Altemeyer им ја задал на своите студенти RWA скалата, а по една седмица побарал од нив повторно да одговорат на тестот, но овој пат до секој ајтем бил напишан и просечниот скор на тој ајтем од претходното истражување на истиот примерок, со објаснување дека многумина студенти се интересираат како другите студенти ги одговарат истите прашања и сакаат да се споредуваа со нив. И двете групи на испитаници, и оние кои се наоѓале "долу", и оние кои се наоѓале "горе" на скалата, кои по дефиниција биле еднакво оддалечени од просечниот, среден скор, се приближиле кон центарот во ретест ситуацијата. Но, високо авторитарните се приближиле кон средината два пати повеќе од ниско авторитарните, а "разликата беше доволно голема што неможеше просто да се објасни со регресија кон аритметичка средина. Оваа поголема сензитивност кон нормите (во дескриптивна смисла), дури и за теми како што е хомосексуалноста, може да се припише на големата желба на авторитарните личности да бидат *нормални*. Во 1985 година ги прашав 168-те студенти од мојот Универзитет и 270 родители, заедно со девет други вредности да ја рангираат и вредноста *нормалност*. Во двата примероци, десно-ориентираните авторитарци тежнеат да дадат повосок ранг на *нормалноста*".(Altemeyer, 1988, стр. 310-311)

- Истражувања кои ја покажуваат **поврзаноста со Скалите на Конзервативизам.** Tarr и Lorp (1991, според Altemeyer, 1996) ја задале Скалата на Конзервативизам на 339 студенти во Источниот дел на САД. Тестот покажува однос кон нешта како *поддршка за силни воени сили* и *лојалност, лимитирање на активностите на Федералното Истражно Биро*. RWA скоровите корелирале 0,57 со *да се биде конзервативен*.

- Истражувања кои ја покажуваат **поддршката на одредени политички партии**. Високите авторитарци покажуваат конзистентна но, обично слаба тенденција за поддржување на десно-ориентираните политички партии. [34] (Altemeyer, 1981, стр 203-204, 209-211, 221-222)

Во овој контекст, *Интересот за политика* се покажал како важен *модератор*. Значаен дел од примерокот испитаници на Altemeyer се изјаснил дека има мал и никаков интерес за политика. "Кога би се издвоиле тие испитаници кои немаат интерес, а би се разгледувале само оние кои имаат интерес за политика, кои впрочем знаат и се информирани за состојбите во

[34] Во англиското говорно подрачје во Канада, луѓето кое се симпатизери на Прогресивната Политичка Партија речиси секогаш се скорирани повисоко на RWA скалата, од оние кои ја фаворизираат централната Либерална Пртија. Скоровите на Либералите пак, обично се на повисоко место на скалата од приврзаниците на социјалистичката Нова демократска Партија. Ове поврзаности, најдени на примерок стиденти од Универзитетите од Онтарио до Британска Колимбија, на родители и студенти од Manitoba Универзитетот, на два случајни избрани примероци од изборните листи во Manitoba, биле типично ниски, аналогно на корелации од 0,20 до 0,30.

политиката, тогаш RWA конекциите со партиската преференција се значително појасни и поцврсти.” (Altemeyer, 1996)

Altemeyer (1996) понатаму соопштува дека неколку студии во други држави го потврдиле истиот партиски образец на преференции. Feather (1993) нашол дека авторитарните возрасни Австралијанци тежнеат да ја подржат десно-ориентираната Либерална Партија повеќе отколку Лабуристичкта Партија. Во Израел, Rubinstein (1996) открил дека високо авторитарните Еврејски студенти почесто се идентификуваат со десно-ориентирани политички и религиозни партии. И Палестинските високи авторитарци исто така тежнеат да ги поддржат екстремно десно-ориентираните партии- најголем дел од нив религиозни фундаменталисти.

McFarland заедно со своите колеги во поранешниот Советски Сојуз и Русија, Ageyev и Abalakina, известуваат за тенденцијата на високо авторитарните кон конзервативната Pamyat група и Комунистичката Партија во 1989 година. [35] (Altemeyer, 1988)

Од многубројните истражувања и резултати Altemeyer заклучил дека виако речиси сите резултати од наведените студии вклучуваат уште еден (покрај RWA скалата) т.н лист и молив (папер-анд-пенцил) инструмент, што навистина полесно се корелира со RWA отколку поважното, однесувањето, (како на пример гласање за време на избори), сепак не може да не се потврди дека РЊА скалата има значајна емпириска валидност (Altemeyer, 1996) .“

[35] Во 1995 авторите поворно известуваат за сеуште присутната поддршка што ја даваат авторитараците на Комунистите (и рускиот национализам) и несимпатиите кон демократијата меѓу 440 интервјуирану Московски субјекти во Октомври 1993 година.

**Прилог бр.2**

Студија:
The March of Modern Fascisn
A comparision of Social Dominance Orientation and Authoritarianism
Bart Duriez, Departmenmt of Psychology, Katholieke Universiteit Leuven (Belgium)
Alain Van Hiel, Department Development and Personality Psychology, Ghent University, (Belgium)
350 Белгиски испитаници, студенти биле замолени да ги интервјуираат сопствените соседи. Сите испитаници биле католици, 35% мажи и 65% жени, со различно ниво на образование.

**СДО, Авторитарност и вредности**

Schwarts (1992) на база на теоретските анализи и екстензивни емпириски истражувања, идентификувал 10 различни вредности типови: Моќ, Постигнување, Хедонизам, Стимулација, Само-насоченост, Универзалност, Традиција, Конформизам, Сигурност /Безбедност/ и Љубезност /Дарежливост/. Според него, овие вредности врз база на нивната компатибилност и конфликт помеѓу нивните мотивациски цели, можат да бидат варанжираниг на дводимензионална циркуларна структура. Едната димензија е *Отвореност кон промени* версус *Конзервативизам*, а другата димензија е *Самоприфаќање* версус *Сопствена трансцедентност /надминливост/.*

***СДО, Авторитарност и Религиозност***

Повеќепати било забележано дека религиозноста и фундаментализмот се типични за етноцентризмот и авторитарноста Altemeyer и Van Hiel аргументирале дека религиозноста е типична за *авторитарците* но, не и за *социјалните доминатори.* Оваа хипотеза е базирана на опсервациите дека, во некои култури, авторитарците преферираат традиционални, религиски партии и фашистички партии. И повеќе, Altemeyer известил дека религиозниот фундаментализам е позитивно поврзан за Авторитарноста, но не и со SDO. (Altemeyer 1998)

***СДО, Авторитарност, Културен и Економски Конзервативизам***

Middendorp (1978, според Altemeyer, 1998) разликувал *културален конзервативизам* (КК) наспроти димензија *прогресивност*, при тоа подразбирајќи ставови кои се против или за социјална промена и практикување на индивидуални права и слободи, и *економски конзервативизам* (ЕК), наспроти димензија на *прогресивност,* при тоа подразбирајќи степен на економска еднаквост помеѓу луѓето. Авторите очекувале КК и ЕК различно да бидат поврзани со SDO и Авторитарноста, така што последната да биде позитивно корелирана со КК додека SDO позитивно корелирана со ЕК.

***СДО, Авторитарност, возраст, ниво на образование и морални компетенции.***

Според Lind (2000), моралната компетентност би имала посакуван производ, резултат на морално демократски компетенции. Имено, висока морална компетентност се однесува на внатрешната конзистентност на индивидуалното морално резонирање, дури и под притисок за прифаќање на не-морални фактори како мислење на мнозинството, предрасуди, насилни авторитети. (Lind, 2000). Последователно, авторите очекувале дека посебно Авторитараноста ќе биде негативно поврзана со моралната компетентност.

McFarlan и колегите забележале дека, додека повеќе студии соопштуваат за негативната поврзаност на Авторитараноста со нивото на едукација (како и интелигенцијата и когнитивната комплексност) (McFarland, 1998, 1999), SDO се покажала како неповрзана со нивото на едукација (McFarlan & Adelson, 1996) како и со когнитивната комплексност и интелигенција. Возраста исто така би била негативно поврзана со Авторитараноста, но неповразна со SDO.

***Авторите ги соопштиле и дискутирале резултатуте на овој начин:***

*Најдена е силна позитивна корелација меѓу SDO и Авторитарноста.

*И SDO и Авторитарноста биле силно позитивно корелирани со расизмот.

- Оттаму се коментарите дека предрасудите се нешто што SDO и Авторитарноста со сигурност го имаат за заедничко, но, со оглед дека Авторитарноста и SDO произлегуваат од различни побуди, авторите заклучуваат дека *Социјалните доминатори и авторитарците се расно предрасудни личности, но од различни причини, првите поради потребата за оправдување на заложбите на социјално статусните разлики, а вторите заради некритичкото прифаќање на изјавите од почитуваните авторитарни фигури, кои ги оцрнуваат останатите групи.*

*SDO е негативно поврзана со возраста, додека обратното важи за авторитарците.

*SDO е неповрзана со моралната компетентност и со нивото на едукација, додека Авторитарноста покажува негативна поврзаност и со двете.

- Оттаму коментарите на авторите дека овие резултати всушност ја поддржуваат тезата дека: За социјалните доминатори не може да се каже *едноставно се со предрасуди*, како авторитарците, туку нивните предрасуди се многу пософистицирани. Високите SDO скорови можат да покажуваат стил на мислење кој рефлектира форма на “модерен расизам” кој се појавува на суптилен начин, кога е безбеден, социјално прифатлив и едноставен за рационализација (Dovidio & Gaertner, 1997). “Така, иако болеста во основа останува иста, надворешно видливите симптоми на расизмот можат да се менуваат. Модерниот фашизам не е

повеќе затворен ум (closed-minded bigot), туку интелектуалец, кој перфектно е способен да го искаже, изрази својот поглед на свет на таков начин, што ќе звучи не само прифатливо, туку и атрактивно за општата јавност. Ова може да има важни општествени последици. Присуството на расистички ставови помеѓу *социјалните доминатори* може да предизвика големо влијание и на јавната политика и на мислењата на другите луѓе, во споредба со старомодните предрасуди на авторитарците. Ова влијание на социјалните доминатори нема да биде успешно земено предвид се додека и медиумите и политичарите не разберат дека фашистичката личност поминала низ неколку големи промени. " (Duriez, B. and Van Hiel, A., 2004).

- SDO е помодерна форма на предрасуди од Авторитарноста и заради тоа што таа не е повеќе врзана со културалниот конзервативизам. Што се однесува до економскиот конзервативизам, се забележале спротивни резултати: Авторитарноста не е повеќе повраза со ЕК. Овие резулати ја потврдуваат идејата на Lippa и Arad (1999) дека Авторитарноста е поврзана со презервацијата на групните норми, додека SDO претставува насока (пат) на супериорноста и моќта. Исто така било забележано дека лицата со висока SDO всушност признаваат дека се против поголемата дистрибуција на богатствата (Altemeyer, 1998); повеќе ја фаворизираат приватизацијата, гласаат за пониски такси за бизнисмените и за богатите, и се за помала вклученост на парламентот во економијата.
- На крај, SDO е помодерна форма на предрасуди од Авторитарноста и поради тоа што е високо секуларизирана. Ова е во линијата на изјавата на Altemeyer дека, религиозноста е типична за авторитарноста но, не и на SDO, и со Van Hiel и Mervielde, кои нашле дека за авторитарците, традиционалистичката Христијанско Демократска Партија е валидна алтернатива за а-религиозната фашистичка партија.
- Дека SDO и Авторитарноста се различни видови на предрасуди покажуваат и поврзаностите на овие две мерки со вредносните обрасци. Авторитарноста покажува јасна позитивна корелација со конзервативните вредности кои се однесуваат на сигурност, конформизам и традиционалност, и јасна негативна врска со вредностите од страната на димензијата: отвореност кон промени, кои се однесуваат на стимулација, самонасоченост, како и со хедонизмот. SDO пак, ја карактеризираат различни вредносни обрасци. Таа покажува позитивна поврзаност со вредностите- отвореност на промени, кои се однесуваат на стимулацијата и хедонизмот; неповразност со конзервативните вредности кои се однесуваат на конформизмот и сигурноста, а негативно е поврзана со традицијата. Уште повеќе, SDO е исто така позитивно асоцирана со вредностите на само-прифаќање, кои се однесуваат на моќ и постигнување, а негативно со вредностите на само-трансцедентност (надминување) кои се однесуваат на универзализам и Добротворност /ориг. benevolence, благонаклонетост/.

На крај авторите уште еднаш подвлекуваат дека нивните резултати ја подржуваат идејата на Lippa & Arad (1999) за тоа дека "авторитарноста е поврзана со зачувување на групните норми (нормите на сопствента група) и традиција, додека SDO претставува насока, пат за супериорност и моќ." (Duriez, B. and Van Hiel, A., 2004).

**Студија:**
**Авторитарноста и СДО во Западна и Источна Европа**

Оваа студија тестирала 1)Дали магнитудата на релациите помеѓу десно-ориентираната авторитарност (RWA) и SDO е стабилна **низ** и **во** културите и 2) Дали нивните различни релации се доказ и зборуваат за различните генези, начини на нивно настанување.[36]

Во поскорешните напори да ги интегрира двата концепти, Altemeyer (1998) сугерирал дека RWA и SDO ги конституираат двете различни страни, лица на авторитарната личност. Според него, додека RWA ја опфаќа авторитарната субмисија, SDO се однесува на авторитарната доминација. Иако Altemeyer ја концептуализирал Авторитарноста како персонална карактеристика, критичарите покажале дека ајтемите на RWA скалата, како и нејзината претходничка F-скалата, повеќе опфаќаат социјални ставови и верувања од широка идеолошка природа, отколку што зборуваат за присуство на персонални карактеристики (Duckitt, 2001; Duckitt et al,2002). Во иста линија, Pratto и нејзините соработници ја опишале SDO скалата како мерка на трајни верувања. (Pratto et al ,1994)

I) Крос и интра културни разлики во релацијата RWA-SDO

а) Крос културни разлики. Веќе беше споменато дека RWA и SDO неколкупати покажуваат дека се моќни и релативно независни предиктори на предрасудите. Но, и покарј тоа, RWA и SDO релацијата се чини дека флуктуира прилично многу низ различни студии. Во поново време Duckitt (2001) предложил теоретска рамка за објаснување на овие флуктуирачки релации. Според него, постојат и **крос** и **интра** културни разлики во оваа релација. Меѓутоа, тоа не значи дека се губи од предиктивната вредност на двете во однос на предрасудите. Имено, тие остануваат независни предиктори на предрасудите дури и во примероци во кои RWA и SDO не се силно поврзани. Овој податок пак зборува за различната генеза на RWA и SDO. Оваа студија имала токму тоа за цел: подетално да ги разгледа релациите RWA - SDO.

RWA - SDO релација

Добиените разлики во релацијата Duckitt ги припишувал на социо-политичкиот контекст. Во Западна Европа и некои други држави,

---

[36] Истражување на тема: Authoritarianism and Social Dominace in Wester and Eastern Europe: The importance of the socio-poltical context and poltical interest and involvement.
Bart Duriez, Alain Van Hiel and Malgorzat Kossowska
Malgorzat Kossowska, Institute of psychology, Krakow, Poland

За оваа цел, два студентски примероци (N=684), три возрасни примероци (N=553) и примерок на политички активисти (N=69) биле испитани во Белгија и еден примерок на возрасни (N=232) бил испитан во Полска.

политичкиот систем е идеологизиран долж широката лево-десна димензија заради постоењето и на социјалистички лево ориентирани Политички Партии, и либерални и конзервативни десно-ориентирани партии. Како консеквенца, RWA и SDO можат да си влијаат еден на друг, бидејќи двете се однесуваат на политички десната ориентација. Во САД и неколку други држави, оваа широка лево-десна димензија е помалку важна поради отсуството било на голема социјалистичка лево-ориентирана партија или либерално и/или конзервативна десно-ориентирана партија. Во оваа линија на резонирање, било најдено дека RWA и SDO се силно поврзани во Белгија, Англија, Германија и Нов Зеланд, додека, само слаба релација се доила во САД, Јужна Африка, Полска и Украина. (Duckitt, 2001)

Во Белгија[37], јасната лево-десна димензија го истакнува дискурсот на политичката "елита" и луѓето се во можност да ги лоцираат политичките партии по должината на таа димензија. Во Полска пак, во комунистичката ера, политичкиот спектар имал недостаток на десно-ориентирани партии. Иако после падот на комунизмот се создал еден високо сложен политички спектар (со не помалку од 60 Политички Партии кои партиципирале во првите избори), таму сеуште нема јасна лево-десна димензија во основата на политичката преференција на граѓаните.

Резултатите од оваа студија: во Белгија забележана висока корелирација на RWA и SDO, а во Полска- не, само се приклучија кон емпириските податоци кои ја поддржуваат теоретската концепциска рамка на Duckitt за крос- културните разлики во RWA-SDO релацијата.

б)Интра-културни разлики. Што се однесува до интра-културните разлики (кои исто така ги предвидел Duckitt во RWA-SDO релацијата), било потребно да се разгледа како политичката социјализација и политичката инволвираност влијаат на таа релација. Duckitt, а претходно и Middendorp (1978, според Duckitt, 2001), покажале дека силниот политички интерес и инволвираност во политичкиот живот покажуваат црвсти и определени идеолошки ставови, а последователно и силна RWA-SDO поврзаност. Во тој контекст, во оваа студија се споредувала релацијата RWA - SDO меѓу возрасни и студенти, (значи меѓу лица кои го сочинуваат гласачкото тело и оние кои сеуште се прилично неактивни во изборните процеси-студентите), како и меѓу сите овие и политичките активисти.

Резултатите покажале дека политичката социјализација има лимитиран импакт. Но, податоците за двете корелации (релацијата RWA - SDO во примерокот студенти и примерокот возрасни), кои биле значително послаби од онаа во примерокот на политички активисти, сугерирале дека

[37] Во Белгија, какои во најголемиот број други земји во Западна Европа, полтичките партии можат да бидат сместени долж пространата лево-десна димензија , со лево ориентирани И десноориентирани ПП подеднакво силни. И СДО бидејќИ И девте се однесуваат на политички десната ориентација. Во земјите во кои, било социјалстичките левоориентирани или либерално или конзртваивните десноориентирани партии доминирале во полтиката долг веременски период, како што е случај со поранешните комунистички партии И земјите како САД, оваа лево-десна димензија ќе биде помалку значајна. Во овие случаи И полтиКчите ставови нема да бидат (или барем ќе бидат во помал степен) идеологизирани долж лево-деснат димензија.

политичката инволвираност е поважна од социјализацијата во објаснувањето на интра-културните разлики во релацијата RWA - SDO.

II) За да се истражат потенцијално различните генези на авторитарноста и ориентацијата на социјална доминација, бил тесиран медијацискиот модел, кој предложува: Влијанието на вредностите врз социо-политичките ставови ќе биде различно во зависност од RWA и SDO, кои тука (во ова влијание) имаат улога на медијатори. Имено, RWA и SDO се сфаќаат како трајни верувања од широка идеолошка природа, кои се поспецифични во споредба со вредносните ориентации но, и помалку специфични (или поопшти) во однос на предрасудите и конзервативните ставови. Медијациониот модел тргувајќи од емпириските податоци дека RWA и SDO се моќни, но релативно независни предиктори на предрасудите (од претходното истражување), сугерира дека : 1) Вредносната димензија *Отвореност на промени - Конзервација* ќе има ефект врз предрасудите и Културниот конзервативизам, но не и врз економскиот конзервативизам, а овој ефект ќе биде со медијаторство на RWA и 2) Вредносната димензија *Самоодобрување-Селф-трансцедентност* ќе има ефект врз предрасудите и Економскиот Конзервативизам но, не и врз Културниот Конзервативизам и овие ефекти ќе бидат со медијаторство на SDO. Ако овој медијационен модел се докаже, тогаш е обезбеден доказот за различната генеза на RWA и SDO. Освен теоретската значајност, овој интегративен модел очигледно има и практична релевантност затоа што би дозволил евалуација на потенцијалниот успех на едукационите програми, кои се обудуваат да ги редуцират предрасудите промовирајќи одредени вредности. Конечните резултати ја поддржале претпоставката за различната генеза на RWA и SDO. Ефектот на Вредносната димензија *Отвореност на промени - Конзервација* бил целосно модериран од RWA (и во најголем број случаи не- од SDO), а ефектот на Вредносната димензија *Самоодобрување- Селф-трансцедентност* бил целосно модериран од SDO (и во њјаголем број случи не од RWA). И уште повеќе, како и во претходно споменатата студија, во најголем број на случи Вредносната димензија *Отвореност на промени - Конзервација* имала ефект врз Културниот но, не и врз Економскиот Конзервативизам (ефект под медијаторство на RWA, но, не и на SDO), а Вредносната димензија *Самоодобрување- Селф-трансцедентност* имала ефект врз Економскиот но, не и КК (ефект кој бил под медијаторство на SDO но, не и RWA). [38]

---

[38] Меѓутоа примерокот на политички активисти ии Послкиот примерок претствувале исклучоци на некои од овие толку јасни наоди во Белгсикиот приеморк. Имено, И во двата примероци, покрај тоа што е најден примарниот ефект на вреносните ориентации најден И додатен ефект- Во групата на полтички активисти, најдене ефект од Самоодобрување- Селф- трансцедентност врз Културниот Конзервативизам, кој бил под медијаторство И на RWA И на SDO (кој може да с еобјасни со држењето на поцврсти ставови кај полтики активисти), а кај Полскиот примреок, Отвореност на промени - Конзеравација имала ефект врз Економскиот К (кој бил делумно модериран И од RWA и SDO), но и Самоодобрување- Селф-трансцедентност имала ефект врз КК наместо врз ЕК, а ефектот бил модериран од RWA наместо од SDO. Овие резултати сугерирале дека генезата на RWA и SDO зависи барем делумно од социлајно-полтичкиот контекст.

**Прилог бр. 3**

## *Сценарио со закана*
## *Македонија после десет години*

Замислете си дека сега е 2015 година (10 години после сега). На личен план ситуацијата практично е иста како што сте очекувале или планирале да биде. Па така, вашите лични преокупации како што се работа, кариера, семејство, деца, пријатели се токму онакви какви што сте планирале да бидат. И Вие сеуште живеете во Македонија. Но, додека работите на личен план не Ви се промениле неочекувано, во Македонија, земјата во која живеете, се случиле драматични и далекусежни промени.

Последниве 8 години биле екстремно лоши години, за македонското општество, најстрашни од нејзиното постоење како самостојна држава. Проблемите кои изгледале решливи во 2005 година, сега е сосем јасно дека нема да се решат.

Поради нестабиланоста во државата цените на македонскиот главен извоз почнале драстично да паѓаат и денес Македонија речиси ништо не извезува. Не постојат никакви иновативни и уносни бизниси. Од 2005 па натаму невработеноста и понатаму растеше со невидени размери. Ниедна поголема фабрика не работи. Сите сме на работ на егзистенцијата.

Европската Унија ја одби нашата апликација за влез во ЕУ, зашто, Македонија не само што не ги исполнува основните услови за влез туку нема ни капацитет да промени нешто. Официјално РМ нема да биде дел од ЕУ.

Криминалот царува насекаде. Речиси секое семејство е ограбено по неколку пати во последната година. Силувањата и убиствата се секојдневие. Улиците и преку ден станаа опасно место за живеење, без исклучок- за секого. Банди наоружани со огнено оружје контролираат региони во населните места. Македонските граѓани веќе оддамна не спијат мирен сон. Полицијата нема никаква контрола врз поголем дел од територијата на РМ.

Државата доживеа смени на неколку влади, но ниедна не успеа да се справи со натрупаните проблеми, напротив, ги продаде сите клучни ресурси, со што целосно се уништи последната надеж во институциите на системот.

Македонија не успеа да реши ниту еден проблем со соседите. Грција ги напушти преговорите за името, Србија не ја призна автокефалноста на МПЦ, Косово доби независност. Секојдневно се заканува нова војна.

Меѓуетнички тензии се продлабочија. Не најдовме заедничка основа врз која ќе ја градиме нашата иднина. Меѓусебната омразата не разјадува и депримира. Загрижените лица на македоските граѓани ни за момент не отстапуваат место на позитивните чувства. Не постои никаков капацитет за градење и прифаќање на нови вредности и норми. Никој не верува во никого.

Се на се, Македонија од држава во која сепак постоеше некаква надеж дека работите ќе тргнат на подобро, сега е на врвот на листата на најопасни и најнепожелните држави за живеење, држава со големо насилство и криминал. Мал е процентот на млади кои останаа во неа.

## *Надеж Сценарио*

